**ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА**

**НА ООУ „ТОЛИ ЗОРДУМИС“**

**Куманово**

( ПЕРИОД 2022-2024 ГОДИНА)



**СОДРЖИНА**

**1.Вовед во самоевалуацијата на училиштето**

1. Што е самоевалуација и која е нејзината цел

1.2. Процес на самоевалуацијата

1.3. Формирање тим за самоевалуација

**2.Подрачја на вреднување,индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата**

2.1.Табеларен приказ на подрачјата за самоевалуација

2.2. Техники и инструменти

2.3. Нивоа на оствареност

**1. Подрачје на вреднување Организација и реализација на наставата и учењето**

**2. Подрачје на вреднување Постигнувања на учениците**

**3. Подрачје на вреднување Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар**

**4. Подрачје на вреднување Управување и раководење**

**5. Подрачје на вреднување Комуникации и односи со јавноста**

**6. Подрачје на вреднување Училишна клима и култура**

**7. Подрачје на вреднување Соработка со родители и локална средина**

## 1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето

**Самоевалуацијата** на училиштето е процес на систематско и континуирано следење,анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.
Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како го знаеме тоа?**
- **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

**1.1. Цели на самоевалуацијата:**

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти : директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- Обезбедување на поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето.

1.2. Процес на самоевалуацијата

**Шематски приказ на процесот на самоевалуација**



| | Подрачје | Координатор | Членови |
|---|---|---|---|
| 1. | **Организација и реализација на наставата и учењето** | Даниела  Лазаревски | Фросина Манева<br>Наташа Пешевска<br>Хирмете Јашари |
| 2. | **Постигања на учениците** | Милена Петковска | Слаѓана Николовска<br>Валентина П. Благоевска<br>Афердита Беги |
| 3. | **Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** | Зејнепе Бајрами | Оливера Салтировска<br>Теута Бедиу<br>Бојана Петров |
| 4. | **Управување и раководење** | Соња Стојчевска | Елизабета Јовановска<br>Емица Стефановска<br>Селвер Абази |
| 5. | **Комунакации и односи со јавноста** | Анита Николовска | Александра Грубор<br>Сузана Николиќ<br>Рејхан Рушити |
| 6. | **Училишна клима и култура** | Весна Димитриевска | Емилија Веселиновска<br>Даниела Младеновска<br>Илбере Арифи |
| 7. | **Соработка со родителите и локалната средина** | Милена Ангеловска | Барбарда Фазлију<br>Лидија Станчевска<br>Ардита Сејдиу |

**Врз основа на член 129, став 2 од Законот за основно образование ( Сл. Весник ма Р.С.М. бр.161 од 05.08.2019 год.), на состанок на Училишен одбор на ден 03.07.2023 год.со арх. бр. 02-8/12/1 формирана е комисија за изготвување на Самоевалуација, по предлог на Директорот во состав:**

**Весна Димитриевска – психолог**

**Даниела Лазревски – педагог**

**Бојана Петров – дефектолог**

**Милена Петковска – проф. англиски јазик**

**Зејнепе Бајрами – одд. наставник, ментор**

**Анита Николовска – одд. наставник**

**Александра Грубор – одд. наставник**

**Теута Бедиу – воспитувач**

**Катерина Богдановиќ - родител**

**Лична карта на училиштето**

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Толи Зордумис“ Куманово |
| **адреса, општина, место** | Ул. „Боро Прцан“ бр.38 Куманово |
| **Телефон** | 031 412 311 |
| **Фах** | 031 412 311 |
| **е-маил** | ou-tolizordumis-kumanovo@schools.mk<br>tolikumanovo@gmail.com |
| **Фејсбук страна** | ООУ„Толи Зордумис“- Куманово |
| **Веб страна** | ooutolizordumiskumanovo.edu.mk |
| **основано од** | Собрание на општина Куманово |
| **Верификација- број на актот** | Решение број 10-1275/3 |
| **Година на верификација** | 09.06.1995 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски Албански |
| **Година на изградба** | 1962 |
| **Тип на градба** | тврда градба |
| **Површена на објектот** | 1586 $м^2$ |
| **Површина на училшниот двор** | 1560 $м^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 1050 $м^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | две смени |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно греење |
| **Број на паралелки** | 36 |
| **Број на смени** | две смени |
| **Статус на еко-училиште** | Еко училиште со интегрирана еко програма добитник на Бронзено ниво |

| | |
|---|---|
| **Број на подрачни училишта** | 1 |
| **Површина на објект** | 539 $м^2$ |
| **Верификација број** | 07-976/6 |
| **Година на верификација** | / |
| **Број на смени** | две смени |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски |
| **Површина на двор** | / |

| | |
|---|---|
| **Број на спортски терени** | / |
| **Број на паралелки** | 9 |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно греење |

**2.Подрачја на вреднување**

**2.** За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето потребно е да се согледаат **условите** во кои училиштето работи, **процесите кои се одвиваат во него** како и **резултатите** и **постигнувањата** на училиштето. Врз основа на овие три категории се дефинирани и утврдени подрачјата на вреднување и индикатори за квалитет.

| Подрачја на вреднување | Индикатори за квалитет |
|---|---|
| **1.Организација на наставата и учењето** | **Реализација на наставните планови и програми**<br>**Квалитетот на наставните планови и програми**<br>**Вонnаставни активности**<br>**Планирање на наставниците**<br>**Наставен процес**<br>**Искуства на учениците од учењето**<br>**Задоволувања на потребите на учениците од наставата**<br>**Оценување како дел од наставата**<br>**Интеграција на еколошкото образование** |
| 2**. Постигања на учениците** | **Постигања на учениците**<br>**Задржување/осипување на учениците**<br>**Повторување на учениците** |
| **3.Професионален развој на наставниците,Стручните соработници и раководниот кадар** | **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>**Следење на развојните потреби на наставниот кадар**<br>**Стручната служба како подршка на наставниот кадар** |
| **4.Управување и раководење** | **Управување и раководење со училиштето** |

| | |
|---|---|
| | **Цели и креирање на училишната политика**<br>**Финансиско работење во училиштето**<br>**Развојно планирање** |
| **5.Комуникации и односи со јавноста** | **Комуникации на ниво на училиште**<br>**Комуникации на ниво на училница**<br>**Комуникација со окружување на училиштето** |
| **6.Училишна клима и култура** | **Училишна клима и односи во училиштето**<br>**Еднаквост и правичност**<br>**Севкупна грижа за учениците**<br>**Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот** |
| **7. Соработка со родителите и локалната средина** | **Соработка на училиштето со родителите**<br>**Соработка на училиштето со локалната средина**<br>**Соработка на училиштето со деловната заедница и невладиниот сектор** |

## ПОДРАЧЈЕ: ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО

***„Највисоката уметност на секој учител е да ја разбуди желбата и страста кај учениците за креативно изразување и учење.“***

***Ајнштајн***



**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 1.0.ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО**

**Законска обврска на воспитно- образовниот кадар е да изготвува квалитетни наставни планирања, а воедно и да ги следи сите новини во воспитно - образовната работа и успешна реализација на наставните планови и програми, редовна вклученост на учениците во реализација на вонаставните активности, а со тоа и поголема афирмација на училиштето во општината и пошироко.**

| бр. | Индикатори за квалитет | Членови на работниот тим:<br>Даниела Лазаревски, училишен педагог - координатор<br>Членови: Наташа Пешевска, Фросина Манева, Хирмете Јашари<br>Т е м и: |
|---|---|---|
| **1.1** | **Реализација на наставните планови и програми** | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Приспособување на наставни програми на децата со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>• Реализација на проширени програми |
| **1.2** | **Квалитет на наставните планови и програми** | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите ( развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различност и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество)цели во образованието<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |
| **1.3** | **Воннаставни активности** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности (организирање на секции, екскурзии, приредби и др. за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците)<br>• Опфатеност на учениците со воннаставни активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставни активности<br>• Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставни активности |
| **3.1** | **Планирања на наставниците** | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| **3.2** | **Наставен процес** | • Наставни форми и методи<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Приод на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| **3.3** | **Искуства на учениците од учење** | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **3.4** | **Задоволување на потребите на учениците** | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **3.5** | **Оценувањето како дел од наставата** | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми за оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6** | **Известување на родителите за напредокот на учениците** | • Известување на родителите за напредокот на учениците |
| **6.1** | **Сместување и просторни капацитети** | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| **6.2** | **Наставни средства и материјали** | • Опременост со стручна литература  и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |

## Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

### Подрачје 1.0. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО

**Индикатор 1.1.** ***Реализација на наставни планови и програми***

| Теми: | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Приспособување на наставни програми на децата со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање на активности за реализација на слободни часови/проектните активности на училиштето<br>• Реализација на проширени програми |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Наставни планови и програми донесени од МОН и БРО**<br>• **Насоки добиени од БРО за организација и реализација на наставата**<br>• **Годишни, тематски и тематско-процесни планирања на наставниците**<br>• **Процедура за следење на планирања на наставниците**<br>• **Анкета со наставници,** | • **Применувани наставни планови и програми**<br><br>Училиштето работи по наставни планови и програми пропишани од МОН и истите во целост се реализираат од страна на наставниците. Наставата се организира и реализира согласно Наставниот план за основно образование. Училиштето нуди и ги реализира само наставните планови и програми изготвени од МОН, кои се достапни на веб-страницата од БРО, при што директорот и стручната служба на училиштето навремено ги следат сите измени, дополнувања и новитети на наставните планови и програми и навремено ги пренесуваат на наставниците. Наставниците редовно на првата родителска средба ги запознаваат родителите со наставниот план и програма, исто така на одделенските часови ги запознаваат и учениците со програмите по кои ќе ја следат наставата. Сите наставни планови и програми се реализираат во пропишаниот обем со современа, ефикасна и квалитетна настава. При тоа се внимава на индивидуаните способности и можности на учениците, со постигања на максимален развој и едукација на наставниците и учениците. Наставата е квалитетно планирана и реализирана. Врз основа на плановите и програмите, воспитно-образовниот персонал пред почетокот на учебната година изготвува годишни, тематски и тематско-процесни планирања, сценарија за часови по сите наставни предмети (задолжителни, изборни, дополнителна, додатна настава и СУА). Истите најдоцна до 15 септември во електронска форма се предаваат кај педагогот на училиштето. И во овој период особено внимание се посвети во работа на наставниците кои реализираа настава по новата концепција која веќе на почетокот на учебна 2023/24 година веќе почна да се реализира и во предметна настава (шесто одделение). Наставниците ги следеа сите обуки организирани од МОН и БРО за изготвување на квалитетни планирања. Сеуште се посветува внимание на новите начини за реализација на настава на далечина, преку примена на квалитетни алатки за истражување и совладување на материјалот.<br>Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма за работа во која ги планираат севкупните активности за реализација на наставните планови и програми, како и останати програми кои се предвидени со Законот за основно образование и со Правилникот на изготвување на Годишна програма. |

| | |
|---|---|
| **родители и ученици**<br>• **Нормативни акти на училиштето**<br>• **Педагошка евиденција и документациј а**<br>• **Записници од Совет на родители**<br>• **Записници од родителски средби**<br>• **Записници од Стручните активи**<br>• **Насоки добиени од БРО за избор на изборни предмети по нова концепција и стара програма**<br>• **Постапка за избор на изборни предмети**<br>• **Електронски дневници на паралелки**<br>• **Закон за основно образование** | Наставници изготвуваат интегрирано планирање со содржини од проектот „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем“, реализирање и планирање на часовите со примена на ИКТ технологија, домашни задачи и ИОП за деца со посебни образовни потреби, Модифицирани програми и активности на учениците и наставниците распоредени во термините од пет-шест часовен престој во училиште.<br>Годишната програма на училиштето е изготвена според најновиот правилник за изготвување на Годишна програма доставен од МОН. Наставата во овој период се реализира со физичко присуство.<br><br>• **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br><br>Училиштето има воспоставено процедури преку кои ги информира и запознава родителите со целите на наставните планови и програми, критериумите и стандардите по кои ќе работат учениците во текот на учебната година и тоа на родителските средби, час на одделенска заедница, Советот на родители и Училишен одбор.<br>За новата концепција родителите беа информирани од страна на одделенските раководители кои ги спроведоа сите постапки, заедно со педагогот на училиштето, пропишани од БРО и МОН.<br>Оваа констатација е потврдена и од најголем број анкетирани родители, додека мал број од родителите знаат дека наставните планови и програми можат да ги разгледаат на веб-страната на БРО. На истото прашање од вкупно 50 анкетирани ученици, 48 се изјасниле дека наставниците на почетокот од учебната година редовно ги запознаваат со: наставните планови и програми, темите, критериумите и стандардите по кои ќе учат во текот на учебната година и дека истите имаат можност да ги разгледаат и на веб-страницата на БРО. Наставниците вршат целосна и соодветна евиденција во записниците во електронскиот дневник за одржани родителски средби.<br>• **Приспособување на наставни програми на децата со посебни образовни потреби**<br><br>Училиштето е вклучено во мрежата на училишта за инклузија на деца со ПОП и во училиштето работи специјален едукатор и рехабилитатор кој дава поддршка на наставниците во работа со оваа категорија на ученици преку изготвување на индивидуални образовни планови за секој ученик поединечно, дава поддршка при изготвување на план и програма за училишен инклузивен тим, подготвува модифицирани програми а воедно работи и индивидуално со истите ученици. Специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето во соработка со наставниците и образовните асистенти дава поддршка на родителите на овие ученици и воедно работат со соучениците од одделенијата каде има ученици со ПОП за прифаќање и помош на истите. Во училиштето за секој ученик со ПОП кој според МКФ има одобрено образовни асистенти истите работат со нив. Специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето континуирано соработува со ресурсен центар „Иднина“ - Скопје и Центар за поддршка при ООУ „Браќа Миладиновци“ – Куманово. Во тек на месец февруари 2023 година, специјалниот едукатор и рехабилитатор учествуваше на состанок одржан во кружна сала на Комитет во Куманово организиран од Институт за специјална едукација и рехабилитација при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. |

| | |
|---|---|
| • **Интегрирани планирања на наставници во редовна настава**<br>• **Евиденција на наставници за реализација на СУА**<br>• **Програма за СУА** | • **Избор на наставни предмети**<br><br>Во согласност со Насоки за организација и реализација на наставата добиени од БРО, Водич на слободни изборни предмети за основно образование на учениците и родителите во месец мај им се нудат анкетни ливчиња со повеќе од три изборни предмети според наставниот план и програма и спецификите на локалната средина. Процедурата и постапката за определување на изборни предмети се применува во целост, со писмено изјаснување со изјава на родителите на секој ученик. Избраниот изборен предмет влегува во наставата и секоја учебна година се избира различен предмет.<br>Од спроведена анкета со вкупно 50 ученици од двата наставни јазика, на прашањето „За изборните предмети кои ќе ги изучувам во тековната година одлучува : најголем дел се изјасниле дека одлучува училиштето (30), самостојно одлучуваат 17 ученици и 3 ученици одговориле дека одлучуваат родителите.<br>Врз база на податоците собрани од родителите на учениците, во учебната 2023/24 година изборни предмети ќе бидат:<br><br>**IV1 одд.** изборни предмети се: во прво полугодие Фудбал/Футсал, во второ полугодие Образование за животни вештини - предава: Иван Крстевски проф. по ФЗО<br>**IV2 одд.** изборни предмети се: во прво полугодие Образование за животни вештини, во второ полугодие Заштита на животна средина - Предава: Сузана Николиќ, проф. по географија<br>**IV3, IV4** одд. изборни предмети се: во прво полугодие Мултикултурни работилници, во второ полугодие Фудбал - Предава: Љатифе Ајдини и Илбере Љатифи, одд.наставници<br>**IV5 одд.** изборни предмети се: во прво полугодие Заштита на животна средина, во второ полугодие Образование за животни вештини - Предава: Емилија Веселиновска, - проф.по хемија<br>Врз база на податоците собрани од родителите на учениците, во учебната 2023/24 година изборни предмети ќе бидат:<br>**V1, V2** одд. изборни предмети се: во прво полугодие Сликање/цртање/вајарство, во второ полугодие Оригами Предаваат: Емица Стефановска и Верица Гиговска, одд. наставници<br>**V3 и V4** одд. изборни предмети се: во прво полугодие Заштита на животна средина, во второ полугодие Оригами - Предава: Афердита Беги и Рејхане Рушити, одд. наставници<br>**V5** одд. изборни предмети се: во прво полугодие Сликање/цртање/вајарство, во второ полугодие Моден и компјутерски дизајн - Предава Никола Трајковски, проф.по музичко образование<br><br>Врз база на податоците собрани од родителите на учениците, во учебната 2023/24 година изборни предмети ќе бидат:<br>**VI1** одд. изборни предмети се: во прво полугодие Оригами, во второ полугодие Мултикултурни работилници - Предава: Станче Спасевска, проф по техничко образование |

| | |
|---|---|
| | **VI2** одд. изборни предмети се: во прво полугодие Градење интерперсонални односи, во второ полугодие Градинарство/хортикултура - Предава: Слаѓана Миташевска, проф по француски јазик<br>**VI3 и VI4** одд. изборни предмети се: во прво полугодие Етика на религии, во второ полугодие Мултикултурни работилници - Предава: Рајмонда Имери, проф. по веронаука<br>**VI5** одд. изборни предмети се: во прво полугодие Оригами, во второ полугодие Моден и компјутерски дизајн - - - Предава: Мила Доневска, проф по ликовно образование<br>Врз база на податоците собрани од родителите на учениците, во учебната 2022/23 година изборни предмети ќе бидат:<br>**VII1, VII2,VII3, VII4,VII5** одд. изборен предмет е Техничко образование - предаваат Станче Спасевска и Рамадан Мурати, наставници по ТО<br>**VIII1, VIII2, VIII3 и VIII5** одд.изборен предмет е Проекти од информатика - предава Фросина Манева, проф по информатика<br>**VIII4** одд. изборен предмет е Истражување на родниот крај - предава Ваљиде Адеми, проф по математика<br>**IX1, IX 2, IX 3, IX5** одд. изборен предмет е Програмирање - предава Фросина Манева, проф по информатика<br>**IX 4** одд. изборен предмет е Нашата татковина - предава Ваљиде Адеми, проф по математика.<br>Некои од наставниците работат по превземени програми од сајтот на БРО, додека други изготвуваат свои програми кои ги доставуваат на одобрување од БРО.<br><br>• **Планирање на активности за реализација на слободни часови/проектните активности на училиштето**<br><br>Интересите и желбите на учениците за проширување на знаењата, развивање на талент, воспитен процес, училиштето ги задоволува во рамките на своите можности. За таа цел во училиштето се развиваат најмногу проектни активности за развивање на мултикултурализмот, со оглед на тоа што во училиштето наставата се изведува на два наставни јазици. Наставниците индивидуално работат со оние ученици кои покажуваат посебен интерес кон одредени предмети на часовите по додатна настава и индивидуални средби и истите се испраќаат на натпревари.<br>Во училиштето група од четириесетина ученици е вклучена во реализација на еколошки проекти според однапред изготвен План на активности. Исто така постои евиденција на ученици вклучени во Еко- проект. Планот на активности е во согласност со состојбата и структурата на училиштето за поставените цели да дадат конкретни и видливи резултати во тек на учебната година. Примери за тоа се: собрани средства од хартија за рециклирање, уреден училишен двор, заштеда на вода и електрична енергија, кампања за здрава храна, изготвени брошури, билтен, флаери, Еко маало и проект за енергетска ефикасност, Саем на храна за патронен празник во учебна 2022/23 година и др. Веќе неколку години со ред во планирањата на наставниците на постојните наставни предмети се интегрираат еколошки содржини на по неколку часови.<br>Во однос на развивање на мултикултурализмот голем број од учениците се вклучени во различни проекти каде се |

| | |
|---|---|
| | потенцира дружење, запознавање, почитување на различности, толеранција и др. Училиштето знае да ја искористи воедно и предноста од тоа што наставата се одвива на два наставни јазици и е единстевен пример во градот каде со огромна заложба на вработените се гради почит и толеранција. Активно работеа тандемите наставници од Проектот Нансен-интегрирано образование, мешаните секции по ФЗО, Техничко образивание (учениците активно учествуваат на сите натпревари кои што се организираат од страна на Општината и Сектор за превенција од Безбедни училишта со мешани групи на ученици) и англиски јазик со ментори наставници на двата наставни јазици.<br>Проектните активности добро се испланирани од страна на одговорни наставници кои имаат изготвени програми за работа со сите субјекти во училиштето. Вклучени се ученици од сите националности, со почитување на нивните афинитети, желби и интереси за реализирање на активностите. Секој од наставниците редовно води сопствена евиденција и евиденција во електронските дневници, изготвува извештај за сработеното, и преку организирање на промотивни настани се отсликува целокупната работа на учениците, наставниците и родителите. Бидејќи од учебна 2023/24 година смените во ЦУ ќе бидат определени на поинаков начин (една смена ученици од македонски наставен јазик, а друга смена ученици од албански наставен јазик) овие активности ќе се реализираат по договор на тандемите наставници.<br>Училиштето на учениците, континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните активности. Програмите за слободните активности самостојно ги изработуваат и нудат наставниците на учениците, кои исто така самостојно треба да се определат и пријават во кои ќе земат учество. Учениците не се ограничени во учеството (освен да учествуваат најмногу во две), ниту пак се случува било каква дискриминација при запишувањето во некоја воннаставна активност.<br>При спроведената анкета со 50 наставници, на прашањето „Дали во СУА учетвуваат и ученици со послаб успех?“ најголем број од наставниците, дури 44 одговориле дека се согласуваат и само 6 наставници дека не се согласуваат.<br>При анкетата со родителите, вкупно 50, на прашањето: „Не ми пречи моето дете да учествува во СУА со деца од друга етничка припадност“, најголем број (27) одговориле дека потполно се согласуваат, 19 родители дека се согласуваат, 4 родители не се согласуваат и нема ниту еден кој потполно не се согласува.<br><br>• **Реализација на проширени програми**<br><br>Во училиштето сеуште недоволно се реализираат проширени програми во однос на тоа со што сè се располага како интелектуалните можности и потребите на учениците. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 1.0.ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО**

**Индикатор 1.2.** ***Квалитет на наставните планови и програми***

<table>
<tr><td>Теми:</td><td><ul><li>Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала</li><li>Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала</li><li>Интегрирање на општите цели (развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различност и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество) цели на образованието</li><li>Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми</li></ul></td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td><ul><li>Записници од Стручни активи</li><li>Анкета со наставници, родители и ученици</li><li>Програма за развивање на мултикултурализам</li><li>Одделенски дневници</li><li>Записници од Наставнички совет</li><li>Записници од Совет на родители</li></ul></td><td><ul><li>Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала</li></ul> Наставниот план и програма во целост го помага личниот и општествениот развој на учениците. Училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање на сите предмети од одделенска и предметна настава во однос на стандардите за оценувањето и водење на електронска документација. Од страна на БРО и МОН се организирани семинари за едукација на наставниците со следење и примена на сите новини во воспитно-образовниот систем. Поголем дел од наставниците се соочуваат со потешкотии во организација и реализација на новата концепција за учење и забелешките ги доставуваат до стручните активи кои пак се обраќаат до БРО – ПЕ Куманово. БРО во соработка со МОН организираа бројни вебинари за користење на е- алатки во наставата со учење на даалечина. Училиштето им нуди на учениците програми од одредени области каде што тие можат да ги задоволат своите интереси и на тој начин индивидуално да се истакнат. Во таа смисла во училиштето постојат и се реализираат активности од областа на развивање на мултикултурализмот, почитување на различноста и основните човекови права од аспект на полова и етничка припадност, меѓуврсничко насилство а сето претходно разработено со испланирани активности ставени во склоп на Годишната програма на училиштето. Родово-инклузивен курикулум не значи само постигнување на родова рамноправност во училиштата туку и обезбедување на родово сензитивни наставни содржини. Еден дел од овие наставни содржини училиштето ги планира и реализира во програмата за часот на одделенската заедница според програмата Образование за животни вештини преку која е зголемена мултикултурната сензитивност и рамноправност кај учениците. Постои можност за нагласување на половата различност и родовата еднаквост бидејќи на возраста на учениците во основното образование настануваат најголемите антагонизми помеѓу момчињата и девојчињата. Темите кои се изучуваат на оваа возраст се обработуваат како разговори и дискусии. На овој начин учениците искуствено ќе научат да ги </td></tr>
</table>

почитуваат разликите без предрасуди и омаловажување на соговорникот и ќе ги надминат етничките стереотипи.

**Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**

Наставниците ги прилагодуваат наставните планови и програми со одликите на локалната средина, така што одделни наставни предмети се дополнуваат со одредени специфични карактеристики за нашата заедница. Тоа посебно се однесува на одбележување и учество на сите значајни датуми и манифестации, културно - историски настани, различни натпревари, проекти и настани од областа на науката и културата. Поголем дел од наставниците во своите планирања имаат интегрирано соодветни содржини прилагодени на потребите на локалната средина и нејзините обележја. По предметите македонски јазик, албански јазик, историја - општество, биологија, истражување на родниот крај, природни науки наставниците работат и содржини за запознавање на учениците со позначајните празниците кои се прославуваат во Републиката: 8 Септември, 11 Октомври, 11 Ноември, Нова година , Божиќ , Велигден, Бајрам, Ден на дрвото, Ден на екологија и др.

Наставните планови и програми училиштето ги прилагодува на карактеристиките на локалната средина преку организирање на набљудувања, излети, посети на културно-историски споменици, важни државни институции и културни манифестации.

**Интегрирање на општите (меѓупредметните развивања на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различност и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество) цели на образованието**

Наставните планови и програми преку новите наставни содржини и новите поставени цели го помагаат и личниот и општествениот развој на сите ученици без разлика на родовата и етничката припадност со ставање акцент на: јакнење на самодовербата, секојдневна соработка, меѓусебно договарање, разрешување на конфликтите на најсоодветен начин и сл.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметни цели (развивање на самодоверба, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Р.С. Македонија како мултикултурно општество во сите наставни планови и програми што се реализираат). Некои од овие цели се реализираат од наставници само на одредени часови, а пред се, се застапени во програмата од „Образование за животни вештини“.

Дел од наставниците ги евидентираат во дневните подготовки, додека според новата концепција сето претходно споменато е распоредено според националните стандарди.

**Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми**

Училиштето се уште не покренало иницијатива за вклучување на наставниците, родителите и социјалните партнери во соработка и реализација за измени и дополнувањето на наставните планови и програми, така што

| | |
|---|---|
| | споменатите субјекти воопшто немаат влијание врз изработка на наставните планови и програми.<br>Анкетирани се вкупно 50 наставници: 10 наставници од подрачното училиште во с. Режановце, 10 наставници на албански наставен јазик и 30 наставнци од одделенска и предметна настава од централното училиште.<br>Од анкетата со наставниците (вкупно 50) добиени се следните податоци:<br>На прашањето: „Дали бројот на часовите е прилагоден според обемот на содржините?“, истите одговориле: потполно се согласувам (8), се согласувам (21), не се согласувам (17) и потполно не се согласувам (4). Најголем број од наставниците, дури 21 се согласуваат дека бројот на часовите е прилагоден според обемот на содржините.<br>На прашањето: „Дали наставните програми и учебници се прилагодени на возраста на учениците?“, од вкупно 50 анкетирани наставници, одговориле: потполно се согласувам (8), се согласувам (14), не се согласувам (20) и потполно не се согласувам (8). Најмногу наставници, дури 20 не се согласуваат т.е. искажуваат свое мислење дека наставните програми не се прилагодени на возраста на учениците, содржините се несоодветни посебно со новата концепција.<br>Училиштето во Годишната програма планира реализација на ученички екскурзии и настава во природа како една од формите на воннаставна активност и во планирање и подготовка активно се вклучени родителите, а особено Совет на родители.<br>Училиштето преку формалните органи планира активности за прибирање и разгледување за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите од аспект на нивната оптималност и ефикасност преку проверка на дневниците, личните планови за професионален развој, анкети и прашалници до наставниците за потребите од училишните помагала и соработка со родители од аспект на донирање на дел од истото. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 1.0 ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО**

**Индикатор 1.3.** ***Воннаставни активности***

| Теми: | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности (организирање на секции, екскурзии, приредби и др. за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците)<br>• Опфатеност на учениците со воннаставни активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставни активности<br>• Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставни активности |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Програма за Воннаставни активности**<br>• **Програма за СУА** | ➢ **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности (организирање на секции, екскурзии, приредби и др. за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците)** |

<table>
<tr>
<td>

<ul>
<li>Евиденции на наставници</li>
<li>Анкета со наставници, родители и ученици</li>
<li>Разговор со ученици, наставници и родители</li>
<li>Педагошка евиденција и документација</li>
<li>Евиденција за СУА</li>
<li>Програма за дополнителна и додатна настава и СУА</li>
<li>Годишна програма за работа на училиштето</li>
<li>Благодарници и пофалници на ученици и наставници</li>
<li>Годишни извештаи на училиштето</li>
<li>Извештаи по квартали</li>
<li>Правилник за изведување на училишни екскурзи</li>
</ul>

</td>
<td>

Во рамки на ВОД, училиштето организира и остварува воннаставни активности и тоа: СУА, заедница на учениците, производствена и друга општествено-корисна работа, ученички натпревари , ученички екскурзии и грижа за здравје на учениците.

Сите наставници во своите планирања навреме ги планираат воннаставните активности што ги одразуваат интересите, желбите и потребите на учениците и истите речиси во целост ги реализираат. Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставните активности не исклучувајќи ги притоа учениците со потешкотии во учењето и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус. Како резултат на овие активности учениците се мотивираат за проширување и продлабочување на знаењата при што се развива инвентивноста и креативноста, социјализација, стекнување самодоверба, проширување на општа култура, афирмирање, соработка, другарство, хуманиот однос и натпреварувачкиот дух меѓу децата во училиштето. Истото е потврдено и од анкетата со наставниците кои го потврдуваат истите придобивки од воннаставните активности.

Од 2022 до 2024 год., во училиштето се организирани следниве слободни ученички активности:

<ul>
<li>За проширување на ученичките знаења се водат секции за странски јазици, млади информатичари, биолози и еколози, млади математичари, географска и историска секција;</li>
<li>Културно-уметнички слободни активности: литературна, мултимедијална, библиотекарство и ликовна секција;</li>
<li>Слободни технички активности: тим за техничка поддршка и сообраќајна секција;</li>
<li>Слободни спортски активности: кошарка, ракомет, мал фудбал - футсал, фудбал и одбојка.</li>
<li>Еко секција</li>
</ul>

Иако учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор, наставниците имаат водечка улога на активностите во секциите воедно и советодавна - координативна улога, но секако се бара и се зема во предвид и мислењето на учениците. Секциите се усклaдени според просторните и временските можности на училиштето. Во учебна 2022/23 година славевме 60 годишен јубилеј од постоење на училиштето и во активностите кои беа реализирани во тек на цела недела во училиштето учениците – членови на овие секции ги презентираа своите достигнувања пред родителите и пошироката заедица.

Училишен спорт

Училишниот спорт како посебно подрачје од воннаставните активности овозможува спој помеѓу физичкото образование и клубскиот спорт, психофизичкиот развој на учениците, зајакнување на нивното здравје, градење навики за здрав живот и спортска активност и култура на добро држење на телото. Ги задоволува потребите за правилен развој на учениците и тоа преку игрите, спортот, гимнастиката во зависност од интересот на ученикот, стекнување и развивање на моторните способности како: аеробна и анаеробна способност, брзина, рамнотежа, ориентација во просторот, експлозивноста, силата, развој на општата моторика и спречување на појава на аномалии (деформитети). Преку правилно изведување на вежбите за позитивен анатомско-физиолошки, функционален и моторички развој, развој на фер-плеј однос и др. Во училиштето е регистриран спортски клуб кој активно работи.

Активно работат женските и машките екипи во ракомет, кошарка, футсал, фудбал и одбојка во кои членуваат

</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • **Програми за училишни екскурзии по одделенија** | голем број на ученици. Секоја учебна година овие екипи го афирмираат училиштето со добиените награди на меѓуучилишни, општински, зонски и републички натпревари.<br><br>Во централното училиште постојат добри услови за развивање на спортот и спортските активности со опремена спортска сала и игралиште кое е оградено и осветлено и на кое се организираат натпревари како од страна на училиштето, така и од страна на локалната средина. За жал поради хулиганскиот однос на поединци се уништува оградната мрежа на игралиштето за која се потребни средства да биде обновена. Во подрачното училиште нема спортски терен за изведување на часово по ФЗО а додека е направена мала санација на спортската сала која сеуште не ги задоволува потребите за одвивање на квалитетна настава по ФЗО. Во претходниот период на родителски состаноци со сите претставници од подрачното училиште, изготвено е барање за помош од страна на општината да обезбеди локација каде што ќе може да се изведува настава по ФЗО на отворено и да се загради училишниот двор за заштита на учениците, од основачот сеуште немаме добиено одговор.<br><br>**Ученички натпревари**<br>Училиштето континуирано вложува во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулативна училишна клима, мотивирајќи ги учениците да го вложат максимумот за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното канализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува според афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон портите на успехот по завршувањето на образованието.<br>Ученичките натпревари опфаќаат активности преку кои учениците ги презентираат своите постигнувања во наставата и другите подрачја на воспитно-образовната дејност и го презентираат училиштето во својата средина, градот, Републиката, па и на меѓународно ниво.<br>Од претходниот две годишен период учениците од нашето училиште учествуваа на голем број натпревари од спортски карактер и натпревари за стекнување на знаења како и на општински, регионални, државни и други натпревари организирани од БРО и МОН, Други училишта, субјекти во градот и државата...<br><br>**Освоени награди и признанија во учебна 2021/22 година**<br><br>1. III место машка екипа во футсал – ментор: проф. Дејан Ивановски<br>2. II место машка екипа во одбојка – ментор: проф. Саша Николиќ<br>3. На општински натревар „Млади библиотекари“ учениците Стефани Цветковска IX5 одд.- втора награда и Николина Илијевска IX5 одд. - шеста награда IX5 одд.<br>Ментор: Билјана Цветковска<br>4. На општински натпревар „Детски семафор“- екипно второ место<br>Ментор: Станче Спасевска<br>5. II место на општински литературен конкурс на Друштво на писатели, Куманово – Јоана Ѓорѓиевска и |

| | |
|---|---|
| | Моника Саздевска од VI1 одделение<br>Ментор: Наташа Пешевска<br>6. Сертификат за учество на Меѓународна изложба за иновации Еконова 2021 – Мила Богдановиќ VII2 одд.<br>Ментор: Сандра Симоновска<br>7. На општински натпревар по природни науки: Александар Ничевски IV1- II награда, ментор: Велика Живиќ, Паоло Петковски IV2- II награда, ментор: Валентина Петрушевска- Благоевска, Меланија Станковиќ V2- IIнаграда, Мелани Пауновска V1- III награда ,Андреј Арсовски V5- III награда, Леон Ангеловски V5- II награда, Јоана Ѓорѓиевска VI1- III награда, Ена Ѓурковска VI2- I награда, Кјара Ристиќ VI2- II награда, Нина Спиридоновска VI3- II награда, ментор: Емилија Веселиновска<br><br>9. На регионален натпревар по природни науки: Александар Ничевски IV1- III награда, ментор: Велика Живиќ, Меланија Станковиќ V2- Iнаграда, Андреј Арсовски V5- I награда, Леон Ангеловски V5- III награда, Јоана Ѓорѓиевска VI1- III награда, Теа Веселиновска V1- III награда, Мелани Пауновска V1- III награда, Кјара Ристиќ VI2- III награда , Ена Ѓурковска VI2- III награда<br>ментор: Емилија Веселиновска<br>10. На општински натревар по англиски јазик: Андреј Арсовски V5- I место, Кјара Ристиќ VI2-II место, Давид Трајковски VII1- III место, Влера Алију VII4- III место, Деа Бислими VIII4- III место, Адријан Денис Тодосовски VIII1- III место, Лела Станисављевиќ IX1-III место,<br>ментор: Милена Петковска, Милена Ангеловска, Наталија Спасовски, Оливера Салтировска<br>11. На општински натпревар по географија: Нина Спиридоновска VI3- II место, Јован Станковиќ VIII- 4 место I награда, Лука Стојановски VIII2- 7место II награда, Душан Петровиќ VIII2- 6 место II награда, ментор: Сузана Николиќ<br>12. На општински напревар по хемија: Јован Станковиќ VIII2- I награда, Душан Петровиќ VIII2- III награда ментор: Емилија Веселиновска<br>13. Ученикот Адријан Денис Тодосовски VIII1 учествуваше на општински и регионален натпревар по физика и се пласира за државен натпревар.<br>Ментор: Ивана Стоиковска<br>14. Ученичката Мила Богдановиќ VII2 учествуваше на општински и регионален натпревар по математика и на државен натпревар ПИ-ДЕН,<br>Ментор: Милош Каранфиловиќ<br>15. На општински натпревар по математика следниве ученици се пласираа на регионален натпревар: Арон Арифи , Ерјон Бајрами, Рона Саити, Авди Јакупи V4-I награда, ментор: Зејнепе Бајрами<br>Албина Шабани VIII4- II награда ментор: Ваљиде Адеми<br>16. На дисциплина слалом во категорија до 12 години Ања Петорвиќ 6-2 одд. освои I место, а на Државно првенство во скијање во дисциплина велеслалом во категорија на шести седми одделенија го освои 7 место. |

| | |
|---|---|
| | Душан Петровиќ VIII2- во категорија на осми и деветти одделенија освои 17 место, под менторство на Саша Николиќ и Дејан Ивановски<br>17. На општински натпревар по математика: Арјон Саљији – VII4- III место; ментор: Селвер Абази<br>18. На регионален натпревар по хемија: Јован Станковиќ VIII2 – III награда, Душан Петровиќ VIII2 – пофалница;<br>Ментор: Емилија Веселиновска<br>19. Државен натпревар по природни науки: Андреј Арсовски V5 – II награда, Меланија Станковиќ V2- пофалница;<br>Ментор: Емилија Веселиновска<br>20. Регионален натпревар по англиски јаик: Деа Бислими – VIII4 – III место, Влера Алију VII4 - III место;<br>Ментор: Ардита Сејдиу<br>21. Регионален натпревар по англиски јазик: : Андреј Арсовски V5- II место, Кјара Ристиќ VI2-III место, Давид Трајковски VII1- II место,<br>Лела Станисављевиќ IX1-III место;<br>Ментори:Милена Петковска, Наталија Спасовска, Оливера Салтировска.<br>22. Државен натпревар по англиски јазик: Давид Трајковски VII1- VIII место, Ментор: Милена Петковска<br>23. Меѓуопштински турнир во футсал и освоено II место за Душан Николиќ -VII1 и Жељко Вучевски - VII1одд. и Дарио Дмовски , Леон Пауновски - VII2 Ментор: Саша Николиќ<br>24. На регионален натпревар по географија: Мартина Трајковска VII2 одд. – II место и I место на Бираме таленти по географија.<br>Ментор: Сузана Николиќ<br>25. На државен натпревар по географија: Мила Богдановиќ VII2 одд. - VII место и I место на Бираме таленти по географија.<br>Ментор: Сузана Николиќ<br><br>**Освоени награди и признанија во учебна 2022/23 година**<br><br>1. Јоана Ѓорѓиевска VII1 одд.-Гран при- Прво место на Литературен конкурс „Жуборења од Радика 2022“, Маврово- Ростуше<br>ментор: Наташа Пешевска<br>2. На општински натпоревар – Литsературен конкурс по повод Месец на книгата Кјара Ристиќ VII2 одд. освои II место<br>ментор: Наташа Пешевска<br>2. Мартина Трајковска VIII2 одд.- второ место на литературен конкурс во организација на Жар Преспа<br>ментор: Јулијана Тричковиќ |

| | |
|---|---|
| | 3. Павел Миодраговски и Марија Чедомировска IX5 одд.- прво место на Ликовен конкурс со наслов"Новото училишно руво не инспирира и мотивира за нови знаења"<br>mентор: Стефан Анчевски<br>4. Машка екипа во одбојка освои прво место на општински натпревар<br>ментор: Саша Николиќ<br>5. Женска екипа во одбојка освои второ место на општински натпревар<br>ментор: Саша Николиќ<br>6. Јоана Ѓорѓиевска VII1 одделение на регионален натпревар по спелување по француски јазик освои второ место<br>ментор: Слаѓана Миташевска<br>7. Машка екипа во одбојка освои второ место на меѓузонски натпревар<br>ментор: Саша Николиќ<br>8. Таибе Селмани Vlll-4 одд. наопштински натпревар по физика освои трета награда<br>ментор: Ќендреса Демири<br>9. Исра Абази IX4 одд. на натпревар за 7 Март- Ден на учителот, освои прва награда по ликовно образование<br>ментор: Уран Љатифи<br>10. Машка екипа во мал фудбал во турнирот по повод 7 Март- Ден на учителот освои второ место<br>ментор: Медина Емини<br>11. На општински натпревар по биологија следниве ученици се пласираа на регионален натпревар: Кјара Ристиќ VII2 – втора награда, Нина Спиридоновска VII3- втора награда и Јоана Ѓорѓиевска VII1- втора награда.<br>ментор: Јасмина Стојковска<br>12. На Регионалниот натпревар по француски јазик-Олимпијади , во категорија IX одд, кој се одржа на 25.3.2023 (сабота), во Куманово, учествуваа следниве ученици и ги освоија следниве места : Марија Чедомировска IX-5 освои I место и се пласира на Државниот натпревар по француски јазик<br>ментор: Слаѓана Миташевска<br>13. На регионален натпревар по биологија кој се одржа на 07.04.2023<br>учениците ги постигнаа следните резултати :<br>-Нина Спиридоновска VII-3 III-награда ;<br>-Кјара Ристиќ VII-2 - пофалница ;<br>-Јоана Ѓорѓиевска VII-1 - пофалница ;<br>ментор: Јасмина Стојковска<br>14. На ликовен конкурс: Марија Чедомировска IX5одд.- и Павел Миодраговски IX5 одд. освоија прво место<br>ментор: Мила Доневска<br>15. На општински натпревар по англиски јазик учениците ги постигнаа следниве резултати: |

| | |
|---|---|
| | Кјара Ристиќ одд.VII2- трето место;<br>Давид Трајковски VIII1одд.- второ место на регионален натпревар по англиски јазик<br>Кјара Ристиќ VII2- освои прво место,<br>ментор: Милена Петковска и Анастазија Алексовска<br>16.На општински натпревар по хемија: Бојан Стојиќ IX1 оод.- втора награда, Ангела Саздевска IX1 оод.- трета награда, Мила Богдановиќ VIII2 одд. и Мартина Трајковска VIII2 одд.освоија трета награда и пласман за Регионален натпревар<br>ментор: Емилија Веселиновска<br>17. На општински натпревар по географија:Ена Ѓурковска VII2 одд., Мила Богдановиќ VIII2 одд. освои 91 поен и Мартина Трајковска VIII2 одд. освои 87 поени и обезбедија пласман на Регинален натпревар.<br>ментор: Сузана Николиќ<br>18. На регионален натпревар по географија: и Мартина Трајковска VIII2 одд.- трето место и Мила Богдановиќ VIII2 одд.-шесто место ментор: Сузана Николиќ<br>19. На 60-ти Државен натпревар на млади техничари и припадници на Македонија и Народна техника на Македонија, Мила Богдановиќ VIII2 одд. освои трето место- бронзен медал (област применета хемија), додека Бојан Стојиќ, Ангела Саздевска и Ева Богдановиќ сите од IX1 одд. се здобија со благодарници.<br>Ментор: Емилија Веселиновска<br>20. На регионален натпревар по природни науки: Леон Ангеловски VI5 одд.освои 3 место<br>ментор: Марина Антевска<br>Александар Ничевски V1одд. – трета награда, Матеј Миодраговски V5 одд. –трета награда, Меланија Станковиќ VI2 одд- трета награда., Мартина Саздевска VI2одд.-трета награда<br>ментор: Емилија Веселиновска<br>21. На општински натпревар по математика Мартина Саздевска VI 2 освои 3 место<br>ментор: Ивана Стоилковска<br>22. На општински натпревар по физика Мила Богдановиќ VIII2 одд. освои 43 поени и се пласира на Регионален натпревар по физика<br>ментор: Ивана Стоилковска<br>23. На регионален натпревар по англиски јазик Бљенди Алији V4 одд. освои прва награда<br>Ментор: Ардита Саити Сејдиу<br>24. На државен натпревар по француски јазик Марија Чедомировска IX5 одд. освои четвртта награда<br>Ментор: Слаѓана Миташевска<br>25. На регионален натпревар по хемија Мила Богдановиќ VIII2 одд. освои трета награда<br>Ментор: Емилија Веселиновска<br>26. На општински натпревар по Прва помош Мила Богдановиќ VIII2, Ангела Саздовска, Ева Богдановиќ и Бојан Стојиќ IX1 и Таибе Селмани VIII4 освоија второ место |

| | |
|---|---|
| | Ментор: Станче Спасевска<br>На дисеминација на теоретски знаења по Прва помош помош учениците Мила Богдановиќ VIII2, Ангела Саздовска, Ева Богдановиќ и Бојан Стојиќ IX1 и Таибе Селмани VIII4 освоија трето место<br>Ментор: Станче Спасевска<br><br>• **Општествено-корисна и хуманитарна работа**<br>Училиштето планира реализација на ученичките манифестации, хуманитарни собирни акции, прослави и одбележувања на значајни датуми, историски часови, Ден на екологија, Ден на дрвото, одбележување на Ден на учителот и Ден на училиштето, Ден на жената, верски празници, Државни празници и други активности кои имаат приоритетно значење, бидејќи пред се сакаме нашите ученици да стекнат креативни и социјални вештини кои доаѓаат до израз кога тие се директни учесници со други ученици од други училишта.<br>Ученичките манифестации опфаќаат активности преку кои учениците ги презентираат своите креации и творби во наставата и надвор од неа, а преку останатите подрачја на воспитно-образовната дејност воедно го презентираат училиштето во својата локална средина, градот и во Републиката.<br>Наставниците преку целата учебна година континуирано учествуваат на манифестациите кои се одржуваат во основните училишта и Општина.<br>Во училиштето се реализираа и низа активности поврзани со општествено, корисна работа со учениците и тоа:<br><br>-Уредување на училниците, холот и дворот на училиштето;<br>-Уредување на паноата во училиштето по различни поводи (празници: Нова година, 8 Март, 1 Април, Велигден, Ден на екологија, Ден на планетата Земја, 24 Мај и др.);<br><br>-Работилници:<br><br>-Изработка на новогодишни украси и честитки;<br>-Изработка на цвеќиња со оригами и квилинг техника;<br>-Изработка на честитки и корпи за Велигден;<br>- Изработка на костими за Маскенбал;<br>-Уредување на училишната градина.<br><br>Хуманитарни собирни акции:<br><br>-Собирање на стари алишта, училишен прибор, хартија и собирање на парични средства за помош на ученици;<br>**Екскурзии**<br>Според Правилникот за начинот на изведувањето на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта добиен од МОН, училиштето реализира излети и екскурзии и тоа за учениците од трето одделение – еден ден, за учениците од петто одделение –настава во природа, за учениците од шесто одделение - два |

| | |
|---|---|
| | дена и за учениците од деветто одделение- три дена. Според Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта и врз основа на Годишната програма за работа на училиштето Училишниот одбор со одлука формира тим во состав на: директорот на училиштето, раководителот на екскурзија, одделенските раководители или други наставници кои изготвуваат Програма за екскурзии за која мислење дава Советот на родителите, Бирото за развој на образованието и Советот на општината. Сите екскурзии се финансирани од страна на родителите на учениците. На почетокот на учебната година на Наставнички совет се формираат комисии за организирање и реализација на екскурзии.<br>Училишните екскурзии на учениците им овозможуваат проширување на знаењата, откривање и истражување на културно–историските локалитети, стопанските објекти, природните реткости и убавините на својата татковина, како и заради спортување, рекреација и други видови педагошко организирање на слободното време на учениците.<br><br>**Грижа за здравјето на учениците**<br>**Хигиена во училиштето**<br><br>Во училиштето хигиената секојдневно и редовно се одржува преку чистење на училници и ходници, одржување и хигиена во училишниот двор и градина, санитарните јазли со користење на средства за дезинфекција. Од страна на Заводот за здравствена заштита се врши дезинфекција, дератизација и дезинсекција на училиштето со цел сите релевантни субјекти во училиштето да бидат заштитени од заразни болести. Чистата работна атмосфера овозможува пријатно чувство за работа кај вработените и учениците. На одделенските часови наставниците постојано разговараат за хигиената и заштита од заразни болести. Дежурните наставници заедно со техничкиот персонал редовно дежураат на големиот и малите одмори. Редовно според утврден план доаѓаа претставници од ХЕС и вршеа дезинфекција на училишните згради.<br><br>**Вакцинирање**<br><br>Вакцинирањето на учениците се изведува според календарот за имунизација и вакцинација од здравствената амбуланта.<br><br>Во насока на подобрување на здравствената состојба и квалитетот на превентивната здравствена заштита на децата од училишна возраст и младината, како и обезбедување на подобрување на здравјето, потребно е извршување на имунизација и вакцинација.<br>Според календарот за имунизација и вакцинација опфатени се учениците од 6 до 15 години, кои треба да ги примат следниве вакцини:<br>-6 години (I одделение) - Мали сипаници, рубеола, заразни заушки;<br>-7 години (II одделение) -Туберкулоза, детска парализа, дифтерија, тетанус ;<br>-12 години (VII одделение) -Инфекции со Хуман папилома вирус (само за девојчиња) ;<br>-14 години (завршна година во основното образование) -Рубеола (само девојчиња), детска парализа, дифтерија и |

тетанус.
И во двете години вакцинацијата се одвиваше непречено.

**Систематски прегледи**

Во согласност со јавните здравствени установи во училиштето учениците редовно се повикуваат на систематски прегледи. Во овие прегледи се опфатени ученици од I, III, V и VII одделение со цел да се следи целокупното здравје на учениците за превенција и заштита од несакани здравствени проблеми и истите ќе бидат реализирани без да се попречува наставата по завршување на наставата,а учениците се водени од своите одделенски раководители. Овие прегледи се извршуваат во Училишната амбуланта при Медицинскиот центар - Куманово, со која што училиштето има континуирана соработка. Секој одделенски раководител е должен да ги придружува учениците од своето одделение за време на систематскиот преглед и да ја евидентира констатираната здравствена состојба за нив.

Во врска со здравствената заштита на учениците реализирани се следниве активности: разговори за оджување на лична хигиена на учениците и хигиена во училиштето, редовни систематски прегледи, залевање на заби и вакцинации на учениците, разговори за здрава и правилна исхрана и предавање на различни теми на одделенски часови како: предавања за превенција од грип и настинка, превенција од болести и заболувања, штетното дејство на алкохолот, предавање од полициски службеник за превенција од дрога и насилство, справување со меѓуврсничко насилство.

Табеларен преглед за извршена имунизација и систематски прегледи во последните две години:

**Учебна 2021/22 година**

| Активности | Одделение |
|---|---|
| Стоматолошки преглед и залевање на први трајни заби | I - 04.11.2021 II –16.11.2021 V-09.03.2022 VI- 07.03.2022 |
| HPV вакцинација (прва,втора и трета доза) | VII- 29.09.2021 и ревакцина на 03.05.2022 |
| Систематски прегледи | I –13.12.2021 III -.13.12.2021 и 15.12.2021 V-09.12.2021 VII- 10.12.2021 и 15.12.2021 IX- 07.12.2021 |

| | |
|---|---|
| | |
| DTP, Polio вакцинација | II – 22.10.2021   IX – 08.10.2021 |
| MRP вакцинација | I – 24.09.2021   и   27.09.2021 |

**Учебна 2022/23 година**

| Активности | Одделение |
|---|---|
| Стоматолошки преглед и залевање на први трајни заби | I – 28.04-03.05.2023   II –10-13.04.2023   III - 20.23.03.2023<br>IV-01-03.02.2023   VI - 20.10.2022   VIII-20-23.09.2022 |
| HPV вакцинација (прва,втора и трета доза) | VII- 15.11.2022  и ревакцина на 11.05.2023 |
| Систематски прегледи | I –14.11.2022   III -.16 I 17.11.2022<br>V-23.11.2022   VII- 15.11.2022<br>IX- 21 и  22.11.2022 |
| DTP, Polio вакцинација | II – 30.11 и 01.12.2022 |
| MRP вакцинација | I – 26 и 29.09.2022 |

**Ученички заедници**

Според Член 68 од Законот за основно образование Сл.Весник 161 од 05.08.2019 година во училиштето функционираат училишните заедниц на ниво на паралелки, Ученичкиот парламент и Ученичкиот Правобранител.Со

| | |
|---|---|
| | одлука на Директорот , две наставнички од мешан етнички состав работат со учениците од ученичката заедница. За работата на ученичката заедница уредно се водат записници. Целокупната документација ја чуваат одговорните наставници и Претседателот на ученички парламент.<br><br>**Одделенските класни заедници**<br><br>На ниво на паралелки се избрани по демократски пат според правилата за демократска партиципација на учениците. Исто така, на ниво на училиште избрано е претседателство на Училишната заедница кое го сочинуваат 40 претседатели, при изборот се води ред за еднаква полова и етничка застапеност. На почетокот на учебна година на секој одделенски раководител му се доставува листа во која ги запишуваат претседателот и заменик претседателот на одделенска заедница и другите ученици кои што се должни за спроведување на активности во одделението за различни потреби.<br><br>**Ученичката заедница**<br><br>На ниво на училиште, (вклучени се ученици од второ до деветто одделение), активно работење на ученичката заедница е од големо значење за воспитно-образовниот процес кај учениците. Активностите на ученичката заедница се реализираа според годишниот план и програма. Редовно одржува состаноци на кои е разговарано за формирање и функционирање на ученичката заедница, потребата од формирање на ученички тела, беа разгледувани прашања во врска со успехот и поведението на учениците, естетскиот изглед и хигиенските навики во училиштето, здравиот начин на живот во училиштето и надвор од него, размена на мислења, давање на предлози за прослава на празници, свои предлози и барања за квалитетна настава.<br>Учениците секогаш се стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации и со поддршка од наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво.<br>За постигнатите резултати учениците се пофалуваат на патрониот празник. Има потреба да се продлабочи системот на пофалување на ученици за дисциплина и постигања по паралелки и индивидуални постигања со што ќе се стимулира натпреварувачкиот дух, афирмацијата, дисциплината и подобрување на успехот.<br><br>➢ **Опфатеност на учениците со вонаставни активности**<br><br>Голем број ученици се вклучени во воннаставни активности во согласност со нивните интереси и способности и можностите и условите на училиштето. Во воннаставните активности се вклучуваат сите учениците без разлика на социо-економски статус и од различни етнички заедници. Училиштето ги идентификува образовните потреби на учениците и според тоа наставниците ги планираат и реализираат воннаставните активности во кои се вклучуваат учениците кои ја совладуваат програмата и чувствуваат потреба за проширување на своите знаења, односно ученици кои ќе се подговуваат за општински, регионални и републички натпревари. По новата концепција наставниците потребно е да посветат особено внимание во организирање на воннаставните активности. |

| | |
|---|---|
| | ➢ **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставни активности**<br><br>Учениците многу ретко учествуваат во подготвувањето на програмите за реализација на воннаставните активности. Преку воннаставните активности учениците ги реализираат своите желби, интереси и способности кои се надвор од наставата и ги дополнуваат своите знаења. Овие активности даваат можност учениците да се истакнат во некоја област со што се зголемува нивното искуство.<br>Во воннаставните активности учениците се вклучуваат по сопствен интерес и желба што е потврдено и од анкетата, во која поголем дел од нив се изјаснуваат да учествуваат во активности во кои можат да ги покажат своите способности.<br><br>➢ **Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставни активности**<br><br>Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците работат на проекти, учествуваат во различни манифестации што се организираат на локално, национално или меѓународно ниво (приредби во рамки на проектни активности, маскенбал по повод Денот на шегата, прием на првачиња во Детска организација, Детска недела). Од анкетата за родителите би го издвоиле и делот каде најголем дел од родителите би сакале да бидат вклучени во планирање, помош и реализација на воннаставни активности што во пракса се покажува спротивно т.е. при реализација на воннаставните активности родителите се недостапни, незаинтересирани и училиштето има проблем околу ангажманот на родителите.<br>Училиштето активно соработуваше со локалната средина и одбележи низа значајни настани. Соработката со локалната средина се одвиваше преку следниве активности: Прием на првачиња во прво одделение т.е во Детска организација, посета на кино претстави, театарски претстави, учество на маскенбал по повод Ден на шегата, учество на манифестацијата „Ден на Европа“, дружење со ученици, наставници и претставници од МВР од проектот „Безбедни училишта“ и прославување на велигденските празници, учество на Детски ликовен камп АСНОМ, Учество во манифестацијата „Месец на Книгата“, соработка со невладини организации, континуирана соработка со БРО, ДПИ, средни и основни училишта, одбележување Ден на екологија, одбележување на Патрониот празник на училиштето, посета на градска библиотека... |
| | |

**Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето**

**Подрачје 1.0.ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО**

**Индикатор 3.1.** ***Планирања на наставниците***

<table>
<tr><td>Теми:</td><td><ul><li>Поддршка и следење на планирањата на наставниците</li><li>Индивидуални планирања на наставниците</li><li>Размена на искуства и информации при планирањето</li><li>Распоред на часови</li></ul></td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td><ul><li>Наставни планови и програми</li><li>Годишни, тематски планирања за реализација на наставата и оперативни планови за час</li><li>Програми за дополнителна и додатна настава</li><li>Годишна програма за работа на дефектолог</li><li>Интегрирано планирање на содржини од еко - стандардите</li><li>Процедури за следење на планирањата на наставниците</li><li>Годишна програма на училиштето</li></ul></td><td>Наставниците од почетокот на учебната година изготвуваат годишни и тематски планирања кои се доставуваат во електронска форма на посебен мејл на училиштето во кој што имаат увид директорот и педагогот на училиштето. На секое полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на педагогот и врз основа на планирањата за секој наставник , педагогот и Директорот имаат увид во целокупната работа на наставниците. Во училиштето постојат пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата од страна на директорот и училишниот педагог. Во склоп на планирањата наставниците изготвуваат годишни, тематско - процесни (изработени една до две седмици пред започнување на темата) и дневни планирања (во електронска или писмена форма), неделни планови и сценарија за час според новата Концепција, настава од животни вештини, планирања за слободни ученички активности, додатна и дополнителна настава, а дел од наставниците кои се раководители на паралелка изготвуваат и план за соработка со родителите.<br>Оние наставници кои имаат ученици со попреченост во своето одделение, изработуваат индивидуални образовни планови (ИОП) за тие ученици во соработка со дефектологот на училиштето, кој редовно контактира со ресурсниот центар „Иднина„ - Скопје и Центар за поддршка при ООУ „Браќа Миладиновци“ – Куманово.<br>Во наставните предмети, наставниците вградуваат содржини од програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“. Избраните еко – содржини т.е. точки на акција од еко-стандардите се во голем број и се доста добро поврзани со предметите и содржините кои одговараат со возраста на учениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите, истражување, анализирање, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл. Со што се придонесува преку нив да се поттикнат мисловните активности и да се развие еколошката свест кај учениците. Интегрираното планирање соодвествува со наставните планови и програми на БРО. Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и педагогот.<br>Во учебна 2021/2022 година поради штрајкот на наставниците во април 2022 и продолжениот зимски распуст, се модифицираше наставниот план и програма по препорака на МОН. Учебна 2022/23 година започна и заврши според Календарот за учебна година. Учебна 2023/24 година започна на 1 септември, и за прв пат ќе биде организиран и пролетен распуст на крај на месец април и почеток на месец мај.<br>Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците заради задржување на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • **Годишна програма за работа на директор**<br>• **Годишна програма за работа на педагог и психолог**<br>• **Дневници за работа**<br>• **Анкетни листови за наставници**<br>• **Програми за работа Стручен актив за учебната година**<br>• **Записници од состаноци на Стручните актив** | континуитетот и квалитетот на истите. Забелешките од следењето на истите уредно ги води педагогот. На крајот на учебната година се формираат комисии за преглед на педагошка евиденција и документација. Секој одделенски раководител е должен во тек на учебната година да штампа делови од електронскиот дневник кои се чуваат во документација на училиштето.<br>Во тек на учебната година наставниците изготвуваат дневни подготовки и сценарија за час. Во нив се вклучени сите елементи за успешна реализација и организација на часот предвидени од БРО И МОН. Дневните подготовки и сценаријата за час наставниците ги изготвуваат секојдневно, а во нив ја разработуваат наставната содржина што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, техниките, интерактивни форми и методи на наставна работа, очекуваните резултати од учењето, избор на задачи во текот на часот како и задачи за домашна работа и нагласени инструменти преку кои се спроведува проверка на постигањата на учениците и оценувањето. Сите наставници изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања, со што на учениците и родителите им се дава до знаење кои цели треба да ги постигнат за соодветна оценка.<br>Наставниците при изготвување на дневните подготовки и сценаријата за час имаат право на избор, истите или да ги изготвуваат во електронска или во печатена (пишана) форма. Оперативните планови за час кои наставниците секојдневно ги изработуваат за секој наставен час се достапни на увид од страна на директорот, стручната служба и Државниот просветен инспекторат.<br>Работата на стручните активи ја планираат одговорните наставници. Тие изготвуваат програми за работа на стручните активи кој што ги усвојуваат на почетокот на секоја учебна година. На стручните активи се разговара за различни теми, кои се однесуваат на актуелните теми во наставата и воннаставните активности. Стручнта служба и директорт даваат поддршка во работата на активите и учествуваат на состаноците на истите. Стручните активи работат во мешан етнички состав.<br>Во училиштето се дава поддршка на наставниците почетници на кои им се доделуваат ментори кои изготвуваат програма за работа и следење на наставник- приправник.<br>Дефектологот на училиштето дава поддршка на наставниците во работа со ученици со ПОП и тоа во давање насоки во работењето, следење и изготвување на ИОП и индивиауална раота со ученици по Модифицирана програма.<br>Работата на наставниците во изминатите две години е следена од стручната служба и директорот. Во овие случаи наставниците добиле усна и писмена повратна информација од стручната служба и директорот на училиштето.<br>Распоредот на часовите го изготвуваат одговорни нсаставници, со одлука на Директорот. Пред изготвување на распоредот директорот се консултира со колегите директори од училишта од каде што дополнуваат наставниците во нашето училиште заради усклaдување на часовите и смените. Поради ова постојат потешкотии во изготвување на распоредот и потреба од ставање на блок часови по одредени предмети. А тоа се решава на тој начин што одговорниот наставник не ги става последователно часовите од одредениот предмет. Распоредите за дополнителна и додатна настава ги изготвуваат наставниците на стручни активи во законски определениот рок, при што се води сметка да бидат усклaдени со можностите на настваниците и учениците за организирање на разлини активности по определени настани. Распоредите се истакнуваат на видно место во училиштето. |

**Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето**

**Подрачје 1.0.ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО**

**Индикатор 3.2.** ***Наставен процес***

<table>
<tr><td>Теми:</td><td><ul><li>Наставни форми и методи</li><li>Избор на задачи, активности и ресурси</li><li>Употреба на ИКТ во наставата</li><li>Интеракција помеѓу наставниците и учениците</li><li>Интеракција меѓу наставниците и учениците во реализација на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко- стандарди</li><li>Приод на наставникот кон учениците</li><li>Следење на наставниот процес</li></ul></td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td><ul><li>Процедура за следење на планирањата и подготовката на наставниот час</li><li>Оперативни планови за час во кои се наведени целите на учењето, нагледни средства , наставни методи и очекувани резултати од учењето</li><li>Портфолио на наставниците во кој се следи наставниот процес од страна на директор и педагошко-</li></ul></td><td>Најголем дел од наставниците користат разновидни наставни форми и методи за да ги задоволат интересите на учениците и да им помогнат во усвојување на квалитетни знаења. Во училиштето сметаме дека процесот на усвојување на знаења е многу специфичен и многу индивидуален.<br>Наставниците редовно користат разновидни форми, методи и техники на работа како на пример: заедничка работа, индивидуална, групна форма, метод на усно излагање, метод на истражување, дебата и дискусија, метод на играње улоги, текст-метод, знам, сакам да знам, научив, метод на цртање, метод на решавање, метод на експеримент, вртелешка, сложувалка, инсерт, секвенци, венов дијаграм, изведбени активности, грозд, коцка и сл. и сметаат дека истите ја подобруваат мотивацијата за учење кај учениците.<br>При воведувањето на овие техники учениците имаат можност да работат индивидуално, во парови или групи. Наставниците ги планираат своите методи при што посебно внимание посветуваат на потребите и стилот на учење на учениците како и застапеноста на задачи за критичко размислување, анализа и решавање на проблеми во текот на часот како на пр. анализа на проблеми, ликови, примена на наученото, споредбени активности со што се подобрува нивната креативност, комуникација, иновација и меѓусебна соработка.<br>Поголем дел од анкетираните родители сметаат дека методите, формите и содржините кои се изучуваат се соодветни на возраста на учениците и истите ја подобруваат нивната мотивација за учење, но потребно е наставниците подобро да ги совладаат алатките кои што ги нуди М.Тимс во реализација на наставата.<br>Со оглед на тоа што сите наставници се информатички описменети и новите образовни технологии го имаат своето место во наставниот процес.<br>Наставниците користат различни извори и приоди на учење и предлагаат различна литература која ќе го надополни и олесни процесот на совладување на наставните содржини (енциклопедии, научно-популарни списанија), како и линкови со проверени и одобрени содржини пр. skoool.mk, grammar exercises, sokom.com.mk, wikipedia и google пребарувач. Ваквите задачи и активности го надополнуваат процесот на учење и постигнуваат позитивен ефект во</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **психолошката служба**<br>• **Изработени проекти од учениците (кои вклучуваат истражување, power point презентации и примена на ИКТ во наставата)**<br>• **Инструменти за следење на реализацијата и текот на наставниот час**<br>• **Листи за набљудување при реализација на час**<br>• **Евиденција од посета на часови**<br>• **Увид на час**<br>• **Годишни, тематски и дневни планирања**<br>• **Годишна програма на училиштето**<br>• **Годишна програма за работа на директор, педагог и психолог и дефектолот**<br><br>• **Интервјуа со** | мотивацијата за учење особено по самостојно добиените резултати.<br><br>Изборот на задачи и активности наставниците ги планираат и тие се поврзани со работата на учениците на час и се во согласност со предвидените цели во наставата. Во зависност од потребите на наставниот предмет, за успешна реализација на часот, наставниците користат ресурси кои ги има училиштето или пак учениците самите ги изготвуваат со одговорниот наставник.<br><br>При реализирање на наставни форми и методи како ресурси се користат: компјутер, ЛЦД проектор, печатач, училишна табла, текстови, стручна литература, весници и списанија, касетофон, пијанино, географски и историски карти, глобус и др.<br>Од анализата на анкетата поголем дел од учениците сметаат дека во училиштето постои добра интеракција и комуникација меѓу учениците и помеѓу учениците и наставниците. Исто така учениците сметаат дека од страна на наставниците се почитува принципот на еднаквост без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус.<br>Нашето училиште е прво вклучено во проектот „Еко- училиште“ и сме единствено училиште во градот носител на бронзено ниво. За таа цел е формиран и Еко-одбор од ученици и наставници кои ги спроведуваат еко активностите според претходно подготвената програма која е во склоп на Годишната програма на училиштето.<br>Интеграцијата на еколошкото образование се реализира и за таа цел наставниците иинтегрираат еколошки теми во своите наставни програми и планирања и истите ги реализираат во текот на тековната учебна година. Во своите тематски планирања секој наставник во одделни наставни содржини внесува еко-содржина која одговара на наставиот материјал како би се афирмирала еко-свеста кај младите луѓе - учениците.<br><br>Во училиштето функционира еко- одборот кој се избира секоја учебна година и во истиот се вклучени директорот на училиштето, стручна служба, наставници од одделенска и предметна настава, ученици, родители и технички персонал на училиштето.<br>Целокупната активност на наставниците во наставниот процес промовира позитивна интеракција преку заемно почитување, соработка, разбирање и помош. При наставниот процес наставниците воопшто не ја нагласуваат или истакнуваат етничката и религиозната припадност ниту пак нивното социјално потекло. Проблемите или разидувањата кои се појавуваат помеѓу учениците на теми поврзани со различното потекло на учениците или половите разлики, наставниците најчесто ги дискутираат и решаваат на часовите наменети за работа на одделенската заедница преку соодветни работилници застапени како содржини од Образование за животни вештини.<br>Наставниците при наставниот процес и комуникацијата со учениците не користат етнички, религиски и полови стереотипи и истите ги отстрануваат доколку се појават меѓу самите ученици.<br>Следење на наставниот процес се врши континуирано и на различни нивоа. За сите субјекти во училиштето постои Кодекс на однесување и оценување.<br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес и тоа со: увид во годишните планирања на наставата, тематските и дневните подготовки, посета на часови, листи за набљудување при реализација на час (портфолио за секој наставник), соработка на наставниците со учениците и родителите.<br>На интерна дисеминација членовите на стручната служба дадоа упатства како секој наставник може да изработи |

| | |
|---|---|
| **наставници и ученици**<br>• **Анкетни листови за наставници**<br>• **Анкетни листови за ученици**<br>• **Анкетни листови за родители**<br>• **Интерни белешки на наставниците**<br>• **Еко -проект со цел подигање на еко свеста кај учениците и наставниците и промовирање на нашето училиште како Еко-училиште**<br>• **Кодекс на однесување и оценување за сите субјекти во училиштето** | сопствена самоевалуација и врз основа на таа секоја година да изготви личен план за професионален развој. Исто така стручната служба ги потсети наставниците редовно да го пополнуваат своето портфолио и да ги пратат вебинарите организирани од БРО и МОН.<br>Директорот и стручната служба ги посетуваат наставниците со цел да се надминат некои објективни потешкотии во процесот на реализирање на наставата и да се планира професионалниот развој на наставниците.<br><br>Наодите од следењето на наставниците се користат за подобрување на наставниот процес преку: стручна и методска помош во реализација на наставата (педагог, психолог, ментор, стручен актив); отворени часови помеѓу колегите од стручниот актив, консултации и сугестии за подобрување на наставата.<br><br>За посетата на часот се води евидентен лист кој е во потполност интегриран со дадените насоки за професионален развој на наставниците, а за впечатоците со наставникот се разговара по завршување на часот се со цел да се подобри наставата. Наодите од следењето на наставниците се користат за подобрување на наставниот процес. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 1.0.ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО**

**Индикатор 3.3.** ***Искуства на учениците од учењето***

| **Теми:** | • **Средина за учење**<br>• **Атмосфера за учење**<br>• **Поттикнување на учениците за преземање одговорност**<br>• **Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Анкета за ученици**<br>• **Анкета за родители**<br>• **Анкета за наставници**<br>• **Изработени постери од ученици на час изложени во кабинетите за настава**<br>• **Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците**<br>• **Кодекс за однесување**<br>• **Увид во ученички досиеја**<br>• **Увид во евиденција на стручна служба**<br>• **Одделенски дневници**<br>• **Промовирање на училиштето со учество на регионални и** | Училишната средина и другите простории во училиштето, учениците ги доживуваат стимулирачки и мотивирачки преку организирање и изложување на ученички трудови и учество на разни натпревари. Благодарение на проектот Нансен – Интегрирано образование, во нашето училиште се адаптирани десет училници каде што се реализира интеркултурно образование според Нансен моделот на училишта. На најголем дел од учениците и родителите им се допаѓа средината за учење. Средината ги мотивира и стимулира учениците да го постигнат својот максимум, со тоа што промовира принцип на индивидуален пристап кон учениците во сегментите на наставниот процес и кога е потребно го помага нивниот индивидуален развој, меѓутоа се чини дека во наставата сеуште недоволно се користи истражувањето како начин на доаѓање до знаења. Училиштето нема доволно финансиски средства за посети и набљудување за потребите на наставата.<br>Трудовите на учениците се транспарентни и се најголемиот украс на ѕидовите на училниците и ходниците. Училиштето изобилува со пишани содржини кои го отсликуваат мултикултурниот карактер на училиштето и се изработени на самите наставни часови или на часовите на СУА и додатни часови. Изработките се менуваат согласно со целите на наставата и учењето. Поголем број од учениците сметаат дека часовите се интересни, се користат разновидни активности за пристојна атмосфера за учење. За време на часот најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања со цел самостојно да дојдат до одреден заклучок, им се дава можност да го искажат своето мислење при решавање проблеми и одлучување. Сите ученици учествуваат во активностите на часот.<br>Учениците исто така се охрабруваат и самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во учењето и наставата преку: работа во групи и парови, активирање на пасивни ученици, пофалби, набљудување и модифицирање на наставата; организирање на додатна настава и охрабрување на учениците за учество на натпревари; организирање на дополнителна настава за ученици со понизок квантум на знаења и мотивирање на истите; учество во проекти во кои се вклучени наставниците и учениците.<br>Учениците секогаш се вклучени во наставата преку разговори, и имаат можност самостојно да размислуваат, да даваат свои предлози и да преземаат одговорност за својата работа.<br>Родителите сметаат дека училиштето низ организирани форми ги поттикнува и мотивира учениците за меѓусебна соработка и соработка со други субјекти во училиштето. Основен облик на среќавање со родителите се родителските средби, индивидуалните средби за кои одделенските раководители водат белешки. Исто така во училиштето функционира советување на родители според Законот за основно образование и поретко се практикува посета на |

| | |
|---|---|
| **државни натпревари и освоени награди и пофалници**<br>• **Активности на училишната заедница**<br>• **Програма за работа на Еко-одборот**<br>• **Трудови на учениците**<br>• **Записници од училишна заедница** | родителски домови. За време на пандемијата советувањето на родителите се реализираше во групи од по двајца родители со запазување на сите протоколи дадени од МОН. Се организираат советувања на родители со претходно изготвен неделен план по потреба и барање на наставниците од страна на стручната служба.<br>Наставниците најмногу ги вклучуваат учениците во наставата преку тоа што ги мотивираат самостојно да се истакнуваат, преку постојано прашување и преку изработка на проекти. Учениците се охрабруваат да преземаат лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во активности во и вон наставата преку: учество на регионални и државни натпревари; учество на спортски натпревари; учество во Еко- проектот, активности од екологијата, здрава исхрана со што го промовираат нашето училиште како еко-училиште.<br>Организирани форми на поттикнување, мотивирање, остварување соработка меѓу учениците и наставниците, училиштето има за време на Денот на екологијата, Денот на дрвото, Патрониот празник на училиштето,во организирање манифестации по различни поводи, хуманитарни акции, еднодневни и повеќедневни екскурзии.<br>Во училиштето, низ организирани форми на меѓусебно поттикнување и толеранција, мотивирање се остварува солидна соработка меѓу самите ученици, негување на интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Однесувањето на учениците и наставниците е со меѓусебно почитување и уважување.<br>Интеракцијата на учениците меѓу себе и возрасните во училиштето е на добро ниво. Низ најразлични организирани форми, учениците се поттикнуваат и мотивираат за соработка и комуникација меѓу себе и возрасните во училиштето. Учениците заедно со наставниците работат на најразлични проекти поврзани со наставата и надвор од наставата, со меѓусебна помош и соработка. Работата во групи им помага во нивната социјализација, откривање на меѓусебните сличности и разлики, а тоа придонесува за прифаќање на различностите во групата, паралелката и училиштето. |

**Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето**

**Подрачје 1.0.ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО**

**Индикатор 3.4.** ***Задоволување на потребите на учениците***

| **Теми:** | • **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>• **Почитување на различните потреби на учениците во наставата** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Анкети за ученици**<br>• **Анкети за родители**<br>• **Анкета за наставници**<br>• **Планирања на наставнците (критериуми и** | Наставниот кадар и стручната служба редовно ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење при што од голема помош е училишниот дефектолог. Уште при уписот на учениците во прво одделение од самата лоби листа се сознаваат основните карактеристики на ученикот во однос на менталното, физичкото и социјалното здравје. Во понатамошното школување истиот се следи од страна на стручната служба и редовно се соработува со родителите и наставниците.<br>Во последно време доаѓаат се поголем број на деца со пречки во развојот од различен вид. Од учебна 2023/24 година сите ученици со ПОП се инклузираат во редовна настава, бидејќи се укинуваат посебни паралелкки. Така што |

| | |
|---|---|
| **стандарди за оценување)**<br>• **Разговор со ученичката заедница, наставниците, родителите**<br>• **Увид во евиденцијата на стручната служба**<br>• **Дневници на паралелките од одделенска и предметна настава**<br>• **Годишна програма за работа на директорот, педагогот и психологот и дефектолог**<br>• **Годишна програма на училиштето**<br>• **Записници од**<br>• **Одделенски и Наставнички совет**<br>• **Записници од Совет на родители**<br>• **Наставни планови и програми** | следењето на истите е императивен дел од работата на дефектологот. Врз основа на истото се конкретизираат стратегии за работа со тие ученици за надминување на нивните проблеми, почнувајќи со изработка на индивидуални образовни планови за работа, Индивидуална работа по модифицирана програма, индивидуализација на наставниот процес, вклучување на учениците во и СУА и дополнителна настава и користење на различни техники, форми и методи во наставата од страна на наставниците и редовни средби на состаноците на инклузивни тимови.<br>Стручната служба на училиштето ги идентификува образовните потреби на учениците преку примена на техники,тестирања, разговори со наставници, ученици и родители.<br>Стручната служба ова го бележи во работни тетратки, протоколи за набљудувања на час и разговори со родители и наставници, евидентни листи, прашалници и бележници.<br>Стручната служба ги презема овие активности за отстранување на пречките во процесот на учење кај учениците: советодавна работа со ученици, родители, наставници, разрешување на проблеми, помош во изготвување диференцирани задачи, идентификување на пречките, разговори, мотивирање и активирање.<br>Исто така им дава поддршка и им помага на наставниците во идентификување, отстранување или остварување на образовните потреби на учениците преку разговори, стручна литература, насоки за приод кон ученикот, обработка на теми за стручен актив и соработка во планирањата.<br>Идентификување и конкретизација на образовните потреби на учениците од предметна настава се врши од страна на наставниот кадар и стручната служба.<br>Со оглед на поставеноста на ученикот во центарот на вниманието, при реализацијата на наставниот процес, неопходно е и континуирано се преземаат активности за задоволување на образовните потреби, како и изнаоѓање начини за надминување на слабостите во процесот на учење.<br>Се преземаат многубројни активности за исполнување на образовните потреби и отстранување на пречките.<br>Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одреден предмет, активност на час, интересот на одредени ученици во одредени области и сл. За своите образовни потреби учениците разговараат со одделенскиот раководител, на одделенски часови, а со наставниците на Одделенски и Наставнички совет и на Совет на родители.<br>Преку низа активности (семинари, обуки ,советувања и вебинари) инволвираните наставници се стекнуваат со способности за создавање услови за исполнување на образовните потреби за сите ученици.<br>За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите.<br>Преку индивидуална работа со ученици/група ученици секој предметен наставник овозможува реализација на содржини за проширување на знаењата на учениците кои имаат повисоки постигања.<br>На тој начин во училиштето се почитуваат различните потреби на сите ученици и се реализираат во текот на наставните и воннаставните активности. |

**Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето**

**Подрачје 1.0.ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО**

**Индикатор 3.5.** ***Оценувањето како дел од наставата***

| **Теми:** | • **Училишна политика за оценување**<br>• **Методи и форми на оценување**<br>• **Користење на информациите од оценувањето во наставата** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Програма за работа на училиштето**<br>• **Стандарди за оценување**<br>• **Анкета за родители**<br>• **Кодекс на оценување**<br>• **Увид во педагошка евиденција и документација**<br>• **Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи, аналитички и холистички листи, чек- листи)**<br>• **Примери на оценети ученички трудови**<br>• **Анкети со ученици и наставници**<br>• **Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители** | Училиштето континуирано работи на подобрување на системот за оценување, со цел да се подобри поучувањето и учењето и придонесува за оптимален индивидуален напредок на секој ученик. Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во учебна 2022/23 година посебен акцент се ставаше на начинмите на оценување според новата концепција кои се разгледуваа на стручни активи. Во учебна 2023/24 година поради фузирање на наставните предмети и учење по модули, оценки ке ставаат сите наставници кои ги изведуваат модулите според дадените насоки од МОН.<br>Следењето и оценувањето на учениците се планира секоја година во рамките на годишниот план за работа се определуваат цели кои се поврзани со следењето и оценувањето. Следењето и оценувањето се планира во глобалниот годишен план, тематското-процесно планирање и оперативниот план за наставен час каде вклучени се: целите, принципите, стандардите, задачите, содржината, формите и методите, оценувањето и ресурсите поврзани со учењето по сите наставни предмети.<br>Унапредувањето на квалитетот на оценувањето е секојдневна наставна практика во нашето училиште, за што училиштето има усвоено училишна политика за оценување и во склоп на училишната програма има тим на наставници за оценување. Исто така во училиштето постои Правилник и програма за оценување и училишна политика за оценување како анекс кон Годишната програма.<br>Учениците и родителите се запознати како со стандардите за оценување така и со кодексот на оценување. Наставниците ги информираат учениците за начинот на работа и критериумите за оценување на почетокот од учебната година. Иако оценувањето е континуирано, за жал сеуште кај поедини наставници постои нетранспарентност, оценката не се образложува и на ученикот не му се нудат факти и сугестии како да го подобри својот успех.<br>Училиштето се стреми да ги насочи наставниците кон усогласување на критериумите за оценувањето на квантумот знаења на учениците почитувајќи ги критериумите и стандардите за оценување на веб- страницата на БРО.<br><br>Наставниците користат различни форми и методи за оценување со цел учениците да го постигнат својот максимум: усни одговори, наставни ливчиња, листи за аналитичко оценување и самооценување, чек- листи; тестови и писмени работи(со повеќе тежински нивоа), домашни работи, изработка на проекти, квизови, активност и ангажираност во текот на часот. |

| | |
|---|---|
| • **Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците** | Во процесот на поучување наставниците користат различни техники за учење. Оценувањето е резултат на целокупната активност на ученикот (се врши врз основа на усни одговори, решавање и изработка на задачи, тестови, проекти и целокупната активност и ангажираност на ученикот).<br><br>Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно и бројчано и тоа со оценки од недоволен (1) до одличен (5) за редовните предмети и недоволен еден, добар три и одличен пет за изборни предмети.<br><br>Учениците од I – III се оценуваат описно, од IV – VI се оценуваат описно и со бројчани оценки, а учениците од VII – IX се оценуваат само со бројчани оценки.<br><br>Поведението на учениците се оценува како: примерно, добро и незадоволително. Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби, кои се реализираат на почетокот на учебната година, како и за секоја добиена оценка на индивидуалните средби со родителите.<br><br>Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек- листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, заинтересираноста итн. Оттука, добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти. Различните приоди во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 1.0.ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО**

**Индикатор 3.6.** ***Известување за напредокот на учениците***

| **Теми:** | • **Известување на родителите за напредокот на учениците** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Увид во педагошка евиденција и документација**<br>• **Анкети со родители, ученици и наставници**<br>• **Евиденција на** | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, родителски состаноци кои се одржуваат најмалку четири пати годишно, индивидуални средби со родителите, секој родител има индивидуален пристап до електронскиот дневник каде може да го следи напредокот на неговото дете.<br>Средбите со родителите се добро организирани и на нив јасно се пренесуваат информациите. На овие средби се |

| | |
|---|---|
| наставници за остварени средби и соработка со родител<br>• Дневници на паралелки<br>• Ученички свидетелства<br>• Ученичко досие (изработки, чек-листи, контролни задачи и сл.)<br>• Електронски дневник<br>• Писмени работи<br>• Писмени извештаи<br>• Евидентни листови | разговара за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, за неопходноста од научно знаење, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивни црти на личноста. Вонредните родителски средби се одржуваат кога за тоа ќе се јави посебна потреба.<br>Од спроведената анкета најголем број на учениците во нашето училиште се согласуваат дека информациите за својот напредок во учењето ги добиваат преку редовно информирање од страна на нивните наставниците, евидентните листови кои ги добиваат на секои три месеци во кои се наведени оценките добиени по соодветните предмети, при што наставниците им предлагаат и начини за нивното подобрување, како и соодветните педагошки мерки и пофалби за нив.<br>Најголем број од родителите се произнесуваат во анкетата дека редовно се известувани за оценките на учениците и мерките за нивното подобрување и тоа преку добивање на пишани документи: евидентни листови, свидетелства и дипломи со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес, вклучувајќи информации за: оценките, поведението, педагошки мерки, бројот на изостаноци. Постигањата на учениците се евидентираат и во електронскиот дневник. Со пристап во е-дневникот секој родител може лесно да биде информиран за оценките и редовноста на своето дете, писмените работи и тестовите на знаење, домашните задачи, поведението итн.<br>Директорот и педагогот имаат пристап до електронски дневник за следење на работата на наставниците.<br>Индивидуалните средби со родителите се одвиваат по иницијатива на наставникот, стручната служба, директорот или по иницијатива на родителот. |

**Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето**

**Подрачје 1.0.ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО**

**Индикатор 6.1.** ***Сместување и просторни капацитети***

| **Теми:** | • **Просторни услови**<br>• **Искористеност на просторните капацитети** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Годишна програма за работа**<br>• **План за развој на училиштето**<br>• **Непосреден увид** | Воспитно-образовната дејност во училиштето се реализира во едно централно училиште во Куманово и едно подрачно училиште во с.Режановце. Според бројот на ученици и вработени, училишниот простор ги задоволува потребите на учениците за изведување на наставата.<br>Вкупната корисна површина на училишниот објект во ЦУ изнесува 1146м$^2$, игралиште 1050м$^2$ и уредена дворна површина 1560м$^2$. Вкупна површина во ПУ 539 м$^2$.<br>Објектот на основното училиште е од цврста градба. Училиштето е опремено со недоволен број на училишен инвентар и компјутери за сите ученици како во централното така и во подрачното училиште, во некои училници |

| | |
|---|---|
| • **Записници од Просветна и Санитарна инспекција**<br>• **Распоред на часови**<br>• **Полугодишен и годишен извештај за работа**<br>• **Записници од работа на Стручни активи** | инвентарот е стар и постојано се поправа од страна на хаусмајсторот. Неколку училници се обновени преку донации. Компјутерската опрема е застарена како за работа на учениците, така и за наставниците и стручната служба што се покажа како голем недостаток. Објектот е приклучен на електрична и водоводна мрежа. Училниците и нивната опременост во кои се реализира наставата ги задоволуваат просторните услови, што исто така е потврдено од најголемиот број на ученици, наставници и родители при спроведената анкета.<br>За реализација на наставата по физичко и здравствено образование училиштето има опремена спорстка сала на приземје на која е дотраен кровот и за време на дожд протекува на поедини места при што се уништува паркетот.. Централното училиште располага со уредни асфалтирани спортски терени околу кои за жал заштитната ограда започнува да се уништива од поединци.. Воспитно образовниот процес во централното училиште се реализира во 21 училница и 7 училници во ПУ. Проблем кој се провлекува со години е дотраената столарија во училниците од ПУ и подовите од кои се крева прашина и се губи топлина во тек на грејната сезона заради дотраените прозорци.<br>Просториите во централното училиште и подрачното училиште се затоплуваат со парно греење.<br>Училниците во ЦУ се со површина од 30м$^2$ а паралелките имаат најмногу 20 ученици (освен паралелките од предметна настава на албански наставен јазик каде бројот на ученици е голем), од што следува дека на еден ученик просечно му доаѓаат 2м$^2$, што е во согласност со стандардите.<br>Салата за физичко образование е со површина од 540м$^2$ која исто така ги задоволува потребите за реализација на наставната програма. За вработените има канцеларии со површина од 60м$^2$, добро опремени и пријатни за работа. Асфалтирани игралишта се со површина од 510м$^2$ и истите се безбедни и опремени за изведување на настава. Во подрачното училиште не постојат услови за одржување на наставата по ФЗО надвор бидејќи нема ограден училишен двор и спортски терени.<br>Хигиената во училиштето задоволува но, истата треба постојано да се одржува и подобрува. Треба да се каже дека при проверката на водата од локалниот водовод утврдено е дека истата е бактериолошки исправна за пиење. Работата во училиштето се изведува во две смени. Училниците и кабинетите максимално се користат за редовна настава и слободни ученички активности. |

**Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето**

**Подрачје 1.0.ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО**

**Индикатор 6.2.** ***Наставни средства и материјали***

| **Теми:** | • **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>• **Училишна библиотека**<br>• **Потрошен материјал** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Документација на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала**<br>• **Анкета со наставници**<br>• **Увид во библиотекарска евиденција**<br>• **Разговор со одговорно лице**<br>• **Анкета со ученици**<br>• **Документација за планирани и набавени помошни материјали**<br>• **Самоевалуација и план на развој на училиштето**<br>• **Полугодишен и** | Училиштето располага со разновидна стручна литература (библиотека со книги, списанија, прирачници, речници, лектирни изданија, енциклопедии). Наставните средства и помагала не се сите според стандардите и треба да се изврши набавка на нагледни средства и помагала според нормативите по сите наставни предмети, иако минатата учебна година училиштето од страна на општината беше обезбедено со наставни средства и помагала за прво и четврто одделение (6 смарт табли, проектори, нагледни средства...), согласно Новата концепција. Исто така од страна на МОН училиштето беше обезбедено со наставни средства и помагала за потребите на повеќе наставни предмети (природни науки, хемија, физика. Во училиштето имаме десет новоадаптирани училници благодарение на проектот НАНСЕН- интегрирано образование, кои се опремени со осум нови ЛЦД- проектори и осум нови лап- топ компјутери за тандем наставниците кои ја посетуваа обуката, кои се користат секојдневно во реализација на наставата со учениците. Исто така е опремен и кабинет по хемија и природни науки. Наставниците и учениците имаат овозможен пристап до кабелски и безжичен интернет и најголем број од наставниците и учениците се согласуваат што се гледа од анализата на анкетата на анкетираните наставници и ученици.<br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкетни листи кои ги доставува до секој наставник кој е задолжен да ги наведе потребните материјали за успешно изведување на наставната програма<br>Училишната библиотека е мала, без читална и располага со фонд од 9194 книги од различен жанр (8087 книги на македонски и 1033 книги на албански јазик) и тоа: лектирни изданија, слободна литература, стручна литература, сликовници, енциклопедии и др. и 74 книги на други јазици. Дел од лектирните изданија и друг вид на литература се распоредени во подрачното училиште. Евиденцијата на користењето на книгите од училиштето се води во посебна картотека, а во иднина ќе се настојува да се води во електронска форма. Од спроведената анкета се гледа дека поголем број од наставниците и учениците се изјасниле дека училишната библиотека не располага со доволен книжевен фонд за потребите на наставниците и недоволен број на книги/лектири кои им се потребни на учениците.<br>Ангажирани се двајца наставници за библиотекари и работното време во библиотеката е во вкупното работно време. Во наредниот период треба да се подобрат условите за работа во библиотеката, истата да не биде само место каде учениците ќе се задржуваат само кратко време додека земаат книги, туку истата да ја користат како читална. За тоа треба да се обнови инвентарот – маси, столици, витрини за книгите, со што значително ќе се промени амбиентот во неа. Исто така да се направат напори евиденцијата на користењето книги да се води во електронска форма како и библиотеката да се снабди со додатна литература на албански јазик. |

| | |
|---|---|
| **годишен извештај за работа**<br>• **Годишна програма за работа**<br>• **Записници од Стручни активи** | Според материјалните можности навремено се набавува потрошен материјал во потребна количина за сите вработени во училиштето. Исто така за тандемите наставници кои се вклучени во проектот НАНСЕН- интегрирано образование, нема никаков проблем со потребниот потрошен материјал, бидејќи истиот им се доставува од НДЦ-Скопје.<br>Спортската сала располага со доволен број спортски реквизити за реализација на програмата по физичко и здраствено образование. Минатата учебна година од страна на општината беа донирани спортски реквизите за потребите во наставата за прво и четврто одделение, согласно Новата концепција.<br>Сите постоечки нагледни средства се користат во наставата, за поквалитетно осмислување и реализирање на наставните содржини.<br>Хигиената ги задоволува потребите, а хигиенските средства благовремено се набавуваат од страна на училиштето. |

**РЕЗУЛТАТИ – Клучни јаки страни и слабости во училиштето**

**КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ**

- **Наставните планови и програми кои ги изработуваат наставниците се во согласност со донесените програмски документи од МОН и истите се реализираат во пропишан обем.**
- **Училиштето редовно ги запознава родителите и учениците со целите на наставните планови и програми по кои се реализира наставата и тоа преку родителските состаноци на ниво на паралелка.**
- **Секој ученик по сопствен избор и интерес избира во кои воннаставни активности ќе учествува но, и наставниците ги насочуваат учениците доколку ги препознаат нивните афинитети.**
- **Во училиштето има пропишани процедури за идентификација на различните индивидуални образовни потреби на учениците.**
- **Училишниот простор ги задоволува потребите за непречено одвивање на наставата и воннаставните активности.**
- **Задоволни родители од придобивките на бројните Проекти за негување на мултикултурализмот.**
- **Висок степен на соработка помеѓу наставниците.**
- **Во паралелките и воопшто во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на пол, националност и социјален статус.**
- **Се постигнуваат високи резултати на натптевари на различни нивоа благодарение на учениците и нивните ментори.**
- **Во ходниците и училниците поставената иконографија покажува дека се негува мултикултурализмот на високо ниво.**
- **Вработените ги препознаваат индивидуалните потреби и тешкотии на учениците.**

**СЛАБИ СТРАНИ**

- **Училишната библиотека не располага со доволен фонд на стручна литература и лектирни изданија.**
- **Во подрачното училиште нема спортски терен за изведување на настава по ФЗО и потребно е реновирање на спортската сала.**
- **Наставниот кадар има потреба од дополнителни обуки за работа со ученици со ПОП.**
- **Во подрачното училиште е потребна замена на дотраената столарија во училниците.**
- **Во централното училиште е потребно да се реновираат подрумските простории и училниците оштетени од поплава.**
- **Кровот на спортската сала и централното училиште е потребно да се реновира.**

- **Набавка на нов училишен инвентар за ПУ и ЦУ.**
- **Комплетирање на училиштето со современи наставни средства и помагала.**
- **Набавка на ИК технологија.**
- **Почетно организирање на заеднички часови од мешан состав во рамките на редовна настава.**
- **Покренување на иницијатива за вклучување на родителите и учениците за давање на нивни сугестии во оформување на НПП.**
- **Потреба од реновирање на фасадата во училиштето.**
- **Продолжување на формирање на секции од мешан етнички состав.**

**ПОДРАЧЈЕ: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

***„Најубавата работа кај учењето е тоа што знаењето никој никогаш не може да ти го земе !“ - Б.Б. Кинг***



**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 2.0 ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| бр. | Индикатори за квалитет | **Членови на работната група:**<br>***Милена Петковска – координатор***<br>***Членови: Слаѓана Николовска, Валентина П.Благоевска, Афердита Беги*** |
|---|---|---|
| | | **Т е м и:** |
| 2.1 | **Постигања на учениците** | • Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, според наставни предмети  и според квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигањата на учениците од различен пол  и етничка припадност<br>• Идентификација на ученици со потешкотии во учењето, на надарените ученици и  на ученици со посебни образовни потреби<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна / додатна настава<br>• Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование<br>• Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците |
| 2.2 | **Задржување / отсипување на учениците** | • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Отсипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |
| 2.3 | **Повторување на учениците** | • Ученици кои не ја завршуваат годината |
| 3.6 | **Известување за напредокот на учениците** | • Известување на родителите за напредокот на учениците |
| 4.4 | **Следење на напредокот** | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |
| 5.2 | **Промовирање на постигањата** | • Промовирања на личните постигања на учениците<br>• Промовирања на постигањата во име на училиштето |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 2.0 ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Индикатор 2.1.** ***Постигања на учениците***

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност<br>• Идентификација на ученици со потешкотии во учењето, на надарените ученици и на ученици со посебни образовни потреби<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна / додатна настава<br>• Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование<br>• Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците |
| Извори на податоци | |
| • **Електронски дневник**<br>• **Анализи на успех**<br>• **Евидентни листови за успех и поведение**<br>• **Споредбени прегледи од резултати од оценувањето**<br>• **Полугодишен извештај**<br>• **Записници од Наставнички совет и Одделенски совети**<br>• **Записници од Стручни активи** | • **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, според наставни предмети и според квалификациони периоди**<br>Од годишните извештаи за работа на училиштето може да се добијат детални податоци за успехот на учениците по предмети, паралелки, пол, етничка припадност за сите класификациони периоди. Со години наназад поголем број од учениците постигнуваат високи резултати во однос на оние со пониски резултати. Исто така повисоки резултати се постигаат по предметите кои ги нарекуваме вештини и изборните предмети во однос на природната група на предмети. Од податоците за постигања на учениците според пол со кои располагаме во училиштето покажуваат дека и од двата пола учениците покажуваат приближен успех, а според етничката припадност најслаби се Ромите.<br>• **Подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност**<br>Според национален состав послаби резултати покажуваат учениците од ромска националност, додека учениците од македонска, српска и албанска националност се со приближен општ успех. Причината за послабиот успех на учениците од ромска националност се гледа во: нискиот образовен статус на родителите, недоволно познавање на македонскиот јазик, често иселување во странство, висок степен на невработеност на родителите и др. За надминување на овој проблем кај учениците од ромска националност училиштето има остварено соработка со невладини организации. Во спроведената анкета наставниците истакнале дека кога имаат потреба се консултираат со стручната служба за подобрување на постигањата на учениците - 26 од анкетираните потполно се согласуваат, 23 се согласуваат и само 1 не се согласува со изјавата за консултирање.<br>Училиштето беше дел од Нансен моделот на интегрирано образование. Тоа значи дека постојат тандеми наставници од македонска и албанска националност кои реализираа заеднички часови во нижите одделенија и слободни ученички активности во вишите одделенија. Истите наставници најпрво имаа следено базична обука, некои од нив имаат поминато и напредно ниво на обука., а еден тандем на наставници имаат посетено и завршено специјалистичка обука. |

| | |
|---|---|
| • **Анкети со наставници, родители и ученици**<br>• **Годишна програма за работа и Извештај за работа на училиштето**<br>• **Извештаи од стручна служба** | Наставниците кои се вклучени во Нансен работат во добро опремени училници и имаат дополнителни средства за работа, со што се овозможува соработка и соживот помеѓу учениците различни националности , како и подобрување на успехот и постигањата во учењето. Во учебна 2023/24 година слободните ученички активности ќе продолжат да ги реализираат тандемите наставници помеѓу смените.<br>Училиштето аплицира на неколку Еразмус проекти, од кои еден е одобрен, еден е завршен а еден сеуште трае. Од Еразмус проектите бевме домаќини на гости од Проектот „Co-learning“ во месец април,и бевме домаќини на завршен настав на Проектот „We!, For us!, About us!, Not only for us!“ во мај 2023 година.<br><br>• **Идентификација на ученици со потешкотии во учењето, на надарените ученици и на ученици со посебни образовни потреби**<br>Во однос на идентификација на ученици со ПОП во училиштето работи дефектолог кој заедно со наставниците и образовните асистенти овие ученици ги следи во работата индивидуално. Наставниците по инструкции на дефектологот изготвуваат долгорочни и среднорочни планирања и индивидуални образовни планови и воедно сите посетија семинар за работа со деца со ПОП од страна на Институт за дефектологија при Филозофски факултет – Скопје, при што добија основни познавања за работа со оваа категорија ученици. Ова го спроведовме од добиените средства од втора рунда на грантови од Проектот за модернизација на образованието.<br>Училиштето има систем за идентификација на ученици од разни области. Постојат списоци на ученици со ПОП, талентирани,со потешкотии во учење и др. кои се чуваат во стручната служба. Понатаму идентификацијата се врши преку упис во прво одделение и од наставниците кои го пратат нивниот напредок. Освен наставникот, учениците се следат и од стручната служба преку различни активности: разговор со родители, разговор со наставници, индиректен увид во семејната положба, соработка со Центар за социјални работи, евиденција од наоди и мислења од лекар, комисија за категоризација (МКФ категоризација) и Совет на родители. Во периодот од 2022 до 2024 година во училиштето беа ангажирани 2 образовни асистенти во соработка со Ресурсен центар „Иднина“, Скопје кои работат со ученици со ПОП во нашето училиште. Од февруари 2023 година се изготвуваат и Модифицирани програми за секој ученик кој има направена проценка од МКФ и му пишува да работи по истата.<br><br>• **Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна / додатна настава**<br>Со учениците со потешкотии во учење работат сите членови на стручната служба од кои добиваат насоки за начинот како да учат и наставниците на часовите за дополнителна настава која редовно се одржува според предвидениот распоред. Наставниците се изјасниле во анкетата дека посетата на дополнителна настава влијае врз подобрување на успехот – 14 потполно се согласуваат со изјавата, 34 се согласуваат а само 2 не се согласуваат. Со учениците кои што постигнуваат повисоки резултати по одделни предмети работат наставниците како ментори на часови по додатна настава, избирајќи соодветни активности според нивните можности и потреби.<br>За подобрување на постигањата на учениците поголем дел од наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари (активни методи на работа во групи, тимска работа, изведбени активности, разговор, презентација и демонстрација, ИКТ во наставата). Со тоа часовите мотивационо делуваат на учениците и комуникацијата е на повисоко ниво. Во однос на оценувањето, дел од наставниците настојуваат транспарентно да ја |

| | |
|---|---|
| | ставаат оценката по што следи образложување на истата. Исто така сумативна оценка е поткрепена со формативно следење, при што е многу поголема објективноста и праведноста при оценувањето.<br><br>• **Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование**<br>За преминот од пониски во повисоки одделенија училиштето прави споредба за преминот на учениците од одделенска во предметна настава во Годишниот извештај. Споредбени анализи за преминот на учениците по трите класификациони периоди сеуште не се прават. Училиштето не добива ниту пак бара податоци за постигањата на учениците по премин во наредниот циклус односно средно образование.<br><br>• **Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците**<br>Како што истакнавме претходно во училиштето се следат постигањата на ученици при преминот од одделенска во предметна настава, но не постои следење на постигања по класификациони периоди, како и подетална споредба за постигања меѓу паралелки од иста или различна генерација. Всушност, училиштето нема пропишано политика за хоризонтално и вертикално движење на учениците. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 2.0 ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Индикатор 2.2. Задржување / отсипување на учениците**

| **Теми:** | • **Опфат на учениците**<br>• **Редовност во наставата**<br>• **Осипување на учениците**<br>• **Премин на ученици од едно училиште во друго** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Податоци од одделенски раководители, одделенски дневници**<br>• **Податоци од административна служба (секретарот) и главна книга**<br>• **Програма за работа и Извештај за работа на училиштето**<br>• **Списоци на деца од реонот на училиштето**<br>• **Известувања МОН и ДПИ** | • **Опфат на учениците**<br>Училиштето има капацитет да ги опфати учениците од реонот. Исто така има изготвено план за прием на ученици во прво одделение со активности кои се спроведуваат во месец мај. Добиваме податоци од Општината за опфат на ученици – список на деца обрзници (родени во определена година) за поаѓање на училиште. Исто така даваме комплетни податоци од општинскиот список до ДПИ, Општински просветен инспектор и Сектор за образование за секое дете – обврзник (преселба, промена на адреса и др.)<br>За опфатот на сите ученици училиштето презема различни активности како што се: покани, соопштенија, флаери, ЛОБИ листи, соработка со градинки и други училишта од градот кое е испланирано во Планот за прием на првачиња изготвен од стручната служба во тек на месец април од тековната учебна година.<br>Доколку родителите не се јават на поканата, се праќа втора покана и доколку никој од родителите не се јавува и на втората покана и реонските обрзници не се запишани во училиште се известуваат надлежните служби ( ДПИ, Општински просветен инспектор, Сектор за образование) и праќаме допис до МВР со незапишаните обврзници. На крај се посетуваат стручните служби од другите училишта или по електронски пат се проверува дали некој ученик кој припаѓа на реонот на нашето училиште е запишан во друго училиште и воедно даваме информации на другите стручни служби со запишани првачиња во нашето училиште.<br><br>• **Редовност во наставата**<br>Во тек на 2021/22 учебна година во централно училиште направени се вкупно 4440 изостаноци од кои 2162 во прв воспитно –образовен период, 1286 во втор воспитно-образовен период 992 во трет воспитно-образовен период. Вкупно се направени 392 неоправдани изостаноци од кои 41 во прв воспитно-образовен период, 44 во втор воспитно-образовен период и 309 во третиот воспитно-образовен период. За оваа учебна година имам вкупно 4832 изостаноци во централното училиште.<br>Во подрачното училиште направени се вкупно 879 оправдани изостаноци од кои: 309 во прв воспитно-образовен период, 240 во втор воспитно-образовен период и 330 во трет воспитно-образовен период. Неопрвадани изостаноци има 41 и сите се во третиот воспитно-образовен период. Вкупно во подрачно училиште за оваа учебна година имаме 920 изостаноци. |

| | |
|---|---|
| | Голем дел од неоправданите изостаноци се направени од страна на ученици кои континуирано бележат изостанувања од наставата во текот на целата учебна година.<br>Во тек на 2022/23 учебна година во централно училиште направени се вкупно 2998 изостаноци од кои 939 во прв воспитно –образовен период, 858 во втор воспитно-образовен период и 1201 во трет воспитно-образовен период. Вкупно се направени 637 неоправдани изостаноци од кои 54 во прв воспитно-образовен период, 158 во втор воспитно-образовен период и 461 во третиот воспитно-образовен период. . Вкупно се направени 2325 оправдани изостаноци од кои 885 во прв воспитно-образовен период, 700 во втор воспитно-образовен период и 740 во третиот воспитно-образовен период.<br>Во подрачното училиште направени се вкупно 1036 изостаноци од кои: 527 оправдани изостаноци во прв воспитно-образовен период, 318 оправдани изостаноци во втор воспитно-образовен период и 191 изостаноци од кои 181 оправдани изостаноци и 10 неоправдани во трет воспитно-образовен период. Вкупно во подрачно училиште за оваа учебна година имаме 1036 изостаноци од кои 1026 оправдани и 10 неоправдани изостаноци.<br>Голем дел од неоправданите изостаноци се направени од страна на ученици кои континуирано бележат изостанувања од наставата во текот на целата учебна година.<br>Изостаноците, а особено неоправданите изостаноци се покажало дека ги прават секогаш една група на ученици за кои се спроведуваат соодветни мерки според Законот за основно образование, воедно и редовно контактираме со ДПИ и Центарот за социјални работи.<br>Според етничка припадност се забележува значително поголема нередовност кај учениците од ромската етничка припадност во споредба со останатите ученици. Нередовноста на учениците Роми се должи на отсуство поради сезонска работа (на почеток и на крај од учебната година) на која одат со нивните родители, иселување во странство – азил, низок социо - економски статус и субстандардни услови за живеење кои се причина за честите заболувања и слично.<br>За надминување на овој проблем училиштето (стручната служба), води разговори и стручни советувања со ученици и родители со направени над десет неоправдани изостаноци, се води континуирана евиденција за отсуствата на учениците и за учениците кои одат во странство и се враќаат од таму.<br>Во анкетата, наставниците ги навеле следните мерки кои ги преземаат како одделенски раководители – имаат редовни контакти со родител за отсуство, разговор со ученици и родители, запишување во дневник и барање на оправдување од лекар или родител, советување на одделенски час и слично.<br>Учениците во анкетата потврдуваат за мерките од наставниците. На изјавата дека одделенскиот раководител редовно води евиденција за редовност најголем дел од учениците се согласуваат.<br>Анкетираните родители пак наведуваат кои мерки ги превземаат тие за редовност – ги мотивираат со разговор и советување да се однесуваат примерно, редовно да учат, да бидат подготвени на час и слично.<br>• **Осипување на учениците**<br>Во учебна 2022/23 година после подолг период тројца ученици го повторуваа одделението. Од големо значење е улогата на одд. раководители и членовите на стручната служба кои се во контакт со родителите на овие ученици при што им даваат насоки за отсуството, начинот на разговори, давање на поддршка...<br>Дел од учениците поради продавање на имот се осипуваат од овој дел на градот и се преселуваат во други реони. Во последен период се забележува зголемена тенденција на иселување на учениците со своите семејства во странство. Родителите даваат изјави кога ги земаат децата за да побараат иселенички азил во странство. Драстично се намалува |

| | |
|---|---|
| | бројот на ученици во паралелките на македонски наставен јазик а сега почна да стагнира и бројот на ученици во паралелките на албански наствен јазик.<br><br>• **Премин на ученици од едно училиште во друго**<br>Училиштето добива редовно податоци за продолжување на школувањето на нашите ученици. Секоја година од страна на стручната служба се прибираат информации за запишани ученици во средени училишта доставуваат до ДПИ за упис на сите наши ученици кои не се запишани во средните училишта во градот и пошироко.<br>Стручната служба на училиштето контактира со службите од другите училишта за добивање на согласности за прием на децата кои или доаѓаат или одат од нашето училиште. Исто така службата соработува и дава педагошко-инструктивна работа на одделенските раководители за евидентирање и регулирање на измените во Главни книги која како обврска ја има секој одделенски раководител. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 2.0 ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Индикатор 2.3.** ***Повторување на ученици***

| **Теми:** | • **Ученици кои не ја завршуваат годината** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Анализа на успех на учениците по квартали**<br>• **Педагошка евиденција и документација**<br>• **Записници од Наставнички совети**<br>• **Податоци од советување на родители**<br>• **Закон за основно** | • **Ученици кои не ја завршуваат годината**<br><br>Во училиштето постојат процедури за полагање на одделенски испити како и посета на продолжителна настава. Во учебна 2022/23 година тројца ученици беа упатени на полагање на одделенски испит поради нередовност, двајца од нив поднесоа молба до училиштето за полагање и ниту еден од тројцата ученици не се појавија на полагање во јунски и августовски испитен рок и беа оставени во истото одделение.<br>Во училиштето не постојат пропишани процедури за идентификација и анализа на причините за повторување на учебната година, освен што по долгогодишно искуство и следење се добиваат сознанија дека нередовноста на учениците е најчеста причина за послаб успех, па дури и повторување на година.<br>При спроведување на одделенските испити, наставниците и стручната служба се раководат по пропишаните правилници за полагање на одделенските испити, Законот за основното образование, интерните процедури и Статутот на училиштето. |

| | |
|---|---|
| **образование**<br>• **Статут на училиштето**<br>• **Програма за работа на Училишен одбор**<br>• **Анализи на прашалници** | |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 2.0 ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Индикатор 3.6.** ***Известување за напредокот на учениците***

| **Теми:** | • **Известување на родителите за напредокот на учениците** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Електронски дневник**<br>• **Увид во педагошка евиденција и документација**<br>• **Анкети со родители, ученици и наставници**<br>• **Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родител** | • **Известување на родителите за напредокот на учениците**<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца кој доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, родителски состаноци кои се одржуваат најмалку четири пати годишно, индивидуални средби со родителите.<br>Средбите со родителите се добро организирани и на на нив јасно се пренесуваат информациите. На овие средби се разговара за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, за неопходноста од знаењата што треба да ги стекнат, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивни црти на личноста. Вонредните родителски средби се одржуваат кога за тоа ќе се јави посебна потреба. Информации за својот напредок во учењето учениците добиваат преку редовно информирање од страна на нивните наставниците, евидентните листови кои ги добиваат на секои три месеци во кои се наведени оценките добиени по соодветните предмети како и соодветните педагошки мерки и пофалби за нив.<br>Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелства и дипломи со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес, вклучувајќи информации за: оценките, поведението, педагошки мерки, бројот на изостаноци. Во овој период во Додатокот на свидетелство за секој ученик подетално се |

| | |
|---|---|
| • **Дневници на паралелки**<br>• **Ученички свидетелства**<br>• **Ученичко досие (изработки, чек-листи, контролни задачи и сл.)**<br>• **Писмени работи**<br>• **Евидентни листови** | образложени и ангажманите на учениците во тек на целата учебна година. Постигањата на учениците се евидентираат и во електронскиот дневник. Со пристап во е-дневникот секој родител може лесно да биде информиран за оценките и редовноста на своето дете, писмените работи и тестовите на знаење, домашните задачи, поведението итн.<br>Во спроведената анкета, за изјавата – Редовно сме известени за оценките на учениците и мерките за нивното подобрување, најголем дел од родителите потполно или делумно се согласуваат. Со оваа изјава се потврдува дека родителите се навремено известени за оценките во ова училиште.<br>И учениците во анкетата потврдуваат дека се делумно известени за оценките.<br>Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, одржува и стручна служба притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на овој проблем. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 2.0 ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Индикатор 4.4.** ***Следење на напредокот***

| **Теми:** | • **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>• **Анализа на напредокот на учениците по паралелки** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Извештаи и анализи од сите тримесечја и крајот на учебната година**<br>• **Табеларни прегледи**<br>• **Педагошка евиденција и документација и записници од родителските** | • **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>Поголем број од наставниците, според одговорите од анкетираните ученици водат редовна евиденција за напредувањето на секој ученик. Исто така, на ниво на училиште, родителите на секој класификациски период континуирано се известуваат за постигањата на своите деца, како и за нивниот напредок.<br>Соработката меѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците и родителите во врска со следењето на напредокот на учениците е добра и се одвива преку:<br>-редовни стручни состаноци (Наставнички совети, Советите на одделенските наставници за одделенска и предметна настава, Стручни активи), на кои се разменуваат мислења и се дискутира за постигањата на учениците и нивното напредување;<br>-усни извештаи од наставниците за успехот и поведението на учениците на секој класификациски период кои се презентираат на Наставничките совети;<br>-записници од одржани родителски средби за секој класификациски период; |

| | |
|---|---|
| **состаноци**<br>• **Евиденции на стручна служба за: ученици со три и повеќе слаби; новодојдени и заминати ученици; нередовни ученици, ученици на кои им се изречени пофалби и педагошки мерки, ученици кои со родителите заминале на работа во странство;**<br>• **Податоци од советување на родители**<br><br>• **Записнички книги од Наставнички совети и Совет на родители**<br>• **Годишен извештај за работа на училиштето** | -евиденција на сите ученици со три и повеќе слаби и изречени педагошки мерки;<br>-пополнување на табелари за секој класификациски период со релевантни податоци за успехот на учениците од сите одделенски наставници и класни раководители;<br>-разгледување на квалитетно изготвени анализи, извештаи и предлог-мерки за подобрување на успехот и напредокот на учениците од стручната служба кои се презентираат на Наставничките совети, Советот на родителите и пред Училишниот одбор.<br><br>• **Анализа на напредокот на учениците по паралелки**<br>**ЦЕНТРАЛНО УЧИЛИШТЕ**<br>Во централното и подрачното училиште врз основа на податоците добиени од табеларите направена е комплетна анализа на успехот и поведиението на учениците за учебна 2021/22 година.<br>Во централното училиште учениците од прво до третто одделение се оценуваат описно и според статистичките показатели покажаа висок успех. Од 142 ученици во категорија А(ученици кои покажуваат високи резултати) се оценети 72,54% од учениците и тоа машки 36,62% а женски 35,92%. Во категорија Б(ученици кои постигнале просечни резултати) имаме 20,42% од кои 11,27% машки и 9,15% женски. Од учениците на кои им е потребна индивидуална помош и ставени се во категорија В - 7,04% се 5,63% машки и 1,41% женски.<br>Гледано по предмети има ученици на кои им е потребно дополнителна помош по предметите математика, природни науки, и англиски јазик, додека по предметите кои спаѓаат во групата вештини, учениците покажале највисоки резултати.<br>Во однос на полот машките ученици постигнале повисоки резултати во однос на женските во категорија А и Б, а додека во категорија В индивидуална помош повеќе им е потребна на машките.<br>Учениците од вториот воспитно-образовен период од IV до VI одделение (кои во трите класификациони периоди се оценуваа описно, на крај на учебната година добија бројчани оценки и ги постигнаа следните резултати: 60,57% (27,47% мапки и 33,10% женски) се одлични. 23,10% (15,49% машки и 6,34% женски) се многу добри. 11,97% (7,75% машки и 4,22% женски) се добри, и 5,63% (4,22% машки и 1,41% женски) се доволни.<br>Највисок успех учениците постигнале по предметите слободни изборни предмети со среден успех 4,73, ФЗО со среден успех 4,66, работа со компјутери со среден успех 4,54, ликовно образование со среден успех 4,48, германски јазик со среден успех 4,45, и историја со среден успех 4,28.<br>Во однос на пол во групата одлични ученици повисок успех постигнале женските (33,10), во група многу добри повисок успех имаме кај машките (15,49), во група добри повисок успех имаме кај машките (7,75), и во групата доволни исто така повеќе се машки (4,22).<br>Средните успеси по генерации за оваа учебна година во вториот класификационен период се: IV одд. со среден успех 4,42, V одд. со среден успех 4,38 и VI одд. со среден успех 3,90.<br>Во третиот класификационен период (VII-IX одд.) каде учениците се оценуваат бројчано, 44,87% (17,31% машки и 27,56% женски) се одлични, 24,36% (15,38% машки и 8,98% женски) се многу добри, 22,44% (17,31% машки и 5,13% женски) се добри и 8,33% (6,41% машки и 1,92% женски) се доволни.<br>Највисок успех по предмети е следниот: изборен спорт со среден успех 4,86, програмирање со среден успех 4,59, ФЗО со среден успех 4,68, ликовно образование со среден успех 4,47, техничко образование со среден успех 4,43. |

Во однос на пол во група одлични ученици повисок успех имаме кај женските (27,56%), многу добри се повеќе машки (15,38%), добри се повеќе машки (17,31%) и доволни се повеќе машки (6,41%).
Средни успеси по генерации за оваа учебна година се: 4,01 за VII одделение, 3,95 за VIII одделение и 4,02 за IX одделение.
Среден успех од IV до VI одделение е 4,37, од VII до IX одделение 3,99 и среден успех на ниво на централно училиште со бројчано оценување е 4,18.
Во централно училиште движење на негативен успех по класификациони периоди е следниот: во прв клсификационен период 21 ученик со слаби оценки, на полугодие 12 ученици со слаби оценки, третиот класификационен период 17 ученици со слаби оценки и за крај на учебна година нема ученици со слаби оценки. Еден ученик од прво одделение со ПОП со согласност на родителите задржан е во истото одделение и за наредна учебна година.
Три ученика беа испратени на продолжителна настава и беа оценети со позитивен успех.

**ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ**

Во подрачното училиште учениците од I до III третто одделение се оценуваат описно и според статистичките показатели покажаа висок успех.
Во категорија А - 66.67% од кои 33,33% машки и 33,33% женски. Во категорија Б – 33,33% од кои 16,67% машки и 16,67% женски. Ниту еден ученик од подрачното училиште не е ставен во категорија В.
Гледано по предмети имаме само 2 ученици на кои им е потребна дополнителна помош по предметот математика. Највисоки резултати постигнале по вештини и англиски јазик.
Учениците во вториот воспитно-образовен период од IV до VI (кои се оценуваат бројчано на крајот на учебната година) ги постигнаа следните резултати: 73,34% (40% машки и 33,34% женски) се одлични, 13,33% (0% машки и 13,33% женски) се многу добри, 13,33% (13,33% машки и 0% женски) се добри и доволни ученици нема.
Највисок успех по предмети постигнале: ФЗО и ликовно образование со среден успех 4,87, информатика, техничко образование, слободни изборни предмети со среден успех 4,80. Најнизок среден успех постигнале по предметите општество со среден успех 4,00, и 4,07 по математика.
Од третиот воспитно-образовен период (VII до IX одделение) каде учениците се оценуваат бројчано 40,91% (13,64% машки и 27,28% женски) се одлични. 13,64% (9,09% машки и 4,54% женски) се многу добри. 45,45% (40,91% машки и 4,54% женски) се добри и доволни ученици нема.
По предмети највисок успех има по ФЗО, танци и народни ора и техничко образование со среден успех 5,00, информатика со среден успех 4,67 и ликовно образование 4,32. Најнизок среден успех учениците постигнале по граѓанско образование 3,38, математика 3,32 и историја 3,23.
Средни успеси по генерации за оваа учебна година во ПУ с.Режановце се IV одд. со среден успех 4,58, V одд. со среден успех 4,38, VI со среден успех 4,57, VII одд. со среден успех 4,14, VIII одд. со среден успех 4,00 и IX одд, со среден успех 3,52.
Среден успех бројчано оценување на ниво на подрачно училиште е 4,18.
Движење на негативен успех: во тек на прв класификационен период имавме 7 ученици со слаби оценки. На полугодие бројот на ученици со слаби оценки е 2, а третиот класификационен период и на крај на учебна година нема ученици со

| | |
|---|---|
| | слаби оценки.<br>Средниот успех во централно училиште е 4,18, во подрачно училиште 4,18 и среден успех на ниво на цело училиште за учебна 2021/22 година е 4,18.<br>Споредено со минатата учебна година на ниво на училиште средниот успех е зголемен од 4,10 на 4,18. Од кои од IV до VI одд. од 4,21 на 4,37, и од VII до IX одд. од 3,98 на 3,99.<br>При премин од V во VI одд. се гледа дека учениците: во V1, V2, V3 одд. имаат постигнато повисоки резултати а V4 и V5 одд. пониски резултати.<br>**ЦЕНТРАЛНО УЧИЛИШТЕ**<br>Во централното и подрачното училиште врз основа на податоците добиени од табеларите направена е комплетна анализа на успехот и поведиението на учениците за учебна 2022/23 година.<br>Во централното училиште учениците од прво до третто одделение се оценуваат описно и според статистичките показатели покажаа висок успех. Од 138, ученици во категорија А(ученици кои покажуваат високи резултати) се оценети 110 ученици и тоа 78,98% од учениците и тоа машки 38,40% а женски 40,58%. Во категорија Б(ученици кои постигнале просечни резултати) имаме21 ученик и тоа 15,22% од кои 7,97% машки и 7,25% женски. Од учениците на кои им е потребна индивидуална помош и ставени се во категорија В – 7 ученици од кои 5.80% се 4,35% машки и 1,45% женски.<br>Гледано по предмети има ученици на кои им е потребно дополнителна помош по предметите математика, природни науки, и англиски јазик, додека по предметите кои спаѓаат во групата вештини, учениците покажале највисоки резултати.<br>Во однос на полот женски ученици постигнале повисоки резултати во категорија А, во категорија Б се изедначени, а додека во категорија В индивидуална помош повеќе им е потребна на машките.<br>Учениците од вториот воспитно-образовен период од IV до VI одделение (кои во трите класификациони периоди се оценуваа описно, на крај на учебната година добија бројчани оценки и ги постигнаа следните резултати: 62,69% се одлични(26,87% машки и 35,82% женски, 22,39% (14,18% машки и 8,21% женски) се многу добри. 11,94% (9,70% машки и 2,24% женски) се добри 2,98% (2,24% машки и 0,74% женски) се доволни.<br>Највисок успех учениците постигнале по предметите слободни изборни предмети со среден успех 4,73 ФЗО со среден успех 4,75, музичко образование 4,74, ликовно образование со среден успех 4,72.<br>Најнизок успех постигнале по предметот македонски јазиик со среден успех 3,89 и информатика и историја 3,98.<br>Во однос на пол во групата одлични ученици повисок успех постигнале женските (35,82%), во група многу добри повисок успех имаме кај машките (14,18%), во група добри повисок успех имаме кај машките (9,70%), и во групата доволни исто така повеќе се машки (2,24%).<br>Средните успеси по генерации за оваа учебна година во вториот класификационен период се: IV одд. со среден успех 4,59, V одд. со среден успех 4,50 и VI одд. со среден успех 4,26.<br>Во третиот класификационен период (VII-IX одд.) каде учениците се оценуваат бројчано, 49,69% (19,88% машки и 29,81% женски) се одлични, 26,71% (15,53% машки и 11,18% женски) се многу добри, 20,50% (18,01% машки и 2,49% женски) се добри и 3,10% (2,49% машки и 0,6% женски) се доволни.<br>Највисок успех по предмети е следниот: техничко образование изборен предмет со среден успех 4,89, изборен спорт со среден успех 4,88, ликовно образование со среден успех 4,75 и музичко образование со среден успех 4,58. |

Најнизок успех по предмети е следниот: математика со среден успех 3,68, физика со среден успех 3,76, истражување на родниот крај со среден успех 3,77 и хемија со среден успех 3,78.
Во однос на пол во група одлични ученици повисок успех имаме кај женските (29,81%), многу добри се повеќе машки (15,53%), добри се повеќе машки (18,01%) и доволни се повеќе машки (2,49%).
Средни успеси по генерации за оваа учебна година се: 4,25 за VII одделение, 4,03 за VIII одделение и 4,07 за IX одделение.
Среден успех од IV до VI одделение е 4,43, од VII до IX одделение 4,10 и среден успех на ниво на централно училиште со бројчано оценување е 4,26.
Во централно училиште движење на негативен успех по класификациони периоди е следниот: во прв класификационен период 26 ученик со слаби оценки, на полугодие 14 ученици со слаби оценки, третиот класификационен период 19 ученици со слаби оценки и за крај на учебна година нема ученици со слаби оценки.
Три ученика беа упатени за полагање на одделенски испит поради нередовно посетување на настава.

**ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ**

Во подрачното училиште учениците од I до III третто одделение се оценуваат описно и според статистичките показатели покажаа висок успех.
Во категорија А – 66,67% од кои 40% машки и 26,67% женски. Во категорија Б – 33,33% од кои 6,66% машки и 26,67% женски. Ниту еден ученик од подрачното училиште не е ставен во категорија В.
Гледано по предмети имаме само 2 ученици на кои им е потребна дополнителна помош по предметот македонски јазик, англиски јазик и математика. Највисоки резултати постигнале по вештини.
Учениците во вториот воспитно-образовен период од IV до VI (кои се оценуваат бројчано на крајот на учебната година) ги постигнаа следните резултати: 73,33% (46,67% машки и 26,66% женски) се одлични, 20% (6,67% машки и 13,33% женски) се многу добри, 6,67% (6,67% машки и 0% женски) се добри и доволни ученици нема.
Највисок успех по предмети постигнале: ФЗО со среден успех 4,93, информатика, техничко образование и информатика со среден успех 4,70, слободни изборни предмети со среден успех 4,70 и музичко и ликовно образование со среден успех 4,87. Најнизок среден успех постигнале по предметите историја со среден успех 3,60 и географија со среден успех 3,80.
Од третиот воспитно-образовен период (VII до IX одделение) каде учениците се оценуваат бројчано 50% (18,75% машки и 31,25% женски) се одлични. 31,25% (6,25% машки и 25% женски) се многу добри. 18,75% (18,75% машки и 0% женски) се добри и доволни ученици нема.
По предмети највисок успех има по ФЗО и танци и народни ора се со среден успех 5,00, музичко образование 4,88 и ликовно образование 4,81. Најнизок среден успех учениците постигнале по математика 3,44, македонски јазик 3,69, историја 3,56 и географија 3,69.
Средни успеси по генерации за оваа учебна година во ПУ с.Режановце се IV одд. со среден успех 4,43, V одд. со среден успех 4,97, VI со среден успех 4,23, VII одд. со среден успех 4,29, VIII одд. со среден успех 3,91 и IX одд, со среден успех 4,25.
Среден успех бројчано оценување на ниво на подрачно училиште е 4,31.
Движење на негативен успех: во тек на прв класификационен период имавме 2 ученици со слаби оценки. На полугодие

| | |
|---|---|
| | бројот на ученици со слаби оценки е 7, а третиот класификационен период и на крај на учебна година нема ученици со слаби оценки.<br>Средниот успех во централно училиште е 4,26, во подрачно училиште 4,31 и среден успех на ниво на цело училиште за учебна 2022/23 година е 4,28.<br>Споредено со минатата учебна година на ниво на училиште средниот успех е зголемен од 4,18 на 4,26. Од кои од IV до VI одд. од 4,37 на 4,43 и од VII до IX одд. од 3,99 на 4,10.<br>При премин од V во VI одд. се гледа дека учениците: во V1, V3 одд. имаат постигнато повисоки резултати а V2, V4 и V5 одд. пониски резултати. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 2.0 ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Индикатор 5.2.** ***Промовирање на постигањата***

| **Теми:** | • **Промовирање на личните постигања на учениците**<br>• **Промовирање на постигањата во име на училиштето** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Годишен извештај за работа на учениците** | • **Промовирање на личните постигања на учениците**<br>Одделенските и предметните наставници редовно ги следат конкурсите за натпревари и манифестации и учествуваат на истите.<br>Училиштето континуирано ги мотивира и охрабрува учениците да земаат учество во училишните, општинските и републичките активности, манифестации и натпревари. Наставниците ментори работат со учениците на додатна настава при што ги спремаат за престојните натпревари на општинско, регионално и државно ниво. Како добра пракса продолжија и онлајн конкурсите во училиштето и после пандемијата.<br>Не постои систем за истакнување на најдобрите ученици во секоја генерација на крајот од годината, туку само се избираат ученици на генерација во деветто одделение (еден на македонски и еден на албански наставен јазик). Исто така не се истакнуваат паралелки со најмалку изостаноци, што би било дополнителен поттик за подобрување на постигања и промовирање на редовноста.<br><br>• **Промовирање на постигањата во име на училиштето**<br>Поуспешните постигања од поедини наставници се објавуваат на веб страната на училиштето. |

| | |
|---|---|
| | Јавното истакнување и наградување на учениците е само на прослава на Патрониот празник што се смета за недоволен поттик и афирмација на учениците. |

| **РЕЗУЛТАТИ – Клучни јаки страни и слабости во училиштето** |
|---|
| **КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ**<br>• **Наставниот кадар професионално ја врши работата и постигнува успех во работата со учениците поради постојаните едукации од низата проекти, вебинари, семинари и советувања во кои учествуваат;**<br>• **Поради континуираните едукации, средби, размена на искуства, планирање на оценувањето во рамките на Годишната програма е ставено како приоритет;**<br>• **Во училиштето се врши следење и давање на потребната помош на учениците со ПОП од страна на дефектолог и образовни асистенти;**<br>• **Училиштето врши редовно следење и изготвување на анализи и извештаи за постигањата на учениците по класификациски периоди;**<br>• **Учениците учествуваат на општински, регионални и републички натпревари и постигнуваат забележителни резултати за што сведочат бројните награди, пофалници, признанија и дипломи;** |
| **СЛАБИ СТРАНИ**<br>• **Во училиштето не постои пропишана процедура за идентификација и анализа на причините за повторување на учениците во една учебна година;**<br>• **Училиштето нема пропишана политика за хоризонтално и вертикално движење на учениците, осипување на ученици како резултат на промена на местото на живеење;**<br>• **Не постои истакнување на ученици со најдобар успех во генерација, ниту најдобра паралелка според број на изостаноци;**<br>• **Постои потреба од подетално обучување на наставниците за користење на е алатки за оценување;**<br>• **Во Советот на родители нема Роми како членови;**<br>• **Континуирано осипување на учениците од реонот кој го опфаќа училиштето поради преселба во паралелките на македонски наставен јазик.** |

## ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДНИОТ КАДАР



**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 3.0 ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДНИОТ КАДАР**

**Професионалниот развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар е долгорочен процес во кој низ учење, практична работа и истражувачки дејности се развиваат и унапредуваат нивните знаења, вештини и способности. Низ овој развој, истите стануваат практичари кои размислуваат и ги согледуваат своите потреби и на тој начин ги планираат активностите низ кои ќе го реализираат своето професионално напредување. Заради тоа, неопходно е континуирано да се врши самоевалуација на сопствените професионални активности, критички да се согледува личната пракса како и да се користат повратните информации за воспитно-образовната работа кои се добиваат од другите. На овој начин, наставниците, стручните соработници и раководниот кадар ќе бидат подготвени критички и креативно да ја воочуваат и менуваат својата професионална работа.**

| **бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Членови на работната група:**<br>**Зејнепе Бајрами – координатор**<br>**Членови: Оливера Салтировска, Теута Бедиу, Бојана Петров** |
|---|---|---|
| | | **Т е м и:** |
| **6.3** | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | • Број на вработени и соодветност на наставен кадар<br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br>• Стручна служба како поддршка на наставниот кадар |
| **6.4** | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | • Професионален развој на наставниците |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 3.0 ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДНИОТ КАДАР**

**Индикатор 6.3.** ***Обезбедување на потребниот наставен кадар***

<table>
<tr><th>Теми:</th><th><ul><li>Број на вработени и соодветност на наставен кадар</li><li>Ефективност и распоредување на кадарот</li><li>Стручната служба како поддршка на наставниот кадар</li></ul></th></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td><ul><li>Училишна административна документација</li><li>Правилник за систематизација</li><li>Статут на училиштето</li><li>Годишна програма за работа на училиштето</li><li>Програми за работа на стручните соработници</li><li>Развоен план на училиштето</li><li>Програми и записници од стручни активи</li><li>Годишни извештаи за работа на училиштето</li><li>Пополнети табели за наставен кадар (добиени од Општина, МОН, Завод за статистика)</li><li>Документација од Училишен одбор</li><li>Евиденции за работа со</li></ul></td><td>
Училиштето има вработено наставен кадар со соодветно образование за непречено реализирање на воспитно-образовната дејност.
<ul><li>Бројот на вработени во училиштето изнесува 85 лица.</li><li>Наставниот кадар и стручните соработници, во согласност со нормативите се квалификувани и оспособени за непречено реализирање на севкупната работа во однос на потребите на учениците и училиштето во целина.</li></ul>
Табела 1-Број на вработени според: пол, определно/неопределено работно време и соодветно/ несоодветно образование
<table>
<tr><td>Училиште:</td><td colspan="6">ООУ „Толи Зордумис“ - Куманово</td></tr>
<tr><td>Број на вработени</td><td>машки</td><td>23</td><td>женски</td><td>62</td><td>вкупно</td><td>85</td></tr>
</table>
</td></tr>
</table>

**ученици, наставници и родители од стручните соработници**

- **Училишна програма за инклузија на ученици со потешкотии**
- **Професионални досиеа на воспитно-образовниот персонал**
- **Протоколи од посета на наставните часови**

**Табела 2-Преглед на наставен кадар според видот на работниот однос**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на вработени на неопределено време | **53** | Број на вработени на определено време | **12** |
| Број на вработени со соодветно образование | **63** | Број на вработени со несоодветно образование | **2** |

**Табела 3-Раководен орган според степенот на стручна подготовка**

| Директор | Степен на образование |
|---|---|
| 1 | ВСС |

**Табела 4-Наставен кадар според степенот на стручна подготовка**

| Стручна подготовка | машки | женски | вкупно |
|---|---|---|---|
| Средна стручна поготовка | 1 | / | 1 |
| Виша стручна подготовка | 3 | 5 | 8 |
| Висока стручна подготовка | 9 | 46 | 55 |
| Магистри | / | 1 | 1 |
| Доктори на наука | / | / | / |

**Табела 5-Стручни соработници во училиштето**

| Работно место | Број на стручни соработници |
|---|---|
| Психолог | 1 |
| Педагог | 1 |
| Дефектолог (специјален едукатор) | 1 |
| Библиотекар | 1 |

**Од учебна 2023/24 година во училиштето е вработен психолог на настава на албански јазик.**

**Табела 6-Стручни активи**

| Стручни активи во училиштето | Одговорни наставници |
|---|---|
| 1.Актив на одделенска настава<br>2.Актив на предметна настава (општествена група на предмети)<br>3.Актив на предметна настава (природна група на предмети) | 1. Александра Грубор<br>2. Наташа Пешевска<br><br>3. Сузана Николиќ |

- Работата на воспитно-образовниот персонал во училиштето се реализира во соработка со административно-техничкиот персонал и тоа:

**Табела 7-Административно-технички персонал**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Секретар-благајник | машки | / | женски | 1 | вкупно | 1 |
| Домаќин | машки | 1 | женски | / | вкупно | 1 |
| Хаусмајстор | машки | 1 | женски | / | вкупно | 1 |
| Ноќен чувар | машки | 2 | женски | / | вкупно | 2 |
| Хигиеничари | машки | 4 | женски | 4 | вкупно | 8 |

| | |
|---|---|
| | • Наставниците и стручните соработници ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно соработуваат во севкупната воспитно-образовна дејност. При распоредување на вработените на работните места, во предвид се зема нивната стручност, компетентност, искуство и знаење заради квалитетна и успешна реализација на воспитно-образовната работа. Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизам за брза и соодветна замена.<br>• При изборот на наставниот кадар во училиштето нема родова, етничка или друг вид на дискриминација.<br>• Во својата работа, наставниците редовно го применуваат наученото од посетените едукации со што воспитно-образовниот процес го подигаат на повисоко ниво. Користејќи го своето знаење и искуство кое постојано го надградуваат и дополнуваат, наставно-воспитниот персонал придонесува за перманентно зголемување на ефикасноста во реализирањето на целите од воспитно-образовниот процес.<br>• Стручна помош на наставниците им пружаат стручните соработници (педагогот, психологот, дефектологот и библиотекарот) и тоа во планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес, пружање на соодветна поддршка за работа со ученици и родители, советување на наставници-приправници, следење на напредокот на учениците, вклучување на децата со потешкотии, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање на советодавна помош на учениците и родителите. Во своите програми за работа, стручните соработници планираат и спроведуваат различни активности за работа со учениците, родителите и наставниците и при тоа секогаш покажуваат подготвеност и отвореност за соработка.<br>• Стручните соработници редовно ги проверуваат, следат и упатуваат наставниците за новините во реализација на наставната програма, стручно усовршување во училиштето и надвор од него, изработка и реализација на проекти, водење на педагошка евиденција и документација, изработка на наставни средства и помагала, следење на оценување на учениците според соодветни стандарди, спроведување на интерни проверки (тестирања) на ниво на училиште, примена на активни и иновативни методи за работа, освоени награди од учество на натпревари, наградни конкурси сл. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 3.0 ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДНИОТ КАДАР**

**Индикатор 6.4.** ***Следење на развојните потреби на наставниот кадар***

| **Теми:** | **Професионален развој на наставниците** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Училишна програма за професионален развој**<br>• **Личен план за професионален развој на наставникот**<br>• **Процедура за следење на планирањето на наставата**<br>• **Процедура за следење на наставниот процес**<br>• **Процедура за утврдување на личните и професионални потреби на вработените во училиштето**<br>• **Разговор со стручните соработници, наставниците и директорот на** | Училиштето има изготвено програма за професионален развој на воспитно-образовниот персонал.<br><br>Наставниците самостојно изготвуваат личен план за професионален развој по претходна самоевалуација на сопствената работа.<br>Идентификација на потребите на вработените за професионален развој, се врши со користење на скала за самопроценка на компетенциите на наставниците и стручните соработници. Исто така, во училиштето се користат протоколи за посета на час, за оценување на работата на наставниците со што се согледуваат нивните потреби за стекнување на различни вештини и способности за унапредување на воспитно-образовниот процес.<br><br>Во училиштето постојат процедури според кои се следи квалитетот на наставните планови и програми, организацијата и реализацијата на наставниот процес.<br><br>На наставниците и стручните соработници, од раководниот кадар им се дава целосна поддршка за усовршување и напредување преку учество на различни семинари, вебинари, обуки, работилници предавања и други облици на интерна и екстерна едукација.<br><br>Училиштето води грижа за работата на наставниците и стручните соработници-приправници со одредување на соодветен ментор, советодавна работа од педагогот и психологот, помош и соработка со другите наставници, упатства за изработка на план и инструменти за следење на учениците, насоки за изготвување на педагошката евиденција и документација и сл. Работата на приправниците ја следи, насочува и корегира менторот, стручните соработници и директорот на училиштето. Менторирањето се реализира најмногу од страна на наставник- ментор од нашето училиште, кој доколку е ангажиран во работа со двајца наставници, се опрделува ментор надвор од училиштето или од училиштето со соодветно образование.<br><br>Во изминатиов двегодишен период од страна на раководниот кадар, стручните соработници и наставниците посетени се голем број на обуки, семинари, вебинари, едукативни работилници, предавања и конференции. Сите овие едукации се организирани од соодветни државни институции и различни организации како што се МОН, БРО, УНИЦЕФ, МЦГО, УСАИД, Едуино, Академија ЦЕС... Воедно се организирани и реализирани дисеминации од наставници и стручни соработници по посетени обуки. |

| | |
|---|---|
| **училиштето**<br>• **Годишен извештај за работа на училиштето**<br>• **Записници од стручни активи**<br>• **Анкетен прашалник за наставниците во врска со професионален развој**<br>• **Анализа на анкетниот прашалник за професионален развој на училишниот кадар** | Според анкетниот прашалник ги добивме следните податоци:<br>1. Наставниците се заинтересирани за обуки од следниве области:<br>- Иновативни и интерактивни пристапи во наставата;<br>- соработка помеѓу семејството и училиштето во спречување на меѓуврсничко и сајбер насилство;<br>- обуки за зајакнување на користење на ИКТ во оценување, платформи за учење, соработка меѓу семејство и училиште, користење на е-алатки за учење;<br>- работа со деца со ПОП<br>-почести обуки за воведување на новини според новата концепција.<br>2. Училиштето овозможува континуирано професионално усовршување на наставниците.<br>3. Наставниот кадар после посетени обуки врши дисеминација во училиштето.<br>4. Во училиштето , ангажманот на наставниците околу ажурирање на своите портфолија не е на задоволително ниво.<br>5. Помошта при менторирање на приправници е на задоволително ниво во однос на нивната подготвеност за реализација на наставата и воннаставните активности.<br>6.Стручните соработници даваат квалитетна подршка на наставниците, учениците и родителите .<br>7. Стручните активи се состануваат и соработуваат на задоволително ниво за проблемските прашања во училиштето. |

| **РЕЗУЛТАТИ – Клучни јаки страни и слабости во училиштето** |
|---|
| **КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ**<br>• Наставниот кадар и стручните соработници, во согласност со нормативите се квалификувани и оспособени за непречено реализирање на воспитно образовната работа.<br>• Се применува научените од посетените едукации со што наставниот процес се подига на повисоко ниво.<br>• Стручните соработници покажуваат подготвеност за соработка во однос на сите сегменти на оваа проблематика..<br>• Најголем број од воспитно-образовниот персонал редовно ги посетува обуките, семинарите, вебинарите, работилниците и сл. кои ги организираат соодветни образовни институции.<br>• Училиштето води соодветна грижа за работата на наставниците и стручните соработници-приправници. |
| **СЛАБИ СТРАНИ**<br>• Недоволно организирани и реализирани нагледни часови од воспитно-образовниот кадар.<br>• Поголемиот број од лаптоп и десктоп компјутерите што се користат во одделенска и предметна настава се дотраени.<br>• Потребно е континуирано да се обезбедува доволно издржлива интернет мрежа. |

**ПРИЛОЗИ**
**Подрачје 3.0 ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДНИОТ КАДАР**

**Табела 1**

**Реализирани обуки, семинари, работилници и конференции.**

**Во учебна 2021/22 година беа реализирани следниве обуки:**

| |
|---|
| 1. Обука за ESARU (30.9-1.10 2021 год.), посетена од Милена Петковска, проф. по англиски јазик и Оливера Салтировска, проф. по англиски јазик; |
| 2.Вебинар од БРО- Превртена училница (октомври 2021) за сите наставници од одделенска и предметна настава и членовите од стручна служба; |
| 3, Обука за безбедност при работа (октомври 2021) сите наставници, педагог и технички персонал; |
| 4.Вебинар од БРО- Оценување за време на хибридна настава- креирање рубрики- формативно оценување (ноември 2021), за сите наставници од одделенска и предметна настава и членовите од стручна служба; |

| |
|---|
| 5. Вебинар од БРО- Како да се воведат целите за одржлив развој во наставата- практични примери иа активности (ноември 2021), за сите наставници од одделенска и предметна настава и членовите од стручна служба |
| 6. Вебинар од БРО- Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени (ноември 2021), за сите наставници од одделенска и предметна настава и членовите од стручна служба |
| 7. Вебинар од БРО- Креативно учење преку игра за предучилишно и основно образование (ноември 2021), за сите наставници од одделенска и предметна настава и членовите од стручна служба |
| 8. Обука од БРО „Трговија со луѓе“ на 25.11.2021 година од предавач Ваљбона Камбери за членовите на стручна служба и директор; |
| 9. Вебинар од БРО- Училишна клима и курикулум (декември 2021 година), за сите наставници од одделенска и предметна настава и членовите од стручна служба |
| 10. Вебинар од БРО – Мулти дисциплинарна интеграција низ пример од предметот историја и општество (декември 2021), за сите наставници од одделенска и предметна настава и членовите од стручна служба |
| 11. Обука за Програмата за животни вештини и личен развој на учениците ДИСО- онлајн (декември 2021) за наставници од оддленска настава; |

| |
|---|
| 12. Обука за живортни вештини и личен развој на учениците ПИКОК- онлајн (декември 2021) за наставници од предметна настава; |
| 13. Вебинар од БРО- Професионален развој на наставниците- менаџирање на наставен час (декември 2021) за сите наставници од одд. и предметна настава и членови на стручна служба; |
| 14. Вебинар од БРО- Превенција на осипување на ученици од образовниот процес (декември 2021) сите наставници од одд. и предметна настава и членови на стручна служба; |
| 15. Дисеминација за Медиумска писменост (април 2022) – наставници од одделенска настава од страна на Зенепе Бајрами одделенски наставник - ментор |
| 15. Дисеминација од проект Еразмус КА101- Меѓуврсничко насилство (мај 2022) од страна на тимот од Еразмус за сите наставници и стручни соработници; |
| 16. Вебинар од БРО- Вовед во формативно оценување ( мај2022), за сите наставници од одд. и предметна настава и членови на стручна служба; |
| 17. Обука за Новата концепција од второ и петто одделение (август 2022) за сите наставници од одделенска настава од македонски и албански наставен јазик; |
| 18. Обука за Новата концепција по природни науки (август 2022), посетена од Емилија Веселиновск, проф. по хемија и природни науки; |
| 19. Заеднички часови во редовна настава од БРО (август 2022), посетена од педагог и психолог |

**Во учебна 2022/23 година беа реализирани следниве обуки:**

| |
|---|
| 1. Обука за новата концепција на македонски јазик (септември 2022) |
| 2. Вебинар од БРО 1– Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети (септември 2022) |
| 3. Вебинар од БРО 2 - Развивање на креативни вештини преку визуелни приказни (октомври 2022) |
| 4. Вебинар БРО 3 – Методи и практики за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатските промени (октомври 2022) |
| 5. Вебинар БРО 4 – Улогата на ресурсниот центар за поддршка на редовните основни училишта (октомври 2022) |
| 6. ПРОГРАМА 12 (НАСТАВНИЦИ): Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата – наставници од албански наставен јазик (октомври 2022) |
| 7. ПРОГРАМА 12 (НАСТАВНИЦИ): Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата – наставници од македонски наставен јазик (ноември 2022) |

| |
|---|
| 8. Рана интервенција за наставници и стручна служба (ноември 2022) |
| 9. ПРОГРАМА 1 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ): Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој (ноември 2022) |
| 10. Обука за искуствено учење од област на животна средина и климатски промени за наставници по природни науки (октомври – ноември 2022) |
| 11. Вебинар БРО 6 – Инклузивни тимови во градинка – Водич за инклузивна практика (ноември 2022 – наставници и стручна служба) |
| 12. Обука за изработка на ИОП и Модифицирана програма од БРО – тим за инклузивно образование и дефектолог (ноември 2022) |
| 13. Вебинар БРО 7 – Инклузивни тимови во градинка (искуства и следни чекори) плус Водич за инклузивни практики – наставници и стручна служба (ноември 2022) |
| 14. Вебинар БРО 8 – Предизвикувачко однесување, справување со добри практики (декември 2022) |
| 15. Вебинар БРО 9 – Едуино 2Д лабораторија ресурси за искуствено учење (декември 2022) |
| 16. Обука „Вештини за комуникација“ Wash account - Сириус –Струмица, наставници по англиски јазик (декември 2022) |
| 17. Унапредување на здравјето на младите – вебинар – стручна служба (декември 2022 – јануари 2023) |
| 18. Вебинар БРО 10 – Вклучување на децата бегалци, мигранти, без државјанство и баратели на азил во воспитно образовниот процес (јануари 2023) |
| 19. ПРОГРАМА 29 (НАСТАВНИЦИ): Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) (јуни 2023) – македонски наставен јазик |
| 20. ПРОГРАМА 29 (НАСТАВНИЦИ): Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) (јуни 2023)- албански наставен јазик |
| 21. ПРОГРАМА 3 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ): Справување со врсничко насилство и кибернасилство (јули 2023) |

**Прво полугодие во учебна 2023/24 година беа реализирани следниве обуки:**

| |
|---|
| 1. Медиумска писменост за македонски наставен јазик (септември 2023) |
| 2. Медиумска писменост за албански наставен јазик (октомври 2023) |
| 3. ECML Training and consultancy workshop “CLIL and beyond: pluriliteracies for deeper learning” – наставници по странски јазици (септември 2023) |
| 4. Обука по ФЗО (Специјална олимпијада) – наставници по физичко (октомври 2023) |

## ПОДРАЧЈЕ: УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

**Лидерството и учењето се неопходни едно на друго.**

**Во периодот кога нема лидерство, општеството мирува. Напредокот се јавува кога храбрите и способни лидери ќе ја зграбат шансата да ги сменат работите на подобро.**

**Предизвик на лидерството е:**

**да се биде силен, а не непристоен;**

**да се биде внимателен, а не мрзелив;**

**да се биде скромен, а не арогантен**

**да се биде духовит, а не безобразен.**

**Лидерите не создаваат следбеници, тие создаваат други лидери.**

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 4.0 УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ**

| бр. | Индикатори за квалитет | Членови на работниот тим:<br>Координатор: Соња Стојчевска<br>Членови: Емица Стефановска, Елизабета Јовановска и Селвер Абази |
|---|---|---|
| | | **Т е м и:** |
| **7.1** | **Управување и раководење со училиштето** | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 4.0 УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ**

**Индикатор 7.1.** ***Управување и раководење со училиштето***

| **Теми:** | • **Управување со училиштето**<br>• **Раководење со училиштето** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Деловник за работа на УО**<br>• **Записници, одлуки и извештаи од работата на УО**<br>• **Статут на училиштето**<br>• **Годишна програма на УО** | Органот кој управува со работата во училиштето е Училишниот одбор. Тој е конституиран во согласност со Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Надлежностите за управување се јасно дефинирани во одредбите од Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Истите се почитуваат и извршуваат и во нашето училиште.<br><br>Работата на УО е определена со Деловникот за работа на УО. Информираноста за одржување на состаноците е во електронска и писмена форма и телефонски контакти. За редовноста и присуството на членовите на седниците, одговорен е административниот работник – секретар на училиштето, Фросина Георгиевска. Седниците се водат од страна на претседателот на УО, Лидија Милановиќ(од редот на родители) која го замени претходниот претседател Горан Герасовски чие дете го заврши школувањето во |

| | |
|---|---|
| • **Интервју со директорот**<br><br>• **Годишна програма за работа на Директорот на училиштето** | нашето училиште, по однапред утврден дневен ред, кој им е доставен со поканите на сите членови на УО. Состаноците на Училишниот Одбор се одржуваат со мнозинство на членовите. Доколку нема кворум состанокот се одложува.<br><br>На состаноците се обработуваат актуелни и тековни прашања и прашања предвидени со целите и задачите од Годишната програма за работа за УО, согласно Статутот на училиштето. УО практикува да обезбедува информации од своето работење преку огласната табла во училиштето, но не и сеопфатни информации за заклучоците од своето работење пред Наставничкиот совет и Стручните активи на училиштето. Според Статутот на училиштето постои посебна Годишна програма која ја изготвува и реализира УО, додека административните задачи се определени согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето и истите ги извршува секретарот на училиштето. Внатрешните членови на УО се директно вклучени во наставата и на тој начин ги претставуваат и потребите и барањата на учениците и вработените.<br><br>За одлуките донесени на Училишен Одбор, вработените и сите заинтересирани субјекти се информираат на Наставнички совети, извештај за работа на училиштето во календарската година и со извештај за Годишната програма.<br><br>За одлуките од Училишниот Одбор ретко се расправа и на Наставничкиот совет. Училишниот одбор соработува со Државниот просветен инспекторат, Биро за развој на образование и со Комисијата за образование при советот на општинската комисија.<br><br>Статутот на училиштето е изработен според Законот за основно образование. Во училиштето редовно се следат сите измени и дополнувања во Законот за основно образование и истите се имплементираат во Статутот на училиштето со Статутарни одлуки за измени и дополнувања на Статутот на ООУ„Толи Зордумис“, Куманово. Од учебна 2023/24 година ни претстои промена во Статутот на училиштето според насоки дадени од МОН. |

*Податоци за членовите на Училишен Одбор*

Училишниот Одбор е во состав:

| Име и презиме | Претставник од: | Контакт информации |
|---|---|---|
| 1. Лидија Милановиќ претседател | родители, односно старатели | 078 258 480 |
| 2.Соња Стојчевска заменик претседател | наставниците, стручните соработници и воспитувачи | 078 334 807<br>sonjacoki@yahoo.com<br>ss551891@schools.mk |
| 3.Милена Петковска | наставниците, стручните соработници и воспитувачи | 076 520 894<br>milena_petkovska78@yahoo.com<br>mp894313@schools.mk |
| 4.Теута Бедиу | наставниците, стручните соработници и воспитувачи | 072 659 173<br>yeuta_b@hotmail.com<br>tb856524@schools.mk |
| 5.Соња Цветковска | локална самоуправа | 070 507 832 |
| 6.Орхан Реџепи | родители, односно старатели | 071 249 000<br>orhan.rexhepi@hotmail.com |
| 7. Драгана Спасковска | родители, односно старатели | |
| Фросина Георгиевска | секретарка | 071291912<br>georgievska_f@yahoo.com<br>fg642727@schools.mk |

| | Табела за приказ на структура на членови од Училишен одбор | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Етничка структура | Македонци | Срби | Роми | Албанци | Вкупно | Родова структура | женски | машки | Вкупно |
| Број на членови | 5 | / | / | 2 | 7 | Број на членови | 6 | 1 | 7 |
| Во проценти | 71,4 | / | / | 28,6 | 100 | Во проценти | 86 | 14 | 100 |

| Табела за приказ на структура на членови од Училишен Одбор | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Структура | Внатрешни членови | Надворешни членови | Вкупно | Родова структур | женски | машки | Вкупно |
| Број на членови | 3 | 4 | 7 | Број на членови | 6 | 1 | 7 |
| Во проценти | 42,9 | 57,1 | 100 | Во проценти | 86 | 14 | 100 |

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и подобрувања на постигањата на учениците.

Сите заинтересирани субјекти се информирани за целите и задачите на Годишната програма преку усвојување на истата на состаноците на УО, Наставнички совет, а во изминативе неколку години и пред Советот на општината. Годишното планирање се изготвува врз основа на приоритетите од Развојниот план. Во изготвувањето на програмата учествува стручен тим на училиштето за изработка на Годишната програма како конструктор, мобилизатор, медијатор и поттикнувач на остварување на предвидените цели.

Училиштето ги мобилизира сите субјекти во остварувањето на целите. За истите се информирани сите наставници, членови на УО и Совет на родители. Останати родители се информираат посредно, на родителски средби за некои од активностите. Учениците не се вклучени во креирањето на целите, а не се ни информирани со истите.

| | |
|---|---|
| | Директорот на училиштето, Милорад Јордановски, според Законот за основно образование е раководен орган на училиштето. Тој има високо образование (професор по физичко и здравствено образование), работно искуство 39 години, со положен испит за директор.<br>Органот на раководење своите работни задачи ги извршува согласно Годишната програма за работа на директорот и Законот за основно образование.<br>Раководниот орган е одговорен за законитоста на работењето на училиштето како и материјално-финансиското работење на училиштето. Го застапува и го претставува училиштето.<br>Директорот ја следи тимската работа донесува одлуки, делегира надлежности, комуницира со учениците, вработените и родителите, а одговорен е и за остварување на правата и обврските на учениците.<br>Ги следи промените во образовниот систем, ги прифаќа и спроведува, согласно можностите и материјално – техничките капацитети на училиштето.<br>Остварува партнерства со локалната заедница, невладиниот сектор како и други институции кои се поврзани со делокругот на работа на училиштето.<br>Раководниот орган работи тимски во креирањето и планирањето на училишната политика помогнат од Стручната служба (педагог, психолог, библиотекар, дефектолог), УО, Советот на родители и локалната самоуправа.<br>Директорот е задолжен за изготвување на Годишната програма за работа на училиштето, а во изготвувањето на програмата е помогнат од членовите на Тимот за изготвување на Годишната програма составен од стручните соработници, наставници. Сугерира свои идеи и во изготвувањето на Развојно планирање на училиштето, чиј конструктор е тимот за Развојно планирање.<br>Раководниот орган за своја комуникација со другите субјекти го има избрано моделот на непосредни, индивидуални разговори и консултации, јавни соопштенија, комуникација со класни раководители, стручна служба, родители, состаноци, прес изјави, соопштенија преку социјални медиуми и сл, а за истите води сопствена евиденција.<br><br>**Интервју со директорот Милорад Јордановски**<br><br>***Поставени прашања:***<br><br>1. Која беше Вашата приоритетна цел на која работевте минатите учебни години ?<br>2. Како ја оценувате работната клима во училиштето и на кој начин сметате дека придонесувате за подобрување на истата?<br>3. Дали како менаџер на оваа образовна, современа установа имате увид во тоа на кој начин и колку од вработените освен што ја вршат нивната примарна работа како наставен кадар се вклучени во |

| | |
|---|---|
| | креирањето и спроведувањето на училишната политика како тим?<br>4. Како Вие како раководен орган ќе го подобрите опфатот на децата од реонот во нашето училиште?<br>5. Какви се резултатите од работата на Училишниот одбор?<br>6. Кои аспекти од управувањето се најдобри и зошто?<br>7. Што според вас треба да се промени и како?<br>8. Какви се резултатите од раководењето на училиштето (менаџмент на училиштето)?<br>9. Кои аспекти од раководењето се најдобри и зошто?<br>10. Кои аспекти од раководењето би требало да се променат и што преземате во однос на тоа?<br>11. Колку е добро вашето училиште и со што го поткрепувате вашето мислење?<br>12. Што правите и што уште треба да направите за училиштето да биде подобро?<br>13. Во која област и натаму е потребно подобрување и што преземате во однос на тоа ?<br>14. Како ќе се изјасните во однос на  реализација на новата концепција на наставниот процес?<br>15. Што имате превземено во врска со новата концепција , во однос на техничкиот дел за реализирање на истата?<br>***Дадени одговори:***<br><br>1. Во претходните  години приоритет се даде на меѓуетничката интеграција во образованието во нашето училиште, формирање на мултиетнички секции. Во овој период посебно внимание се посветува на прилагодување на училиштето и помош на нставниците за реализација на новата концепција. Се работи континуирано на подобрување на условите за работа во ЦУ и ПУ и воедно се чека реновирање на фасадата на училиштето и кровот на спортската сала со што ќе се подобри енергетската ефикасност.<br>2. Работната клима во училиштето е добра, но секогаш има потреба од подобрување, особено поголемо ангажирање на одредени наставници во воннаставните активности и учество на  проектите  кои ги има во училиштето, како и земање на поголемо учество во соработка со локалната средина. Мојот придонес е во тоа што во училиштето има голема транспарентност, што придонесува до навремено информирање за сите настани и отворено решавање на сите прашања.<br>3. Како менаџер на училиштето им дозволувам на сите вработени да ја креираат училишната политика, со тоа што сите добронамерни идеи се прифаќаат. Постои и тимска работа, формирани се тимови за уредување на училиштето, за екологија, за инклузија на деца со посебни потреби итн....<br>4. Ова прашање е болна точка на училиштето посебно што постои големи демографски промени во реонот каде што опстојува училиштето. Населението од македонска националност се иселува, а се доселуваат семејства од албанска националност и се зголемува приливот на ученици кои треба да посетуваат настава на албански наставен јазик иако во овие две години се забележува и стагнација при упис на ученици на албански наставен јазик поради иселување надвор од државата. Потребна е |

| | |
|---|---|
| | индивидуална посетеност од страна на вработените во домовите на учениците, а секако и подобрување на условите за работа во училиштето со што ќе станеме конкурентни на другите училишта во градот.<br>5. Училишниот одбор работи беспрекорно, транспарентно, ги запазуваат сите рокови за кои се временски сврзани, даваат реални предлози до директорот и сакаат да направат одредени промени за подобро за училиштето.<br>6. Од аспект на управување е добро тоа што имаат голема слобода и транспарентност во одлучување, во донесување на одлуки без мешање и притисоци од страна.<br>7. Сите промени се тешки, но органот на управување своите идеи и одлуки кои ги донесува треба да се со консензус како би биле прифатени од сите. Пример за тоа е иницијативата за набавка на техничка опрема за следење на настава по нова концепција, обновена и надоградена мрежа за интернет.<br>8. Сметам дека резултатите од моето менаџирање се видливи, подобрување на условите за работа, реновирање на просториите и училниците, набавка на наставни материјали, набавка на техничка опрема, учество во повеќе проекти, соработка со локалната средина и учество на настани кои таа ги организира, подобрување на меѓуетничките односи и сл.<br>9. Сметам дека најдобри аспекти од раководењето се тимската работа за сите важни прашања во работењето на училиштето, транспарентност во работата, навремена информираност, толерантност.<br>10. Промените во раководењето не се лесни затоа што во училиштето постојат одредени традиции кои се негувале со години наназад. За да се дојде до тие промени потребен е подолг временски период. Треба да се подобри соработка помеѓу наставниците, толерантноста, тимското работење и тие на работа да доаѓаат расположени и без страв.<br>11. Нашето училиште има многу добри услови за работа, средени се голем број на училници, украсени се со детски изработки, греењето е подобрено, хигиената задоволува иако може да биде и на повисоко ниво. Многу добро функционира соработката со стручните работници и секретарот, кои во секој момент се сервис на учениците, вработените и родителите.<br>12. За да го подобриме работењето во училиштето потребно е реновирање и уредување на наставничката канцеларија, реновирање на кабинетот по ликовно и техничко образование, средување на подрумските простории и ходникот во ЦУ, замена на дотраена столарија во дел од училници во ПУ, реновирање на кровот на спортската сала во ЦУ, обновување на оградата на спортските терени во ЦУ, набавка на смарт табли за сите училници, замена на дотраените компјутери на наставниците и стручна служба, збогатување на книжниот фонт на училиштето, обезбедување на простор за спортски терени во ПУ, реновирање на тоалетите во училиштето и др.<br>13.Треба да се подобри користење на ресурсите на училиштето од страна на сите ученици и наставници, активно работење на мултиетничките секции по музичко образование, техничко образование и здравствено и физичко образование и други секции со што ќе се подобри и атмосферата за работа кај учениците, и подобро ќе се афирмира училиштето. |

| | |
|---|---|
| | 14.Во однос на реализацијата на наставата предвидена со новата концепција можам да кажам дека наставниците сериозно си ја сватија работата, изработуваат планови за работа по новата концепција и успешно ја применуваат истата.<br>15.Во однос на опременоста на училниците за овој тип на настава, можам да кажам дека изминатата година се обезбедија смарт табли за неколку училници и по неколку таблети за користење на часовите. Оваа година имаме поднесено барање до општината за истата опрема , одговор за нашето барање нема. |

***Други методи кои се користени за собирање на податоци – АНКЕТИРАЊЕ***

| **Анкети** | **Кои информации се собрани** |
|---|---|
| **Анкета за наставници** | Анкетирани се вкупно 40 наставници - 8 од подрачното училиште во с.Режановце, 15 кои предаваат на албански наставен јазик и 27 кои предаваат на македонски наставен јазик од централното училиште.<br>**По изготвената анализа на анкетата ги извлековме следните заклучоци:**<br>**Наставниците најмногу се горди со:**<br>• атмосфера за работа, клима на разбирање и соработка, Еразмус проектите, постигнатите резултати и освоени награди, спортските резултати иако имаме мал број на ученици, успехот на учениците на натпревари, реновирани училници од Нансен, опременост и уредност на училниците, наставниот кадар, мултикултурна клима, награди и признанија кои ги добиваат учениците на разни натпревари, стручна служба и раководниот кадар, услови во училиштето, постигање на ученици во поле на афирмирање на училиште, успешна соработка меѓу наставниците, директор, пријатна атмосфера, учениците, посветеност во работата во одделенска настава, раководство, организација на наставата.<br>**Најмногу им се допаѓа :**<br>• естетскиот изглед во ходниците, колектив, флексибилноста на директорот, декорации, цвеќињата на третиот спрат, соработка меѓу наставниците, просторните услови, атмосфера на часот, наставниот кадар,<br>проекти за размена и збогатување на искуства, колегијалноста меѓу вработените, учества на квизови, соработка, грижа за заштита на ученици и деца со посебни потреби што се добро прифатени, соработка и подршка од стручна служба, добра комуникација, професионално усовршување, пријатна атмосфера за работа, слобода на изразување и личното мислење, работната атмосфера, подршка која можам да ја добијам од стручна служба, залагање во работата, хигиена. |

| | |
|---|---|
| | **Најмалку им се допаѓа:**<br>• селективно вклучување на наставниците во проекти ( селекција по пријатлски врски ), мал број на семинари и обуки за наставници, хигиена, стар инвентар, стручна подготвеност на кадарот, неконтролирана посета од родители и др. луѓе, мал број на ученици, малите паралелки; конфликтни ситуации од исти групи на ученици, недоволна и малата бројка на ученици во паралелките од македонски наставен јазик, недисциплина на учениците, односот на новите колеги, нетраспарентност за учество во проекти, нееднаков третман на наставници, непочитување на работни обврски, ретко кречење на училниците, недисциплина на одредени паралеки |
| **Анкета за родители** | Анкетиран е 43 родител, од кои 8 родители од подрачното училиште во с.Режановце, 17 родители на ученици од паралелките на албански наставен јазик и 18 родители на ученици од паралелките на македонски наставен јазик.<br><br>**Од анкетата добиени се следните податоци:**<br>• **Најмногу им се допаѓа:**<br>грижа за учениците, хигиената и воспитувањето од страна на учителките, утврдени правила, училишниот изглед, известување на време за се, класниот раководител на моето дете, редовноста, однос помеѓу ученици и професори, уличштето во целост, конфликтните ситуации во училиштето успешно се решаваат затоа што редовно се повикуваат и известуваат родителите од страна на наставниците и стручната служба, наставата, објаснувањата на наставниците, чисто училиште, повеќе информации од наставниците, правдата, образование, дисциплина, наставата, тоа што нашите ученици учат тука.<br>• **Најмалку им се допаѓа:**<br>недостаток на опрема по одредени наставни предмети, недостиг на соработка помеѓу централното и подрачното училиште, мал број на ученици во училиштето, повремени конфликтни ситуации помеѓу учениците од албанските и македонските паралелки. |

| РЕЗУЛТАТИ – Клучни јаки страни и слабости во училиштето |
| --- |
| **КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ**<br>• УО редовно организира состаноци согласно деловникот за работа и ги опфаќа сите области предвидени во неговата надлежност;<br>• Навремена информираност за активностите на УО и битни случувања во училиштето;<br>• Одлична соработка со директорот, секретарот и стручните соработници на училиштето;<br>• Во училиштето се развива доверба и се уважуваат различните мислења;<br>• Објективност во вреднувањето на резултатите од работата на вработените од страна на директорот на училиштето;<br>• Соработка со локална власт;<br>• Кодекс и Куќен ред во училиштето;<br>• Раководството добро соработува во размена на идеи и разрешување на проблеми во училиштето во сите субјекти. |
| **СЛАБИ СТРАНИ**<br>• Составот на членовите на УО не го отсликува етничкиот состав на наставниците и родителите;<br>• Недоволен  ангажман на одредени вработените за учество во разни проекти за подобрување на севкупната работа;<br>• Недоволна финансиска поддршка за подобрување на работните и инфраструктурните услови во училиштето;<br>• Училиштето недоволно ги консултира учениците во креирање на училишната политика;<br>• Недоволна финансиска поддршка за подобрување на реализацијата на Наставниот план и програма според новата концепција;<br>• Недоволна финансиска поддршка за подобрување на реализацијата на Наставниот план и програма во сите наставни подрачја во сите паралелки;<br>• Намалување на бројот на учениците; |

**ПОДРАЧЈЕ: КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**




Во едно училиште комуникацијата може да биде метаморфозирано третирана како нејзин крвоток, нејзин кислород, мозок, централен нервен систем, нејзини артерии, „автопати“ низ кои се движи воспитно-образовниот процес, лепило кое ги поврзува деловите во една целина, бензинот кој го движи автомобилот.

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 5.0 КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

| бр. | Индикатори за квалитет | Членови на работниот тим:<br>Координатор - Анита Николовска<br>Членови: Александра Грубор, Сузана Николиќ, Рејхан Рушити |
|---|---|---|
| | | **Т е м и:** |
| **1.** | **Комуникации на ниво на училиште** | • Комуникација: директор – вработени<br>• Комуникација: стручен соработник – наставник<br>• Комуникација: наставник – наставник<br>• Комуникација: наставник / стручен соработник со административно – техничкиот персонал<br>• Комуникација на состаноците на Наставничкиот совет, Одделенските совети и Стручните активи |
| **2.** | **Комуникации на ниво на училница** | • Комуникација: ученик – ученик<br>• Комуникација: наставник – ученик<br>• Комуникација: стручен соработник - ученик |
| **3.** | **Комуникација со окружување на училиштето** | • Комуникација со родителите на учениците<br>• Комуникација со институциите од централно ниво – МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ<br>• Комуникација со институциите од Локалната самоуправа – Градоначалник, општински совет и јавни установи (воглавно од комуналната сфера)<br>• Комуникација со други образовни институции во РСМ и странство<br>• Комуникација со граѓански здруженија и донатори<br>• Комуникација со бизнис сектор |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 5.0 КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

**Индикатор 1.*Комуникации на ниво на училиште***

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Комуникација: директор – вработени**<br>• **Комуникација: стручен соработник – наставник**<br>• **Комуникација: наставник - наставник**<br>• **Комуникација: наставник / стручен соработник со административно – техничкиот персонал**<br>• **Комуникација на состаноците на Наставничкиот совет, Одделенските совети и Стручните активи** |
| Извори на податоци | |
| • **Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>• **Програма за работа на директорот и стручните соработници**<br><br>• **Полугодишни и годишни извештаи за работа со училиштето**<br><br>• **Пополнети инструменти од посетени часови**<br><br>• **Инструмент за евалуација на наставниот час** | • **Комуникација: директор – вработени**<br><br>Во училиштето постои добра комуникација и доверба помеѓу директорот и вработените. Вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот и учествуваат во процесот на донесување на одлуки. Во училиштето се почитуваат правила на однесување пропишани во Кодексот на однесување и Куќниот ред на училиштето.<br>Директорот формира тим за односи со јавноста и секоја учебна година изготвува одлуки за вклученост на наставниците во различни тимови за работа во вонанаставни активности и промовирање на училиштето. Исто така во анексите кон Годишната програма има изготвено Програма за соработка со локалната средина. Воспоставува и одржува јасен систем на комуникација со вработените во училиштето и со локалната средина. Континуирано комуницира со вработените како непосредно така и во писмена и во електронска форма. Комуникацијата е двонасочна. Создава и одржува позитивни односи со вработените. Активно ги слуша и почитува ставовите, мислењата и интересите на вработените. Ја следи комуникацијата во училиштето и дава повратна информација. Консултирањето со вработените се базира на принципите на соработка, доверба, отвореност, транспарентност, интегритет, меѓусебно почитување и заедничко решавање на проблемот. Начинот на комуникација е во насока да се надминат евентуалните недоразбирања. Бара одговорност и работна дисциплина кај вработените кои и самиот ги почитува. Ги планира состаноците и навремено ги информира вработените. При планирање на состаноците ги зема предвид мислењата на вработените. Конструктивно ја насочува дискусијата за време на состаноците. Извлекува релевантни заклучоци од дискусијата. Дава совети и конструктивни предлози што ги мотивираат вработените дополнително да се ангажираат. Ги зема предвид потребите на вработените во комуникацијата и |

| | |
|---|---|
| • **Анкетни прашања за наставници**<br><br>• **Извештаи од состаноци на органи и тела**<br><br>• **Акционен план за МИО и деца со ПОП** | организацијата на работата. Ги поттикнува вработените да се вклучат во активности за презентација на училиштето. Планира активности за односи со јавноста како дел од Годишната програма за работа.<br><br>**Податоци добиени од анкетирање на наставниците**<br><br>-Најголем број од наставниците се согласуваат дека раководството во училиштето развива доверба, укажува различни мислења и обезбедува добра комуникација со вработените;<br>- Најголем број од наставниците се согласуваат дека раководството во училиштето бара одговорност и работна дисциплина;<br>- Најголем број од наставниците се согласуваат дека раководството во училиштето на време ги информира за тековните настани и активности;<br>- Најголем број од наставниците се согласуваат дека во училиштето се почитуваат правила на однесување пропишани во кодексот на однесување и куќниот ред на училиштето. |

| **Раководството во училиштето развива доверба, укажува различни мислења и обезбедува добра комуникација** | |
|---|---|
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (17) - 34% |
| Се согласувам | (27) - 54% |
| Не се согласувам | (4) - 8% |
| Потполно не се согласувам | (2) - 4% |
| **Раководството во училиштето бара одговорност и работна дисциплина** | |
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (17) - 34% |
| Се согласувам | (28) - 56% |
| Не се согласувам | (4) - 8% |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% |
| **Раководството во училиштето на време ме информира за тековните настани и активности** | |
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (20) - 40% |
| Се согласувам | (22) - 44% |
| Не се согласувам | (6) - 12% |
| Потполно не се согласувам | (2) - 4% |
| **Во училиштето се почитуваат правила на однесување пропишани во кодексот на однесување и куќниот ред на училиштето** | |

| | Наставници |
|---|---|
| Потполно се согласувам | (10) - 20% |
| Се согласувам | (31) - 62% |
| Не се согласувам | (8) - 16% |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% |

Во анкетатата за наставници учествуваа вкупно 50 наставници (10 наставници од подрачно училиште во с. Режановце и 10 наставници на албански наставен јазик ) и беа опфатени наставници од одделенска и наставници од предметна настава.

- **Комуникација: стручен соработник –наставник**

Стручните соработници во нашето училиште даваат поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско, процесно планирање и оперативен план на часот како и консултации за подобрување на постигањата на учениците. Во одделенска настава од претходните години во прво и четврто одделение и второ и петто одделение наставата се одвива по новата коцепција. А од учебна 2023/24 година по новата концепција се вклучени паралелките од прво до петто одделение и шесто одделение од предметна настава. Стручната служба во соработка со советниците од БРО дава конкретни упатства за изработка на целокупната педагошка евиденција и документација.

Им дава стручна и квалитетна поддршка на наставниците во разбирањето и примената на програмските и концепциски документи (преку предавања и работилници) по Стручни активи за одделенска и предметна настава. Ја следи наставата и за различни аспекти кои се набљудувани им дава повратна информација (писмена, усна и во електронска форма) на наставниците. Прави увид во квалитетот на планирањата на наставата и се консултира со наставниците за подобрување на истите. Заедно со наставниците организира и реализира активности (работилници, индивидуални консултации) за планирање на наставата (организација на работа, диференцијација, индивидуализација и др.) Дава насоки за планирање на активностите во текот на часот за учениците со потешкотии во совладувањето на наставните содржини. Го набљудува однесувањето на учениците во паралелката за време на настава и одмор и на наставникот му дава повратна информација за подобрување на односите и социо-емоционалната клима во училницата. Им дава насоки на наставниците како резултатите од оценувањето да ги користат за подобрување на процесот на наставата и учењето. Им дава стручна поддршка на наставниците за користење на различни извори на знаења. Упатува на начините за избор и користење на различни извори на учење (организира работилници и дава индивидуални совети). Организира и реализира информативни средби за актуелни настани и иновации во наставата. Споделува информации за тековни проекти. Заедно со наставниците учествува во тимови за работа во проекти. Ги упатува одделенските/класните раководители за работа со ученичката заедница на

паралелката. Им дава стручна поддршка на наставниците за воспоставување добра комуникација меѓу учениците и наставниците и на учениците меѓусебно. Ги запознава наставниците со карактеристиките на новозапишаните ученици. Му помага на наставникот да ги согледа причините за несоодветното однесување, предлага стратегии за надминување и заедно со наставникот ги следи ефектите од преземените активности. Стручната служба активно комуницира со наставниците и ги известува за сите новини преку затворена група на фејсбук во која се вклучени сите наставници, како и на веб страницата на училиштето.

Податоци добиени од анкетирање на наставниците

- Најголем број од наставниците се согласуваат дека стручните соработници даваат квалитетна поддршка на наставниците, учениците и родителите;
- Најголем број од наставниците се согласуваат дека кога имаат потреба се консултираат со стручната служба за подобрување на постигањата на учениците.

| **Стручните соработници даваат квалитетна поддршка на наставниците, учениците и родителите** | |
|---|---|
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (20) - 40% |
| Се согласувам | (29) - 58% |
| Не се согласувам | (1) - 2% |
| Потполно не се согласувам | (/) - 0% |
| **Кога имам потреба се консултирам со стручната служба за подобрување на постигањата на учениците** | |
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (26) - 52% |
| Се согласувам | (23) - 46% |
| Не се согласувам | (1) - 2% |
| Потполно не се согласувам | (/) - 0% |

- **Комуникација: наставник - наставник**

Во училиштето наставниците се трудат меѓусебните односи да бидат на ниво на толеранција, почитување, разбирање и без предрасуди. Наставниците го почитуваат кодексот за комуникација со колегите и ја разбираат важноста од соработката со нив. Ја почитуваат професионална етика и одговорно се однесуваат кон задолженијата и кон колегите. Соработката и комуникацијата се реализираат преку стручните тела што постојат во училиштето, односно Стручните активи, Одделенски совет, Наставнички совети, индивидуални средби, во форми планирани во

годишната програма за работа (заеднички часови, работилници, менторирање на наставници приправници, размена на материјали), како и преку неформална колегијална помош и соработка. Наставниците заеднички во договор со останатите наставници и стручна служба, предлагаат теми за обука во училиштето и учествуват во нив. Учествуваат во работата на стручните активи. Учествуваат во различни активности на професионалните здруженија, социјални мрежи и форуми со цел да ја подобрат својата работа. Споделуваат наставни материјали со колегите. Споделуваат искуства, примери од добра пракса и користат совети за подобрување на својата работа. Наставниот кадар навремено врши дисеминации од посетени семинари. Постои мала заинтересираност и за размена на искуства и за реализирање на отворени часови. Исто така со заедничка соработка меѓу наставниците беа реализирани часови од проектите во кои зема учество нашето училиште а, оперативните планови за часовите беа испратени во Секторот за образование при општина Куманово. Се реализираат заеднички работилници и со учениците од албански и македонски наставен јазик дел од реализираните часови беа посетувани од страна на претставници од БРО, Сектор за образование и истите беа поставени на веб страницата на училиштето. Кога се работи тимски, секој наставник се труди одговорно да го изврши својот дел од задачата од аспект на работа за кој е најкомпетентен. Наставниците користат и електронска комуникација за професионална соработка. Комуникацијата и соработката се одвиваат со стручните работници и наставници во и надвор од училиштето.

Дел од наставниците не се задоволни од селективното учество на наставниците во проектните активности во кои е вклучено училиштето.

**Податоци добиени од анкетирање на наставниците**

- Поголем број од наставниците се согласуваат дека меѓусебните односи во колективот се на ниво на толеранција, почитување и без предрасуди;
- Најголем број од наставниците се согласуваат дека наставниот кадар врши дисеминација на наставниците;
- Најголем број од наставниците се согласуваат дека училиштето ги следи и им дава помош на наставниците приправници .
- Дел од наставниците во своите коментари се изјасниле дека во училиштето најмалку им се допаѓа селективното и нетранспарентно вклучување на наставниците во семинари и проекти како и осипувањето на учениците.

| **Меѓусебните односи во колективот се на ниво на толеранција, почитување и без предрасуди** | |
|---|---|
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (10) - 20% |
| Се согласувам | (27) - 54% |
| Не се согласувам | (12) - 24% |
| Потполно не се согласувам | (1)- 2% |

| Наставниот кадар врши дисеминација на наставниците | |
|---|---|
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (12) - 24% |
| Се согласувам | (29) - 58% |
| Не се согласувам | (9) - 18% |
| Потполно не се согласувам | (/) - 0 % |
| **Училиштето ги следи и им дава помош на наставниците приправници** | |
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (19) - 38% |
| Се согласувам | (27) - 54% |
| Не се согласувам | (2) - 4% |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% |
| Не знам | (1) -2% |

- **Комуникација: наставник / стручен соработник со административно технички персонал**

Административно – техничкиот персонал обезбедува навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените. Соработката помеѓу наставници, стручните соработници и техничко-административен персонал се реализира со добра и непречена комуникација што резултира со добро функционирање на условите за реализација на редовната настава и воннаставните активности, добра хигиена и одржување на постоечката опрема во целото училиште.

- **Комуникација на состаноците на Наставничкиот совет, Одделенските совети и Стручните активи**

Наставничките совети се одржуваат редовно согласно динамиката на планираните активности и предвидена динамика на Годишната програма на училиштето. На Наставничкиот Совет учествуваат сите наставници и стручни соработници по претходно известување за дневниот ред на состанокот.

Сите забелешки, прашања и предлози се евидентираат во записници водени од записничар и уредно архивирани од секретарот на училиштето. На овие состаноци се даваат и конструктивни предлози за подобрување и дополнување на наставните планови и програми, се врши анализа на успех од четирите квартали од учебната година и се даваат предлози за подобрување на успехот.

Состаноците на Совет на паралелките-одделенски совети се одржуваат согласно предвидената динамика во Годишната програма за работа на училиштето од страна на наставниците се даваат конструктивни предлози за подобрување на наставниот процес и постигања, редовноста и дисциплината на учениците. Постигањата се анализираат на ниво на паралелка и поединечно при што врз основа на анализите кои се направени се даваат предлози за пронаоѓање на решенија за отстранување на слабите страни од постигањата на учениците. Во учебна

| | |
|---|---|
| | 2021-2022 година одржани се 17 состаноци на Наставнички совет. Во учебна 2022-2023 година одржани се 19 состаноци на Наставнички совет.<br><br>На состаноците на Стручните активи се разгледуваат, разменуваат, дополнуваат тематско процесните планирања и сценаријата за часовите. Се дискутира и за тековните активности планирани со Годишната програма на училиштето (излети, екскурзии, посета на јавни установи, медиумска покриеност...). Континуирано се даваат предлози за поголема примена на ИКТ во наставата, се договараат актуелни теми и настани во тековниот период. Во учебна 2021-22 година одржани се вкупно 10 состаноци на стручни активи ( одделенска настава, општествено-јазична група на предмети и актив на природна група на предмети), во учебна 2022-23 година одржани се вкупно 7 состаноци на стручни активи ( одделенска настава, општествено-јазична група на предмети и актив на природна група на предмети). Во првото полугодие на учебна 2023-24 година одржани се вкупно 3 состаноци на стручни активи (одделенска настава, општествено јазична и природна група на предмети) до месец октомври.<br><br>Комуникацијата на состаноците е добра и се одвива со меѓусебно разбирање и почитување.<br><br>**Податоци добиени од анкетирање на наставниците**<br>- Најголем број од наставниците се согласуваат дека наставниците ги споделуваат своите мислења за постигањата на учениците од Одделенските и Наставничките совети;<br>- На прашањето „Мојот стручен актив соработува и редовно се состанува“ се согласуваат најголем број од наставниците“. |

| **Наставниците ги споделуваат своите мислења за постигањата на учениците од Одделенските и Наставничките совети** | |
|---|---|
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (18) - 36% |
| Се согласувам | (29) - 58% |
| Не се согласувам | (2) - 4% |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% |
| **Мојот стручен актив соработува и редовно се состанува** | |
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (20) - 40% |
| Се согласувам | (30) - 60% |
| Не се согласувам | (0) -0% |
| Потполно не се согласувам | (0) - 0% |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 5.0 КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

**Индикатор 2.*Комуникации на ниво на училница***

| **Теми:** | • **Комуникација: ученик – ученик**<br>• **Комуникација: наставник – ученик**<br>• **Комуникација: стручен соработник - ученик** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Пополнети инструменти од посетени часови**<br>• **Инструмент за евалуација на наставниот час**<br>• **Евиденција на стручни соработници**<br>• **Анкетни прашања за ученици, наставници и родители** | • **Комуникација: ученик – ученик**<br>Училиштето е мултиетничко и во него учат Македонци, Албанци, Срби и Роми. Вработените во училиштето се трудат да воспостават добра комуникација помеѓу учениците од двата наставни јазици. За таа цел се реализираат различни, заеднички вонnаставни и наставни активности, планирани со Годишната програма за меѓуетничка интеграција во образованието. На ниво на училиштето наставници од двата наставни јазика заеднички реализираат содржини од сите активности во училиштето: Детска недела, Здрава храна, новогодишни работилници, средување на училишниот хол со детски творби, посети на установи и институции, излети, екскурзии, спортски натпревари, мешани секции. Во училиштето и натаму се реализира „НАНСЕН“ проектот преку кој на ниво на секции се реализираат разни уметнички, уметничко-сценски, сообраќајни, еко активности, мир и толеранција. Врвот на комуниукација меѓу учениците од двата наставни јазика треба да се достигне во осмо и деветто одделение, каде веќе е забележлива меѓусебната соработка и дружба помеѓу учениците од двата наставни јазика. Проблемот се јавува кај родителите од албанскиот наставен јазик кои не се сложуваат да ги пуштат нивните деца на завршна екскурзија за полуматуранти.<br><br>Во негувањето на угледот и достоинството на ликот на ученикот и училиштето, учениците во нашето училиште се трудат за градење и решавање на позитивни коректни односи со сите соученици. Во доволна мера се почитуваат правилата на училиштето и одржување на училишниот ред. Меѓусебната соработка се темели врз заемно договарање, разменување на искуства и заеднички работилници. За подобрување на взаемната ученичка комуникација во голема мера допринесоа и проектот и работилниците од Еразмус+ К101 „Справување со меѓуврсничкото насилство и конфликти“ и активностите ќе продолжат и наредните години.<br><br>Во взаемната комуникација учениците се трудат да се запази достоинството, индивидуалните квалитети и да се воздржува од озборување. Децата со посебни потреби и децата со пречки во развој добро се прифатени од соучениците, наставниците и образовните асистенти. |

Учениците се организирани во Одделенска и Ученичка заедница според насоки за демократска партиципација. Учениците во поголема мера треба да ја искористат демократска партиципација во животот на училиштето за стекнување поквалитетни односи во релација ученик – ученик и ученик - наставник.

Информирањето на учениците се одвива преку веб страна, затворени групи, одделенските раководители, наставниците, стручната служба, директорот.

Во овој перио после завршување на пандемијата повторно беа реализирани еднодневните излети, екскурзии, екскурзии за девето одделение и настава во природа.

Сите овие излети, екскурзии се организираат не само за наставно-научна цел туку и за подобрување на социјализацијата и комуникацијата меѓу учениците од двата наставни јазика.

**Податоци добиени од анкетирање на ученици, родители и наставници**

- Најголем број од анкетираните ученици и родители се согласуват дека во ова училиште учениците учат како квалитетно и културно да комуницираат со другите луѓе;

- Најголем број од наставниците се согласуваат дека односите помеѓу учениците без разлика на пол и етичка припадност се добри. За истото прашање се согласуваат поголем број од родителите и учениците со ставање на нагласок на продлабочување на комуникацијата помеѓу етничките заедници и континуирано ангажирање на наставниците за таа цел.

- Најголем број од наставниците се согласуваат дека во училиштето се почитуваат правилата на однесување кои се пропишани со кодексот на однесување. За истото прашање се согласуваат поголем број од анкетираните ученици.

- Најголем број од учениците се согласуваат дека децата со посебни потреби се добро прифатени.

| **Во оваа училиште учениците учат како квалитетно и културно да комуницираат со другите луѓе (Во училиштето учиме квалитетно и културно да комуницираме со другите луѓе)** | | |
|---|---|---|
| | **Родители** | **Ученици** |
| Потполно се согласувам | (20) - 40 % | (26) - 52% |
| Се согласувам | (30) - 59 % | (22) - 44% |
| Не се согласувам | (1) - 1 % | (2) - 4% |

| | | |
|---|---|---|
| Потполно не се согласувам | (/) - 0 % | (/) - 0% |

| Односите помеѓу учениците без разлика на пол и етичка припадност се добри | | | |
|---|---|---|---|
| | **Наставници** | **Родители** | **Ученици** |
| Потполно се согласувам | (8) - 16% | (11) - 22 % | (14) - 28% |
| Се согласувам | (18) - 36% | (28) - 55 % | (19) - 38% |
| Не се согласувам | (17) - 34% | (11) - 21 % | (11) - 22% |
| Потполно не се согласувам | (7) - 14% | (1) - 2 % | (6) - 12% |

| Во училиштето се почитуваат правилата на однесување кои се пропишани со кодексот на однесување | | |
|---|---|---|
| | **Наставници** | **Ученици** |
| Потполно се согласувам | (10) - 20% | (10) - 20% |
| Се согласувам | (31) - 62% | (24) - 48% |
| Не се согласувам | (8) - 16% | (13) - 26% |
| Потполно не се согласувам | (1)- 2% | (3) - 6% |

| Децата со посебни потреби се добро прифатени | |
|---|---|
| | **Ученици** |
| Потполно се согласувам | (22) - 44% |
| Се согласувам | (20) - 40% |
| Не се согласувам | (6) - 12% |
| Потполно не се согласувам | (2) - 4% |

Анкетирани се 51 родител (10 родители од подрачното училиште во с. Режановце) , 20 родители од албански паралелки и 21 родител од македонски паралелки.

- **Комуникација: наставник – ученик**

Меѓусебната комуникација помеѓу наставниците и учениците во нашето училиште се базира на взаемно почитување и доверба. Наставникот внимава на односите со учениците со кои се труди во доволна мера да обезбеди отворена двонасочна комуникација за сите прашања од интерес на развојот и учењето на учениците. Заедно со учениците воспоставува правила на однесување во училницата. Ги поттикнува, подготвува и организира учениците да учествуваат во различни активности (натпревари, конкурси, изложби, приредби и проектни активности). Се почитуваат различностите, ставовите и мислењата на сите ученици. Ги организираат учениците во заеднички активности (преку заеднички работилници, секции, проектни активности, спортски натпревари) каде доаѓа до израз меѓуврсничката соработка и надминување на културолошки и родови разлики. Наставниците користат соодветен стил на комуникација во зависност од личноста на ученикот и ситуацијата. Преку разговор и советување наставниците се обидуваат да ги решаваат

| | |
|---|---|
| | проблемите на учениците. Голем дел од наставниците користат и ги поттикнуваат и учениците да применуваат современи средства за споделување на информации (аудио-визуелни, електронска пошта, социјални мрежи). Наставниците коректно и со почит се однесуваат кон децата со потешкотии во учење како и со децата со пречки во развој. Ги користат советите од стручните соработници (психолог, педагог, дефектолог) секогаш кога треба да му се помогне на ученикот. Малиот број на педагошки мерки е признание за успешната воспитна компонента и комуникација без присуство на предрасуди и без разлика на нивната социјална и материјална положба или полова и етничка припадност.<br><br>**Податоци добиени при анкетирање на ученици и наставници**<br><br>- Најголем број од учениците се согласуваат дека наставниците подеднакво ги почитуваат учениците од различен пол, верска и национална припадност.<br><br>- Најголем број од учениците се согласуваат дека учениците редовно се информирани за своите права и должности.<br><br>- Поголем број од учениците се согласуваат дека кога се загрижени за нешто, разговараат со наставниците.<br><br>- Најголем број од учениците се согласуваат дека при работата на часовите наставниците ги вклучуваат сите ученици.<br><br>- Најголем број од учениците и родителите се согласуваат дека наставниците ги почитуваат и ги поттикнуваат учениците.<br><br>- Најголем број од родителите се согласуваат дека односот на наставниците кон учениците е коректен.<br><br>- Најголем број од родителите се согласуваат наставниците ги почитуваат индивидуалните карактеристики на учениците.<br><br>- Најголем број од родителите се согласуваат наставниците ги почитуваат индивидуалните тешкотии и потреби на нивните деца.<br><br>- Најголем број од наставниците се согласуваат дека наставниците еднакво се однесуваат спрема секој ученик (за истото прашање се согласуваат поголем број од родителите).<br><br>- Најголем број од наставниците и родителите се согласуваат дека децата со пречки во развој добро се прифатени. |

| | | |
|---|---|---|
| **Наставниците подеднакво ги почитуваат учениците од различен пол, верска и национална припадност** | | |
| | **Ученици** | |
| Потполно се согласувам | (20) - 40% | |
| Се согласувам | (21) - 42% | |
| Не се согласувам | (8) - 16% | |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% | |
| **Редовно сме информирани за своите права и должности** | | |
| | **Ученици** | |
| Потполно се согласувам | (24) - 48% | |
| Се согласувам | (21) - 42% | |
| Не се согласувам | (3) - 6% | |
| Потполно не се согласувам | (2) - 4% | |
| **Кога сум загрижен за нешто, разговарам со наставниците** | | |
| | **Ученици** | |
| Потполно се согласувам | (15) - 30% | |
| Се согласувам | (22) - 44% | |
| Не се согласувам | (4) - 8% | |
| Потполно не се согласувам | (9)- 18% | |
| **При работата на часовите наставниците ги вклучуваат сите ученици** | | |
| | **Ученици** | |
| Потполно се согласувам | (17) - 34% | |
| Се согласувам | (24) - 48% | |
| Не се согласувам | (8) - 16% | |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% | |
| **Наставниците ги почитуваат и ги поттикнуваат учениците (Наставниците не почитуваат и не поттикнуваат)** | | |
| | **Родители** | **Ученици** |
| Потполно се согласувам | (13) - 25% | (21) - 44% |
| Се согласувам | (32) - 63% | (24) - 48% |
| Не се согласувам | (6) - 12% | (4) - 8% |
| Потполно не се согласувам | (0) - 0% | (0) - 0% |
| **Односот на наставниците кон учениците е коректен** | | |
| | **Родители** | |
| Потполно се согласувам | (17) - 32% | |
| Се согласувам | (32) - 64% | |

| | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | (2) - 4% | |
| Потполно не се согласувам | (/) - 0% | |
| **Наставниците ги почитуваат индивидуалните карактеристики на учениците** | | |
| | **Родители** | |
| Потполно се согласувам | (14) - 27% | |
| Се согласувам | (28) - 55% | |
| Не се согласувам | (8) - 16% | |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% | |
| **Наставниците ги почитуваат индивидуалните тешкотии и потреби на моето дете** | | |
| | **Родители** | |
| Потполно се согласувам | (13) - 25% | |
| Се согласувам | (31) - 61% | |
| Не се согласувам | (7) - 14% | |
| Потполно не се согласувам | (/) -  0% | |
| **Наставниците еднакво се однесуваат спрема секој ученик** | | |
| | **Наставници** | **Родители** |
| Потполно се согласувам | (18) - 36% | (15) - 29% |
| Се согласувам | (24) - 48% | (25) - 49% |
| Не се согласувам | (7) -14% | (9) - 18% |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2 % | (2) - 4% |
| **Децата со пречки во развој добро се прифатени** | | |
| | **Наставници** | **Родители** |
| Потполно се согласувам | (17) - 34% | (18) - 35% |
| Се согласувам | (30) - 60% | (24) - 47% |
| Не се согласувам | (2) - 4% | (6) - 12% |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% | (2) - 4% |
| Не знам | | (1) - 2% |

- **Комуникација: стручен соработник – ученик**

Стручните соработници комуницираат со учениците на начин кој обезбедува поддршка и самодоверба. Комуникацијата со учениците ја заснова врз почит и внимание, промовирајќи ги позитивните вредности, ставови и однесувања кои ги очекува и од нив. Активно ги слуша и почитува ставовите, мислењата и интересите на учениците. Организира активности за развивање на хуманоста, солидарноста и интересите на учениците. Пристапот во

индивидуалната и групната работа со учениците го приспособува спрема ситуацијата и видот на проблемот. Ги вклучува учениците во активности кои ги поттикнуваат самодовербата и самопочитувањето. Поголем број од анкетираните ученици се изјасниле дека „Во училиштето учениците секогаш можат да се обратат во стручната служба кога им е потребна било каква помош“. Стручните соработници во нашето училиште организираат и реализираат различни видови индивидуална и групна работа со учениците за прашања поврзани со учењето, успехот, системот на вредности. Користат различни методи и инструменти за идентификување на потребите од поддршка во учењето и самооценувањето. Прибираат податоци за причините на неуспех, ги информира учениците, наставниците и родителите и им дава соодветни препораки. Планира и им дава и непосредна поддршка на учениците во учењето. Користат различни пристапи во помагањето на учениците во учењето усогласени со нивните потреби. Ги информираат учениците за можностите и перспективите на професиите доколку побараат мислење. Организираат средби со претставници од средните училишта и вршат презентации и претставување пред учениците.

| **Во училиштето секогаш можам да се обратам во стручната служба кога ми е потребна било каква помош** | |
|---|---|
| | **Ученици** |
| Потполно се согласувам | (21) - 39% |
| Се согласувам | (24) - 46% |
| Не се согласувам | (4) - 12% |
| Потполно не се согласувам | (1) - 3% |

Во анкетатата за ученици учествуваа вкупно 50 ученици од двата наставни јазика (10 од подрачното училиште во с. Режановце) , 20 ученици од албански паралелки и 20 ученици од македонски паралелки.

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 5.0 КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

**Индикатор 3.** ***Комуникација со опкружување на училиштето***

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Комуникација со родителите на учениците**<br>• **Комуникација со институциите од централно ниво – МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ**<br>• **Комуникација со институциите од Локалната самоуправа – Градоначалник, Совет на општината и јавни установи (воглавно од комуналната сфера)**<br>• **Комуникација со други образовни институции во РМ и странство**<br>• **Комуникација со граѓански здруженија и донатори**<br>• **Комуникација со бизнис сектор** |
| Извори на податоци | |
| • **Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>• **Полугодишни и годишни извештаи за работа со училиштето**<br><br>• **Електронски дневник за работа на работа на паралелката**<br><br>• **Програма за соработка на** | • **Комуникација со родителите на учениците**<br><br>**Во животот и работата на училиштето**<br><br>Соработката со родителите се одвива преку заеднички и индивидуални родителски средби, разговори со можност за вклучување на родителите во различни аспекти од училишниот живот. Се настојува континуирано да се зајакнат капацитетите на дејствување на Советот на родители за чија работа претседателот на советот изготвува програма за работа по детектираните состојби во училиштето. Родителите исто така, преку Советот на родители даваат идејни планови за организација на активности во училиштето.<br><br>**Во процесот на учење**<br><br>Родителите на првите родителски средби на почеток на секоја учебна година се информираат за наставните планови и програми по кои работи училиштето од страна на одделенските раководители. Наставниците имаат изработено план за реализација на родителските состаноци на паралелка и индивидуални родителски средби. Родителите навремено со покани се информираат за секој родителски состанок и за состаноци на Совет на родители. Одржаните состаноци и |

<table>
<tr>
<td>

**училиштето со локалната заедница**

- **Анкетни прашања за наставници, родители и ученици**

</td>
<td>

средби се евидентираат во дневникот на паралелката и индивидуални листи изготвени од страна на наставниците. Претставници од стручна служба ги евидентираат индивидуалните средби со родителите и прават записници. Во секое време родителите можат да се обратат на одделенскиот раководител, предметни наставници кои предаваат, Стручна служба, техничко-административна служба и директорот. За наставниот процес родителите можат да бидат информирани и преку соработка со Училишниот одбор, Директорот на училиштето, наставниците и Стручната служба. Како слаба страна на училиштето се наведува слабиот одзив на родителите на родителски состаноци и Совет на родители.

**Во активностите во училиштето**

Училиштето бара поддршка од страна на родителите за реализација на вонаставните активности. Родителите секоја учебна година самите ги избираат понудувачите за екскурзии, исхрана во училиштето, излети и друго. Според своите можности помагаат во организирање на денот на училиштето и неретко се користи стручната помош од страна на некои родители за различни активности во училиштето. Родителите се информираат за актуелни теми, настани, Годишна програма на училиштето преку веб страната, брошури и facebook страни на училиштето. Како слаба страна е немање училишен информатор.

**Во донесување одлуки**

Од последниот интегрален увид е дадена препорака од инспекцискиот тим за поголема вклученост и партиципација на родителите во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки. Родителите преку Совет на родители и Училишен одбор одлучуваат за донесување на различни одлуки во однос на екскурзии, прослави, обезбедување на училиште, исхрана, набавка на материјали за потребите на училиштето.

Во учебна 2021/2022 година одржани се 3 состаноци на Совет на родители, 2022/2023 година 4 состаноци и учебна 2023/24 до прво полугодие 1 состанок.

**Податоци добиени од анкетирање на наставници, родители и ученици**

- Најголем број од наставниците се согласуваат дека родителите добиваат детални информации за постигнувањето и однесувањето на своите деца;

- Најголем број од наставниците и родителите се согласуваат дека одделенските раководители редовно организираат родителски состаноци;

- Најголем број од родителите се согласиле дека редовно присуствуваат на родителски состаноци;

</td>
</tr>
</table>

- Поголем број од родителите се согласиле дека училиштето е доволно отворено за соработка со родителите;

- Најголем број од родителите се согласиле дека се информирани за реализирањето на проекти во училиштето од различни области (еко проекти, мулти – културни проекти и друго);

- Најголем број од родителите се согласиле дека се информирани за сите важни случувања во училиштето;

- На прашањето „Училиштето не поттикнува нас родителите да се вклучиме во животот и работата на училиштето преку родителски средби, Совет на родители, проекти и други активности “, се согласиле најголем број од анкетираните родители;

- На прашањето „Доколку имам потреба можам да се обратам во стручната служба на училиштето“ се согласиле најголем број од родителите;

- Поголем број од анкетираните родители се согласуваат дека се запознаени со одлуките и заклучоците на Совет на родители;

- Поголем број од анкетираните родители се согласуваат дека училиштето го зема предвид мислењето на родителите во однос на важни прашања;

- Најголем број од учениците се согласуваат дека одделенскиот раководител редовно ги информира и се консултира со родителите;

- Најголем број од учениците се согласуваат дека родителите ги поддржуваат да учествуваат во воннаставните активности што ги организира училиштето со другите образовни институции.

| **Родителите добиваат детални информации за постигнувањето и однесувањето на своите деца** | | |
|---|---|---|
| | **Наставници** | |
| Потполно се согласувам | (21) - 42% | |
| Се согласувам | (28) - 56% | |
| Не се согласувам | (/) - 0% | |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% | |
| **Одделенските раководители редовно организираат родителски состаноци** | | |
| | **Наставници** | **Родители** |
| Потполно се согласувам | (30) - 60% | (28) - 55% |
| Се согласувам | (19) - 38% | (23) - 45% |

| | | |
|---|---|---|
| Не се согласувам | (/) - 0% | (/) - 0% |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% | (/) - 0% |
| **Редовно присуствувам на родителски состаноци** | | |
| | **Родители** | |
| Потполно се согласувам | (19) - 37% | |
| Се согласувам | (29) - 57% | |
| Не се согласувам | (1) - 2% | |
| Потполно не се согласувам | (2) - 4% | |
| **Училиштето е доволно отворено за соработка со родителите** | | |
| | **Родители** | |
| Потполно се согласувам | (16) - 31% | |
| Се согласувам | (25) - 49% | |
| Не се согласувам | (7) - 14% | |
| Потполно не се согласувам | (3) - 6% | |
| **Информиран сум дека во училиштето се реализираат проекти од различни области (еко проекти, мулти-културни проекти и друго)** | | |
| | **Родители** | |
| Потполно се согласувам | (19) - 37% | |
| Се согласувам | (23) - 45% | |
| Не се согласувам | (8) - 16% | |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% | |
| **Информиран/а сум за сите важни случувања во училиштето** | | |
| | **Родители** | |
| Потполно се согласувам | (22) - 43% | |
| Се согласувам | (23) - 45% | |
| Не се согласувам | (5) - 10% | |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% | |
| **Училиштето не поттикнува нас родителите да се вклучиме во животот и работата на училиштето преку родителски средби, Совет на родители, проекти и други активности** | | |
| | **Родители** | |
| Потполно се согласувам | (11) - 22% | |
| Се согласувам | (31) - 61% | |
| Не се согласувам | (6) - 12% | |
| Потполно не се согласувам | (3) - 5% | |
| **Доколку имам потреба можам да се обратам во стручната служба на** | | |

| | |
|---|---|
| **училиштето** | |
| | **Родители** |
| Потполно се согласувам | (26) - 51% |
| Се согласувам | (20) - 39% |
| Не се согласувам | (4) - 8% |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% |
| **Запознаен сум со одлуките и заклучоците на Советот на родители** | |
| | **Родители** |
| Потполно се согласувам | (12) - 24% |
| Се согласувам | (27) - 52% |
| Не се согласувам | (12) - 24% |
| Потполно не се согласувам | (/) - 0% |
| **Училиштето го зема предвид мислењето на родителите во однос на важни прашања** | |
| | **Родители** |
| Потполно се согласувам | (17) - 33% |
| Се согласувам | (22) - 43% |
| Не се согласувам | (9) - 18% |
| Потполно не се согласувам | (3) - 6% |
| **Одделенскиот раководител редовно ги информира и се консултира со моите родители** | |
| | **Ученици** |
| Потполно се согласувам | (41) - 82% |
| Се согласувам | (9) - 18% |
| Не се согласувам | (/) - 0% |
| Потполно не се согласувам | (/) - 0% |
| **Родителите ме подржуваат да учествувам во воннаставните активности што ги организира училиштето со другите образовни институции** | |
| | **Ученици** |
| Потполно се согласувам | (31)- 62% |
| Се согласувам | (14)- 28% |
| Не се согласувам | (4) - 8% |
| Потполно не се согласувам | (1)- 2% |

| | |
|---|---|
| | • **Комуникација со институциите од централно ниво – МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ**<br><br>Соработката со институциите од областа на образованието како што се МОН, БРО и ДПИ е на високо ниво. Постојано добиваме инструкции и насоки за работа од подрачните единици на БРО и МОН. Се спроведуваат семинари во нашето училиште по договор со МОН и БРО и воедно наставниците активно учествуваат на семинарите, средбите, советувањата организирани од Бирото за развој на образование. Исто така во училиштето се спроведуваат и разновидни активности од проектите поддржани од БРО и МОН со менторска поддршка од советниците и инспекторите.<br><br>• **Комуникација со институциите од Локалната самоуправа – Градоначалник, Совет на општината и јавни установи (воглавно од комуналната сфера)**<br>Училиштето остварува добра соработка со институциите од локалната самоуправа – Градоначалникот, Советот и Секторот за образование и наука. Локалната заедница преку Советот на општината е запознаена и ги поддржува програмите кои ги предлага нашето училиште.<br><br>Во текот на учебната година според календарот за работа на училиштето се одбележуваат низа значајни настани, манифестации, празници и јубилеи во кои училиштето зема активно учество и во пошироката заедница. За таа цел училиштето соработува со локалната средина во кое преку усна, пишана и електронска комуникација договара состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и друго. Од досега воспоставената соработка со Општината, училиштето се промовира преку годишниот Маскенбал, активностите од Еразмус+ проектите, преку Ден на Европа, во рамките на Еко проект, спортски активности, Безбедни училишта, Детско претстапништво, Детска недела... Училиштето зема активно учество во спроведувањето на активности на Градската библиотека, прослави по повод Ден на ослободување на Куманово, празници и јубилеи, посети на јавни претпријатија и друго. Од 30.06.2021 година успешно е потпишан Договор за соработка со ОУРЦ „Иднина“ – Скопје и Центар за поддршка при ООУ „Браќа Миладиновци“ – Куманово. Во учебна 2022/23 година свечено го обележавме јубилејниот Патронен празник – 60 години постоење на ООУ „Толи Зордумис“ – Куманово.<br><br>**Податоци добиени од анкетирање на наставници**<br><br>- Најголем број од наставниците се согласуваат дека локалната средина е запозната со активностите на училиштето;<br><br>- Најголем број од наставниците се согласуваат дека локалната заедница ги поддржува програмите кои ги предлага училиштето. |

| Локалната средина е запознаена со активностите на училиштето | |
|---|---|
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (13) - 26% |
| Се согласувам | (32) - 64% |
| Не се согласувам | (3) - 6% |
| Потполно не се согласувам | (1) - 2% |
| Не знам | (1) - 2% |
| **Локалната заедница ги поддржува програмите кои ги предлага училиштето** | |
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (10) - 20% |
| Се согласувам | (33) - 66% |
| Не се согласувам | (5) - 10% |
| Потполно не се согласувам | (/) - 0% |
| Не знам | (2) - 4% |

- **Комуникација со други образовни институции во РСМ и странство**

Со детските градинки, другите основни и средни училишта во градот соработуваме и комуницираме на ниво на организирање на училишни и спортски натпревари по повод патрони празници, организирање на општински натпревари, литературни читања и проектни активности. На локално ниво соработуваме со сите основни училишта преку реализација на проектот „Безбедни училишта“. Партнер училишта со кои оствaруваме континуирана соработка се: ООУ „Христијан Карпош“, ООУ„Бајрам Шабани“, “Христијан Тодоровски-Карпош“ од с.Драгоманце ООУ„Наим Фрашери“ , основно училиште „Кирил и Методиј“ во село Романовце. Наставници и ученици од нашето училиште работат на проекти добиени преку програмата „Еразмус+“.

На крајот од учебната година нашето училиште го посетуваат претставници од средните училишта од градот и пошироко. Тие преку непосредни разговори, контакти, плакати и брошури вршат презентација на програмите од своите училишта и преку онлајн презентации каде учениците добиваат одговори како да го направат својот вистински избор за професионален развој.

**Податоци добиени од анкетирање на наставници**

- Најголем број од наставниците и учениците се согласуваат дека во училиштето се одржуваат средби со ученици од други образовни институции од локалната заедница и пошироко за организирање на активности од областа на спорт,

екологија, проекти, приредби...

- Најголем број од наставниците се согласуваат дека училиштето често учествува на средби со ученици од други образовни институции во локалната заедница и пошироко;

- На прашањето „Училиштето е центар на културни и спортски активности во локалната средина" се согласуваат најголем број од наставниците.

| **Во училиштето се одржуваат средби со ученици од други образовни институции од локалната заедница и пошироко за организирање на активности од областа на спорт, екологија, проекти, приредби...** | | |
|---|---|---|
| | **Наставници** | **Ученици** |
| Потполно се согласувам | (4) - 8% | (21) - 42% |
| Се согласувам | (38) - 76% | (21) - 42% |
| Не се согласувам | (7) - 14% | (6) - 12% |
| Потполно не се согласувам | (/) - 0% | (2) - 4% |
| Не знам | (1) - 2% | |

| **Училиштето често учествува на средби со ученици од други образовни институции во локалната заедница и пошироко** | |
|---|---|
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (15) - 30% |
| Се согласувам | (32) - 64% |
| Не се согласувам | (3) - 6% |
| Потполно не се согласувам | (/) - 0% |

| **Училиштето е центар на културни и спортски активности во локалната средина** | |
|---|---|
| | **Наставници** |
| Потполно се согласувам | (19) - 38% |
| Се согласувам | (25) - 50% |
| Не се согласувам | (6) -12% |
| Потполно не се согласувам | (/)- 0% |

**Комуникација со граѓански здруженија и донатори**

Училиштето најмногу соработува со невладините организации за поддршка за ромското население од коишто добиваме помош при контакт со родителите на учениците Роми, организирање на собирни акции и помош при

| | |
|---|---|
| | образование на учениците. Оствaруваме соработка и со граѓански здруженија: „Порака наша“, „Здружение за грижа и воспитување на деца”, каде што се вклучени и даваат свој придонес вработените, учениците и родителите.<br><br>**Здравствени организации**<br><br>Здравствените организации редовно соработуваат и комуницираат со училиштето заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените. Соработуваме со Школската амбуланта, Стоматолошката амбуланта, Одделот за имунизација и вакцинација кои според утврдениот календар за систематски прегледи и имунизација секоја година ги спроведуваат истите со учениците од определени одделенија. Педагогот од училиштето добива информации од здравствените организации кои ги пренесува на одделенските раководители и истите во комуникација со родителите ги водат децата на вакцинација, систематски преглед  и стоматолошки преглед.  Се соработува и комуницира и со Центарот за социјални грижи за помош при работа со социјално загрозени семејства и со родители на ученици кои се повикуваат на советување за нередовно посетување на наставата и намален успех. Се соработува и со Осигурителна компанија во која учениците и вработените плаќаат на доброволна база средства за осигурување од повреди.<br><br>**Медиуми**<br><br>Дел од активностите кои се реализираат во училиштето се медиумски покриени преку известување до локалната телевизиска  станица „ТВ +“ телевизија, дописи до локалниот весник на град Куманово, facebook страна на училиштето, веб страна на училиштето. Се планира изготвување на училишен весник. Со медиумите соработуваме и при уписот на првачиња во месец мај кога се пушта соопштението за почетокот на уписот на локалната ТВ станица.<br><br>Сите овие активности ги спроведува тимот за организација на настани и медиумско покривање на истите во состав:<br><br>1. Габриела Живиќ- проф. по македонски јазик;<br>2. Александра Грубор- проф. по одделенска настава.<br>3. Даниела Лазаревски – педагог<br>4. Наташа Пешевска- проф. по македонски јазик;<br>5. Зејнепе Бајрами- проф. по одд. настава - ментор;<br>6. Теута Бедиу- одд. наставник.<br><br>**Комуникација со бизнис сектор**<br>Соработката со бизнис сектор се одвива во состав на одбележување на патрониот празник на училиштето, преку реализација на проекти и акции. Училиштето соработува со локалните автобуски превозници, претпријатието за прехрамбени продукти „Елида“, агенцијата за осигурување АД. Осигурителна Полиса, млекара „Бучен Козјак“, сокара „Кватро“, месна индустрија „Екстра Меин“- Куманово, „Софтмак“ компјутери, ГП „ Евгенија План“ – Куманово,  „НИКО |

| | |
|---|---|
| | бои и лакови“, книжарница „Цивџи“, книжарница „Глобус“. Донациите и спонзорствата треба да бидат на повисоко ниво заради унапредување, промоција и поддршка на учениците и училиштето во локалната средина и пошироко. Како заклучок е потребна продлабочена соработка на училиштето со заедницата на сите нивоа. |

| **РЕЗУЛТАТИ – Клучни јаки страни и слабости во училиштето** |
|---|
| **КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ**<br>• Постои добра соработка и комуникација меѓу сите релевантни субјекти во училиштето без разлика на пол, верска и национална припадност;<br>• Редовна соработка со МОН, ДПИ, ДИЦ, БРО и локалната самоуправа;<br>• Добра соработка и размена на идеи меѓу членовите на Стручните активи;<br>• Соработка со други образовни институции во РСМ и надвор од неа преку вклученост и реализација на повеќе проекти ;<br>• Соработката со граѓански здруженија се остварува преку реализација на проекти и акции. |
| **СЛАБИ СТРАНИ**<br>• Осипување на ученици;<br>• Училиштето нема училишен информатор;<br>• Недоволна информираност и вклученост на Училишната заедница во животот на училиштето;<br>• Немање транспарентни критериуми за учество во проекти;<br>• Слаб одзив на родители на состаноци на Совет на родители;<br>• Слаба комуникација со бизнис сектор. |

## ПОДРАЧЈЕ: УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА

### Мисија

**Нашето училиште обезбедува услови за креативен развој на учениците и постојано стручно усовршување на наставниците. Промовира толеранција, разбирање и хумани вредности помеѓу наставниците, учениците и родителите, преку вонваставни активности, почитувајќи и негувајќи ги различните културни вредности.**

### Визија

**Нашето училиште како воспитно-образовна средина продолжува да ги следи модерните текови, да спроведува интегрирано образование и да овозможува услови за постојан индивидуален развој на наставниците и учениците. Продолжува да обезбедува еднаквост на сите, го негува меѓуетничкото разбирање, почитување и различност преку негување на мултикултурното општество.**



**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 6.0 УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА**

**Вработените во училиштето работат тимски со што ја надминуваат етничката и социјалната дискриминација, придонесувајќи за создавање на позитивна училишна клима и односи во училиштето. Во училиштето сеуште се чувствува потреба од поголема транспарентност и вклучување на сите субјекти при донесување на одлуки кои се од големо значење за работата на училиштето.**

| бр. | Индикатори за квалитет | Членови на работниот тим:<br>Весна Димитриевска – координатор<br>Членови: Емилија Веселиновска, Даниела Младеновска и Илбере Арифи |
|---|---|---|
| | | **Т е м и:** |
| **4.1** | **Севкупна грижа за учениците** | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **4.2** | **Здравје** | • Хигена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| **4.3** | **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | • Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>• Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
| **5.1** | **Училишна клима и односи во училиштето** | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |

| | | |
|---|---|---|
| 5.3 | **Еднаквост и правичност** | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| 6.5 | **Финансиско работење во училиштето** | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |
| 7.2 | **Цели и креирање на училишната политика** | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури за креирање на училишната политика |
| 7.3 | **Развојно планирање** | • Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>• Материјално-технички средства<br>• Инфраструктура |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 6.0 УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА**

**Индикатор 4.1.** ***Севкупна грижа за учениците***

| **Теми:** | • **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>• **Превенција од насилство**<br>• **Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>• **Квалитет на достапна храна**<br>• **Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br>• **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Закон за основно образование**<br>• **Годишна програма за работа на училиштето**<br>• **Развојно** | ***Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>Училиштето се раководи според законската обврска и стандардите за обезбедување на просторот во кој се изведува наставата. Мерките се спроведуваат во согласност со пропишани документи од училиштето кои се наведени како извори на податоци во ова поглавје. Обележани се потенцијално опасните места како што се: штекери, струјни места, шахти и др. и сите се во исправна состојба и тоа во централното училиште и во ПУ во с. Режановце. Редовно се сервисираат и проверуваат ПП апаратите. Учениците во текот на практичната настава по |

| | |
|---|---|
| **планирање**<br>• **Норматив за заштита и безбедност на учениците**<br>• **Статут на училиштето**<br>• **Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди**<br>• **Програми за работа на стручните соработници-педагог, психолог и дефектолог**<br>• **Норматив за дефинирање на сите облици на однесување кои се сметаат за психичко, физичко и сексуално насилство**<br>• **Програма за советување на родители**<br>• **Процедура за начини на реагирање и поднесување на поплаки во случај на насилство**<br>• **Кодекс на однесување за ученици,** | предметите ТО, физика, хемија, ФЗО работат под надзор и во присуство на соодветниот наставник. На влезот во училиштето, влегувањето и излегувањето на сите субјекти се надгледува од вработените од техничката служба и дежурните наставници. На одморите во училиштето во ходниците и училишниот двор дежураат наставници според распоредот за дежурства. Во училиштето има видео надзор за безбедност на учениците и вработените. Има изготвено програма за заштита и спасување од елементарни непогоди и воедно Директорот на училиштето има определено тим за кризни интервенции во училиштето.<br>Во учебна 2022/23 година за прв пат после подолг период се организираше симулација за постапување во случај на елементарни непогоди со учениците и вработените поради постојаните најави за подметнати бомби во училиштата на ниво на државата.<br>Тим на ученици со наставникот по биологија беа на обука за давање на прва помош на ученици при несреќни случаи во Општинската организација на Црвениот крст во Куманово.<br><br>*** Превенција од насилство**<br>Психичкото и физичко насилство се дефинираат во документот: „Норматив за дефинирање на сите облици на однесување кои се сметаат за психичко и физичко насилство“ и со насоките дадени од МОН. Во нив се предвидени мерките за превенција и санкционирање на ваквите појави. Училиштето се обраќа до Центар за социјални работи, МВР, Медицински центар, Центар за јавно здравје и други институции доколку се појави проблем од ваков вид.<br>Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците според пропишаните правилници и процедури. Во учебна 2022/23 година заради пројавени проблеми на насилство помеѓу ученици од нашето училиште и други училишта континуирано се соработуваше со МВР, Сектор за превенција и стручните служби од другите училишта се додека не се решија тија проблеми. За тоа исто така беа известени и се разговараше со членовите на Советот на родители. После спроведени дисеминации на наставници, ученици и родители се реализираа и работилници во кои беа вклучени и родителите и учениците. Изготвен е Акциски план и долгорочна стратегија кои се дел од Годишната програма на училиштето. Оваа учебна и наредните учебни години ќе се реализираат активности со ученици, со цел јакнење на емоционална интелигенција, примена на стратегии за спречување на конфликти, булинг и сајбер булинг и оставање на позитивен ефект на социјалните мрежи. Со тоа сметаме дека ќе се влијае на намалување на меѓуврсничко насилство кое стана веќе глобален проблем.<br>Одделенските раководители на часовите на одделенска заедница разговараат со своите ученици за ваков вид на однесување во рамките на програмата за животни вештини.<br>На ниво на училиштето, во Кодексите за учениците, наставниците и родителите има забрани кои се однесуваат на дистрибуција и користење на цигари, алкохол и други штетни супстанции. Во училиштето се и предвидени мерки кои ќе ги превземе за спречување на ваквите појави.<br>***Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанци, што подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и |

| | |
|---|---|
| **наставници и родители**<br>• **Процедура за регистрирање на појава на пушење, конзумирање на алкохол и наркотички супстанции**<br>• **Анализа од спроведени анкети за ученици, наставници и родители**<br>• **Годишен извештај од работата на училиштето**<br>• **Евиденција за ученици со здравствените проблеми**<br>• **Училишна Програма за грижа за здравјето на учениците**<br>• **Процедура за обезбедување на материјални средства за ученици чии семејства се социјално загрозени**<br>• **Записници од стручни активи**<br>• **Евиденции на стручни** | користат наркотични супстанци. Досега во тек на долгогодишното работење на училиштето вакви појави не се детектирани кај наставниците и учениците. Во соработка со локалната заедница и општината, училиштето наоѓа начин да го спречи користењето на алкохол и наркотични супстанци во неговиот двор со тоа што: дворот е заграден, осветлен и постои стражарска служба која континуирано во текот на денот и ноќта е активна и секоја појава од ваков вид е пренесена на надлежните служби на МВР од страна на директорот на училиштето.<br>***Квалитет на достапна храна**<br>Во рамките на еко проектот во училиштето се води активна кампања за здрава храна при што од учениците на еко секцијата и одговорните членови на еко одборот организираат денови на здрава храна со учениците од централно и подрачно училиште. На јубилејниот патронен празник имаше ден посветен на здрава храна и пикник кој се организираше во училишниот двор.<br>За жал на состаноците на Совет на родители, членовите се изјаснуваат, неколку години наназад, дека нема потреба од организирана ужинка за децата. Учениците купуваат ужина од продавниците кои се оддалечени од училиштето, при што се изложени на ризик од сообраќајниот метеж и се забележува каснење на учениците на третиот час после големиот одмор.<br>Со оглед на тоа што многу мал број од учениците носат припремена ужинка од дома и се хранат со „чипс, смоки, конзервирани сокови, кифли...добро би било овие сознанија да се искористат за да се разговара со учениците и родителите за важноста на храната која ја консумираат учениците и проверка што купуваат учениците на одморите кога се во училиште. Во однос на ова има потреба од поинтензивно планирање на работилници со родители и ученици за формирање на правилни ставови за значењето на здравата исхрана во животот на човекот.<br>***Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br>Постои процедура за грижа на ученици со телесни пречки во развој. Во врска со тоа училиштето соработува со родителите и со другите релевантни институции (невладини организации). Води грижа за децата со пречки во телесниот развој и има развиени механизми за потикнување на потребите на учениците. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Просторот во ходниците и во училниците овозможува нивно движење и постои адаптиран тоалет и лифт за нивна употреба.<br>*** Грижа за учениците од социјално загрозени семејства**<br>Училиштето има пропишани процедури за обезбедување на материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонаставните активности што бараат вложување дополнителни средства (екскурзии, приредби и натпревари). Процедурите се спроведуваат во практиката за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејстваСепак, училиштето не е во состојба сеуште да одделува средства од буџетот за помош на овие ученици за изведување екскурзии или излети. По своите можности спроведува акции за помош од соученици и вработените, во облека и прибор кои понатаму се даваат на овие ученици.<br>Од добиените анализи на прашалниците за родители, ученици и наставници добивме позитивни резултати и сознанија дека училиштето во континуитет работи на оваа проблематика.<br>Поголем број од учениците истакнуваат дека во училиштето наставниците еднакво се однесуваат со сите ученици, ги советуваат да си помагаат помеѓу себе, да се почитуваат и да соработуваат. Проблемите ги решаваат со одделенските раководители и со помош на стручната служба во училиштето. Нивните позитивни постапки |

| | |
|---|---|
| **соработници за разговори со ученици, наставници и родители**<br>• **Евиденции за вакцинации** | најчесто се пофалуваат од страна на вработените. Учениците се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето и само мал дел понекогаш се чувствуваат небезбедни во училиштето. Учениците се чувствуваат заштитени од насилство и користење на штетни супстанци и може во секое време да се обратат за помош и совет до наставниците и стручната служба. Дел од учениците сметаат дека наставниците им помагаат на оние ученици кои поспоро напредуваат во учењето а дел дека таа помош е повремена.<br>Родителите сметаат дека нивните деца се сигурни и безбедни во училиштето. Наставниците бараат решенија за проблемите што се појавуваат во одделението и редовно ги известуваат. Се сложуваат деке нивното дете може да се обрати за помош и совет до наставникот и членовите на стручната служба кога има потреба.<br>Наставниците изјавиле дека им помагаат на своите ученици да развијат вештини за соработка, толеранција и комуникација. На часовите по животни вештини разговараат за штетноста од користење на алкохол, дрога и наркотични средства. Се грижат за безбедноста на учениците и секогаш се спремни да помогнат. Им помагаат на учениците кои поспоро напредуваат и ги пофалуваат позитивните постапки на напредокот во учењето. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 6.0 УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА**

**Индикатор 4.2.** ***Здравје***

| **Теми:** | • **Хигиена и заштита од болести**<br>• **Грижа за учениците со здравствени проблеми** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Увид во училишниот простор**<br>• **Годишна програма за работа**<br>• **Развоен план на училиштето**<br>• **Евиденции од работа со ученици, наставници и родители на педагог и психолог**<br>• **Процедура за грижа за ученици кои подолго** | *** Хигиена и заштита од болести**<br>Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите за наставници и учениците се чистат и дезинфицираат два пати дневно. Училиштето се грижи за учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците, скалите, подот, мебелот и останатитот училишен простор се чистат пред почетокот на секоја смена. Најмалку два пати во секое полугодие се прави генерално чистење на училишните згради во централно и подрачно училиште. Во тек на летниот период се врши кречење на училниците и ходниците. Но во овој двегодишен период само дел од училниците беа искречени. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација пред почетокот на секоја учебна година се реализира од стручни лица на ХЕС. Санација на стаклата и училишниот мебел се врши од страна на хаусмајсторот на училиштето. Редовно се санираат и обновуваат клупи и столчиња во училиштето. Во овие две години добивме нови столчиња и клупи за учениците од прво одделение преку донација на родители. Во училиштето, и по завршување на пандемијата, сеуште беа поставени средства за дезинфекција на неколку места. Се води контрола на влезот и излез на вработените и учениците. Отворен е само едниот влез во училиштето. Посети на лица кои не се вработени и ученици во училиштето се евидентираат.<br>Дворот на училиштето се чисти од отпадоци. Сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат, |

| | |
|---|---|
| **отсуствуваат од наставата**<br>• **Увид во изготвени индивидуални образовни планови**<br>• **Програма за грижа за здравјето**<br>• **Програми на одделенски раководители во реализација на часови – животни вештини**<br>• **Протоколи за работа во услови на пандемија пропишани од МОН** | Во училишниот двор има обележан простор за фрлање на отпад, за игра и дружење, зелени површини и друго во рамките на проектот Еко-училиште. Во училишните згради и во дворот постојат корпи за отпадоци кои редовно се чистат. Нема обезбедени места за класификација на отпад од хартија и пластика. Санитарните чворови во училиштето иако не се во добра состојба редовно се сервисираат од страна на хаусмајсторот.<br>* **Грижа за учениците со здравствени проблеми**<br>Како дел од програмата за здравствена заштита се предвидени содржини за работа со учениците, кои се однесуваат за превенција на заразни болести. Целосно се реализирани точките на акција од воспоставените еко-стандарди за што показател ни е бронзеното ниво за нашето училиште од ОХО со што ние сме единствено училиште во општината носител на признание од Еко-проектот кој што се спроведува на ниво на РСМ. Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. За овие ученици наставниците во договор со директорот може да организираат и индивидуални часови во кои ги надокнадуваат пропуштените содржини.<br>Во училиштето за двајца ученици со ПОП ангажирани се образовни асистенти за помош при работа со овие ученици.<br>Процедурите што се изготвени од страна на училиштето се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. Притоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции (на пр. здравствени установи, Центар за социјални работи). |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 6.0 УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА**

**Индикатор 4.3.** ***Советодавна помош за понатамошно образование на учениците***

| **Теми:** | • **Давање помош при избор на занимање/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br>• **Грижа за учениците со емоционални потешкотии** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Програма за професионална ориентација на учениците**<br>• **Програма за работа** | * **Давање помош при избор на занимање/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br>Според предвидената Програма за професионална ориентација на учениците од деветтите одделенија, се спроведуваат следниве активности: |

| | |
|---|---|
| **на психолог и педагог**<br>• **Процедура за откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми**<br>• **Професионално досие на психологот**<br>• **Евиденција на ученици со емоционални проблеми**<br>• **Психолошки досиеја за работа со учениците**<br>• **Евиденции за разговори и советодавна работа на стручната служба со ученици, родители и наставници**<br>• **Евиденции на наставниците**<br>• **Процедура за откривање и работа со ученици со емоционални проблеми** | • Информирање на учениците за можностите во врска со нивното понатамошно образование;<br>• Договори за презентација на средни училишта со користење на промотивен материјал, флаери, трибини, дебати, отворени денови и др.<br>• Индивидуални разговори со ученици за избор на нивно занимање по барање на ученикот;<br>• Обука на членови на стручната служба во месец април 2023 година за Професионална ориентација од понудените програми од БРО и МОН.<br>* **Грижа за учениците со емоционални потешкотии**<br>Училиштето има пропишана процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот: семејно насилство, семејна грижа, болест во семејството, постконфликтни трауми.<br>Изготвена е евиденција за сите ученици со емоционални проблеми за кои имаме добиено соодветни информации од родителите, соучениците, наставниците.<br>Стручната служба и наставниците редовно разговараат, разменуваат мислења и се договараат за слушање, разбирање и пружање на помош на децата кои имаат емоционални потешкотии.<br>Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во справување со ваквите проблеми и потешкотии. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се: здравствените установи, Центарот за социјална работа, Завод за ментално здравје, СВР Куманово итн. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 6.0 УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА**

**Индикатор 5.1.** ***Училишна клима и односи во училиштето***

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Углед/имиџ на училиштето**<br>• **Кодекс на однесување**<br>• **Училишна клима**<br>• **Поведение и дисциплина во училиштето**<br>• **Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки** |
| Извори на податоци | |
| • **Закон за основно образование**<br>• **Развоен план на училиштето**<br>• **Записници од стручни активи**<br>• **Кодекс на однесување на наставниците**<br>• **Кодекс на однесување на учениците**<br>• **Анкети за учениците, наставниците и родителите**<br>• **Норматив за дефинирање на сите видови на насилство**<br>• **Норматив за заштита и безбедност на учениците** | * **Углед/имиџ на училиштето**<br>Односите меѓу сите субјекти во воспитно-образовниот процес во училиштето се регулирани во согласност со Законот за основно образование и истите се засноваат на меѓусебна соработка, почитување и толеранција.<br>Училиштето ги реализира точките на акција од третиот и четвртиот еко-стандард со цел задоволување на потребите на сите кои престојуваат во училиштето и препознатливо е по функционално уредениот училишен двор согласно сите еколошки параметри. Училиштето обезбедува здрави услови за работење и престој.<br>Во училиштето се негуваат родовата сензитивност и мултикултурализмот, се поддржува инклузивноста на децата со ПОП и се зајакнува партиципацијата на учениците и нивното учество во донесување на одлуки. Учениците и вработените подеднакво се грижат за угледот на училиштето.<br>Во мисијата и Визијата посебен акцент се става на овие аспекти.<br>*** Кодекс на однесување**<br>Во училиштето постои Кодекс на однесување на наставниците и стручните соработници во кој се опфатени основните барања и начела што го определуваат професионално-етичкото однесување на наставниците и стручните соработници дополнети и прилагодени на потребите на училиштето. Исто така, постои и Кодекс на однесување во училниците. Постои правилник за однесување со компјутерска опрема.<br>Во училиштето е донесен Кодекс и Куќен ред по кој е потребно да се однесуваат учениците и вработените. Извадоци од Кодексот за родители, наставници и ученици се истакнати на видно место на влезот во училишната зграда.<br>Училиштето има донесено еко-кодекс, во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури согласно содржините на еколошката програма. Во неговата изработка учествуваа претставници на сите структури а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници од сите наставници и ученици. |

| | |
|---|---|
| • **Евиденција на стручни соработници** | *** Училишна клима**<br>Во градот, училиштето е препознатливо по еднаквиот пристап кон сите ученици и негувањето на мултикултурализмот што произлегува како потреба од мешаниот етнички состав на учениците (македонци, албанци, роми, срби и др.). Нашето училиште е единствено во градот во кое наставата се одвива на два наставни јазици. Затоа посебно внимание му посветуваме на градењето и негувањето на мултикултурализмот преку различни настани во училиштето и учество во проекти во кои се вклучени сите ученици и наставници. Преку проектите и активностите што се изведуваат освен што го промовираме училиштето и покажуваме како треба да се живее во една мултикултурна заедница придонесуваме и учениците и вработените пријатно да се чувствуваат во училишната средина. Заеднички изготвуваме прослави, приредби, патронен празник, екскурзии, излети и друго.<br>На состаноците на стручните активи кои се од мешан етнички состав многу често се разговара за односот и пристапот кон ученици кои со несоодветно однесување во било која форма, превземање мерки за подобрување на нивното однесување и нивно прифаќање од останатите ученици.<br>Освен разговори се организираат и работилници, презентации, предавања...<br>Учениците со ПОП се добро прифатени во своите паралелки и почитувани од своите соученици и наставници. Почитувањето на учениците од другите етнички заедници и почитувањето на учениците од различен пол е на високо ниво што го добивме и од анализата на прашалниците за родители, наставници и ученици.<br>Голем дел од учениците слободно го изразуваат своето мислење и ставовите кои се постигнуваат преку разните активности организирани во училиштето: одбележување на празници, спортски активности кои сега се од тимови од мешан етнички состав, еко-активности и друго.<br>Учениците сметаат дека наставниците ги уважуваат и почитуваат а за недозволено однесување се превземаат соодветни педагошки мерки според пропишаните правила за изрекување на педагошки мерки и се известува и повикува родителот.<br>Во „Нормативот за дефинирање на сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство" се дефинирани облиците на психолошко, социјално, физичко и насилство преку интернет како и облиците на злоупотреба на детето. Во него се содржани знаците и манифестациите според кои можат да се препознаат децата кои се жртва на било кој облик на насилство, како и процедура како да се постави доколку има појава на било кој облик на насилство. На веб- страната на училиштето е објавен Акцискиот план и долгорочната стратегија за справување со меѓуврничко насилство и конфликти, со цел јакнење на емоционална интилигенција, примена на стратегии за спречување на конфликти, булинг и сајбербулинг на учениците.<br>Заштитата и безбедноста се остваруваат преку физичка и здравствена заштита и безбедноста и заштитата на учениците од насилство.<br>Физичката заштита се остварува низ многу облици како што се контрола на самиот објект, училишниот двор, влегувањето и излегувањето од училиштето, заштита за време на акции, екскурзии. Во училиштето не постои физичко обезбедување и на одморите во секој дел од училиштето дежураат наставници според однапред подготвен распоред и истите се придржуваат кон пропишаното задолжение за дежурни наставници кои држат настава во училниците.<br>Во Нормативот за заштита и безбедност на учениците е предвидена и постапка како да се постапи доколку безбедноста на учениците биде загрозена. |

| | |
|---|---|
| | Понекогаш се случуваат инциденти кои ги продуцира возраста и кои бараат многу такт и енергија за нивно разрешување. Инцидентите се случуваат меѓу ученици кои може да се дефинираат како ранливи групи на деца по различен основ (деца со емоционални проблеми, со потешкотии во учење, дисфункционални семејства, нарушена здравствена состојба, семејни проблеми...), и најтешко се рашаваат инцидентите на меѓуетничка основа. Понекогаш има појава на психичко насилство (омаловажување, исмевање, оговарање) од сите три субјекти (ученици, наставници, родители.<br>Овие случаи се евидентирани и упатувани кај педагошко-психолошката служба во училиштето, каде што се решаваат заеднички помеѓу наставниците, учениците и родителите. Во последните две години Стручната служба заседе став кој доследно се почитува, а тоа е повиковање на родител за секој инцидент според изготвен неделен план за советување на родители кој уредно се евидентира.<br>*** Поведение и дисциплина во училиштето**<br>Поведението и дисциплината на учениците редовно се прати од страна на одделенските раководители, наставниците и члeновите на стручната служба. На состаноците на Наставнички совет стручната служба собира податоци од наставниците и потоа се дискутира и се образложува во анализите по квартали. За нарушено поведение и недисциплина се изрекуваат педагошки мерки на учениците, индивидуални разговори со учениците и нивните родители со претставниците од стручната служба и секако родителите се повикувани на советување според Законот за основно образование.<br>* **Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки**<br>Во училиштето има формирано ученичка заедница според насоките дадени од проектот за ученичка партиципација. Исто така функционираат и одделенските заедници. Секоја година на одделенските раководители им се дава листа со која ги избираат претседателите, подпретседателите и другите ученици одговорни за различни активности во одделението. Од претставниците на претседатели на одделенија се формира Ученички парламент. Со тајно гласање се бира претседател и заменик. Од седмо до деветто одделение се бира и ученички Правобранител и исто така ученици кои ќе присуствуваат на Наставничките совети и работа на други слични органи и тела во училиштето. Сеуште учениците што се избрани од страна на Ученичката заедница да присуствуваат на работа на органи и тела во училиштето не се повикувани од истите и не присуствуваат на состаноците. При секој избор се води сметка за етничката и половата застапеност на учениците. Работата на ученичкиот парламент ја координираат одговорните наставици и првиот состанок го отвора Директорот. Училиштето активно работи на подигање на еколошката свест, учениците активно се вклучени во еко-секцијата, еко-одборот и еко-патролите во реализација на седумте чекори и точките на акција од воспоставените еко стандарди. За учеството на учениците во реализацијата на еколошката програма постои евиденција и списоци на ученици, од страна на одговорниот наставник. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 6.0 УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА**

**Индикатор 5.3.** ***Еднаквост и правичност***

<table>
<tr><th>Теми:</th><th>• Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот</th></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td>• Педагошка евиденција и документација<br><br>• Прашалници за родители, ученици и наставници<br><br>• Разговор со стручните соработници</td><td>* Познавање на правата на децата<br>Училиштето поставува исти барања пред сите ученици, предвидени со Наставниот план и програма. За учениците кои се со посебни образовни потреби, за сите етнички групи, се прилагодуваат барањата од наставниот план и програма и се преточуваат во поедноставни задачи, на ниво на нивните способности и можности.<br>Наставниците ги знаат и почитуваат правата на децата кои се ставени како дел од Кодексот на училиштето и истакнати по училниците од страна на наставниците и нивните ученици. Исто така, и учениците ги знаат своите права и реагираат (најчесто кај стручна служба) доколку сметаат дека тие се прекршени во било кој случај. Во овие две години претставници на ученички парламент посебно реагираа за превозот од и до училиштето.<br>Училиштето им помага на наставниците да бидат еднакви со третманот на сите ученици, со тоа што бара од нив целосно реализирање на Наставниот план и програма прилагодувајќи го на способностите на поедини ученици и трудејќи се со секој ученик да го постигне својот максимум. На прашалниците кои се зададени на учениците и родителите истакнато е дека учениците во училиштето подеднакво се третираат без разлика на пол, социјален статус и етничка припадност. Исто така учениците и наставниците истакнале дека се почитуваат правата на децата.<br>* Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>Во сите активности на наставата и вонннаставната ВОР учество земаат ученици кои пројавуваат желба и интерес, независно од полот, етничката припадност и социјалниот статус.<br>Понекогаш се евидентираат случаи на етничка нетрпеливост меѓу учениците. И родителите и учениците од другите етнички заедници сметаат дека нивните деца имаат еднаков третман од сите во училиштето.<br>Училиштето позитивно ја вреднува етничката разновидност и ги учи учениците да ја почитуваат и сопствената и туѓата култура и традиција, особено преку работилниците од Образование за Животни вештини со користење на текстови, цртежи, заеднички прослави, Проекти... Тоа е и еден од многуте белези по кои училиштето е препознатливо во градот.<br>* Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот<br>Од проектите во кои е училиштето вклучено: „Меѓуетничка интеграција во образованието“, Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“ „Јакнење на мултиетничка соработка со општините“ – (овој проект веќе</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | заврши но се продолжува со формирање на секции од мешан етнички состав во кој работат по двајца наставници од двата наставни јазици). До сега имаме формирани секции од мешан етнички состав по Англиски јазик, Техничко образование и тимови по ФЗО, работат тимовите на наставници на заеднички активности. Мултиетничноста на училиштето се гледа и од иконографијата по училниците и ходниците. Сопштенијата и материјалите од информативен карактер во училиштето, Мисијата, Визијата, Кодексите, насоките се напишани на два јазици. Исто така и изработките од ученици по ходниците и во училниците се двојазични. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 6.0 УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА**

**Индикатор 6.5.** ***Финансиско работење на училиштето***

| **Теми:** | • **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**<br>• **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Увид во финансискиот план**<br>• **Развоен план и годишна програма за работа**<br>• **Разговор со директорот, секретарот**<br>• **Записници и одлуки на УО**<br>• **Тендери за јавни набавки**<br>• **Понуди**<br>• **Прашалници** | * **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**<br>Училиштето работи според утврдената законска регулатива за финансиско работење на училиштата. Сите јавни набавки се вршат јавно и транспарентно. Во училиштето има комисија за јавни набавки во која има членови од училиштето од различен етнички состав и полова припадност. Секретарот на училиштето како член на комисијата започнува тендерска постапка, прибира понуди и води записник од секој одржан состанок на комисија за набавки.<br>* **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет**<br>Финансиското работење во училиштето е во согласност со законските норми. Раководниот орган ги знае механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителна финансиска корист во училиштето. Има комисија за јавни набавки во која има членови од училиштето. Училишниот одбор ги разгледува финансиските активности и состојбата во училиштето. Училиштето повремено ги информира органите и телата за училишниот буџет, но нема аналитички приод за одредување на приоритетите. Сепак буџетот се користи наменски како за задоволување на цели поврзани со одржување на училиштето така и со цели кои се поврзани со подобрување на квалитетот на наставата. Месечните и годишните финансиски планови за финансиското работење на училиштето како и завршната сметка ги изработува книговодител одобрени од страна на директорот. Во училиштето на транспарентен начин се врши распределба на финансиските средства и точно е определено трошењето на буџетот според финансиските планови. Родителите се вклучени во комисии спроведување на екскурзии според пропишаните законски регулативи, исто така се бара согласност од нив за исхрана, осигурување и обезбедување |

| | |
|---|---|
| | на учениците. Раководниот кадар постојано се консултира со основачот за распоредување на средствата кои се обезбедуваат. Училишнииот одбор според Законот и Статутот добива извештај за финансиската состојба на училиштето и активностите што ги презема во однос на ова прашање. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 6.0 УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА**

**Индикатор 7.2.** ***Цели и креирање на училишна политика***

| **Теми:** | • **Јасност и соодветност на целите**<br>• **Процедури за креирање на училишната политика** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Записници од состаноци на УО, Наставнички совет, родителски средби**<br>• **Годишна програма за работа на училиштето**<br>• **Анкета со вработените во училиштето**<br>• **Развојно планирање** | * **Јасност и соодветност на целите**<br>Работата на училиштето е транспарентна и јавна. Во целост се придржува кон законските регулативи и насоки добиени од МОН, БРО, ДПИ и Општината како основач. Целите на училишно работење се во согласност на државната, образовната и локалната политика.<br>Целите се јасно насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, опременост на училиштето и подобрување на постигањата на учениците. Тие се јасно поставени затоа што се бара мислење на вработените и учениците во определување на истите. Изготвувањето на училишните документи како што се Развојното планирање, Самоевалуацијата, Годишната програма и Годишниот извештај за работата ги изготвуваат тимови на наставници и стручни соработници определени од Директорот на училиштето и се истакнати на Наставнички совет. Сите релевантни субјекти се информирани за содржината на истите и се усвојуваат на состаноци на Училишен одбор и одобрени од Советот на Општината. Целите се поставуваат во Годишната програма за работата на училиштето и се однесуваат на подобрување на инфраструктурата, усовршување на наставниот кадар, подобрување на постигањата на учениците, подобрување на климата во училиштето, воспитанието и меѓуетничкиот соживот, кој е од големо значење, бидејќи наставата се одвива на два наставни јазици. Секогаш се пратат и детектираат потребите и на централното и на подрачното училиште. За квалитетно реализирање на целите кои се поставуваат во Годишната програма се вклучени сите субјекти бидејќи квалитетното спроведување на целите е индикатор на нивото на заинтересираност и мотивираност на сите субјекти.<br>* **Процедури за креирање на училишната политика**<br>Откако се почна со поквалитетно изготвување на Самоевалуацијата на училиштето се започна и со изготвување на голем број на процедури кои и денес се користат. |

| | |
|---|---|
| | За изготвувањето на Процедурите се раководевме од дадените насоки за изготвување на Самоевалуацијата. |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 6.0 УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА**

**Индикатор 7.3.** ***Развојно планирање***

| **Теми:** | • **Цели на развојното планирање**<br>• **Материјално-технички средства**<br>• **Инфраструктура** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Развоен план на училиштето**<br>• **Самоевалуација на училиштето**<br>• **План за професионален развој**<br>• **Записници од стручни активи**<br>• **Пописни листи**<br>• **Постоечки нагледни средства**<br>• **Апликации од донации од владин и невладин сектор**<br>• **Постоечка инфраструктура**<br>• **Годишна програма** | * **Цели на развојното планирање**<br>Развојното планирање содржи јасно дефинирање на приоритетите, целите и задачите, кои директно влијаат на креирањето на училишната политика, а кои се одраз на мисијата и визијата на училиштето. Во поставувањето на развојните цели, вклучени се училишниот тим, наставници, ученици, претставници од Совет на родители. Стратешките цели на развојното планирање се однесуваат на подобрување на здравствено-хигиенските услови за работа и естетскиот изглед на училиштето, опремување на училиштето и квалитетот на наставата со современи средства и помагала и подигање на квалитетот на ВОР преку усовршување на наставниот кадар и стручната служба. На дел од овие цели се работеше во изминатите години а дел остана уште да се доработи.<br>Изготвено е Развојно планирање според најновиот терк даден од МОН и спроведени се сите процедури во изготвување на истиот според правилникот од МОН. Новото Развојно планирање е за период од 2020-2024 година. На Наставнички совет и Училишен одбор беше усвоено во тек на првото полугодие од учебна 2020/21 година. Во тек е изготвување на најнов Развоен план 2024-28 година за кој е определен тим на наставници и ќе биде завршен до крај на првото полугодие од учебна 2023/24 година.<br>* **Материјално-технички средства**<br>Постојано се работи на подобрување на естетскиот изглед на двете училишни згради, се санираат сите недостатоци и она што е расипано и дотраено. Училниците се реновираат преку проекти, донации на родители и се опремуваат со нагледни средства и помагала за изведување на наставата. Комплетно е реновирн кабинетот по биологија и хемија преку средства од МОН.<br>Наставниците редовно посетуваат семинари, вебинари и обуки од акредитирани претставници и исто така се организираат интерни дисеминации и семинари организирани од стручната служба во училиштето и наставниците |

| | |
|---|---|
| **на училиштето** | членови на тимови. Во тек на учебна 2022/23 година се започна со дисеминација на наставници и членови на стручна служба преку акредитирани обучувачи од БРО. Нашето училиште ги одбра следните обуки:<br>За наставници:<br>1. Програма 12 – Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата;<br>2. Програма 29 – Професионална соработка со наставниците (стручни активи, заедница за учење, менторство и сл);<br>За стручни соработници:<br>1. Програма 1 – Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самозапознавање и советување за кариерен развој;<br>2. Програма 3 – Справување со врсничко насилство и кибернасилство.<br>За мирно, безбедно и достојно работење, училиштето има правилници за однесување на учениците и наставниците во училиштето, правилник за користење на компјутерската опрема и нагледните средства и воедно за тоа се одговорни и наставниците кои држат часови во училниците. Во десетте реновирани училници работат тандеми на наставници кои се одговорни за училниците. Пред почеток на оваа учебна година комплетно беа реновирани две училници за првачиња со донација на родители.<br>Во училиштето се изработени интерни правилници и процедури според кои се придржуваат сите субјекти. Училиштето редовно соработува со здравствените работници од локалната амбуланта преку систематски ученички прегледи, редовна вакцинација и ревакцинација, предавања од областа на стоматологијата, личната хигиена, здравата исхрана.<br>Се идентификуваат потребите од материјално - технички средства и ги планира и обезбедува ( преку анкети, на состаноци на Наставнички совет, Стручни активи, непосредни разговори).<br>Планирањето за набавка на истите го прави Раководниот орган на училиштето, во соработка со вработените и во соработка со одговорните од проектите.<br>Финансиската поддршка за обезбедување на овие средства ја дава МОН, донации, разни проектни ангажмани.<br>* **Инфраструктура**<br>Училиштето располага со солидни  услови за реализација на наставата и вон-наставните активности. Има неколку училници во кои се одвива наставата со нови нагледни средства и помагала , добиени од општината по програма на новата концепција. Ни беше доставена спортско реквизитна опрема по ФЗО, нагледни средства и помагала по предметот природни науки, биологија, хемија, физика за што беше уреден кабинет по хемија во 2021 година од страна на МОН  и нагледни средства и помагала за прво одделение потребни за реализација на новата наставна програма . Бидејќи постојано имаме проблеми со подземни води во близина на автопатот се собраа средства за да се санира колкку што е можно и на тој начин да се заштитат подрумските простории од централната зграда. Пред новиот влез на училиштето е обезбеден паркинг простор за вработените кој е тампониран и обележан и на тој начин тротоарите околу училишниот двор се слободни и учениците може безбедно да се движат при доаѓање и одење. Спортската сала во централното училиште и терените во училишниот двор се во добра состојба, освен кровот на салата кој протекува и постојаното уништување на мрежите на спортскиот терен кои се санираат според можностите. Поголем дел од настаните во градот се одржуваат на теренот во училиштето. Имаме исцртан |

| | |
|---|---|
| | полигон за натпревар по сообраќај кој секоја година се одржува во нашето училиште. Компјутерската опрема иако е стара и дотраена тимот за техничка поддршка се труди да ја санира во рамки на можностите. Потребна е и санација на фасадата на училиштето со што би се заштедила и енергија за време на грејната сезона а и ќе се подобри изгледот на училиштето. Проблем има со спортската сала во подрачното училиште и немање можност за ограден училишен двор како и замена на столаријата во дел од училниците а понатаму и санација на подот. И во двете училишта е потребно да се обнови дел од училишниот инвентар. Дел од ова е внесено и во Развојното планирање. |
| | |

| **РЕЗУЛТАТИ – Клучни јаки страни и слабости во училиштето** |
|---|
| **КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ**<br>• Еднаков пристап спрема учениците од различна полова, етничка и социјална припадност и почитување на различностите;<br>• Отвореност на училиштето за соработка со родителите и нивно навремено информирање за напредокот и слабостите на нивните деца;<br>• Во училиштето работат тандеми на наставници од двата наставни;<br>• Родителите сметаат дека нивните деца се сигурни и безбедни во училиштето и можат во секое време да се обратат до стручната служба, наставниците и Директорот за помош и консултација;<br>• Во училиштето се негува мултикултурализмот преку: заеднчки состаноци, работилници, прослави, спортски активности, проекти, мешани секции, иконографија...<br>• Условите во училниците се добри за работа во нив, но сепак наставниците континуирано се трудат да бидат и попријатни и посоодветни;<br>• Капацитетите со кои располага училиштето плански и максимално се користат за изведување на наставата и воннаставната ВОР;<br>• Наставниот кадар поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки и континуирано се унапредува преку интерни и екстерни обуки кои соодветно ги применува во својата работа;<br>• Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организацијата на наставата, во следењето на напредокот на учениците, во справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво или во давање советодавна помош на учениците, наставниците и родителите.<br>• Училиштето транспарентно и во согласност со законите врши прераспределба на буџетот и финансиските средства со кои располага, и јавните набавки се вршат по пат на распишување на тендер, со прибирање на понуди и се избира најповолен понудувач;<br>• На родителите и учениците им се допаѓа училиштето;<br>• Учениците се чувствуваат безбедно и сигурно во училиштето. |
| |

**СЛАБИ СТРАНИ**

- Недоволен ангжман на учениците за постигање на поголеми резултати во наставата;
- Во училиштето нема физичко обезбедување;
- Во училиштето не се спроведува симулација за постапување во случај на елементарни непогоди со учениците и вработените;
- Не се одделуваат средства за изведување на училишни екскурзии и излети;
- Не постојат обезбедени места за селекција на отпад;
- Повремено постои малтретирање помеѓу самите ученици (вербални навреди во најголема мера);
- Недостасуваат средства и механизми за помош на ученици од социјално загрозени семејства;
- Нема работна дисциплина на дел од часовите;
- Не постои просторија за разговор со родители;
- Во училиштето не постои изграден систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на учениците во училиштето пошироката локална средина;
- Во ПУ нема ограден училишен двор и спортски терени и исто така е потребна санација на спортската сала;
- Училиштето нема пропишани механизми за давање признанија на кадарот кој перманентно внесува иновации во работата;

# ПОДРАЧЈЕ: СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА



***„За да креираш подобар свет, потребна е тимска работа, партнерство и соработка.“***

***Симон Меинворинг***

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 7.0 СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА**

За поквалитетна работа на училиштето непходен е партнерски однос со родителите, локалната и деловната заедница. Земајќи го ова во предвид, нашата воспино образовна институција континуирано соработува со родителите и локалната средина преку организирање и реализирање на различни активности, работилници, проекти, манифестации, одбележување на празници и сл.

| бр. | Индикатори за квалитет | Членови на работниот тим:<br><br>Милена Ангеловска - координатор<br>Членови: Лидија Станчевска, Барбарда Фазлију и Ардита Саити Сејдиу |
|---|---|---|
| | | Т е м и: |
| 5.4 | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

**Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето**

**Подрачје 7.0 СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА**

**Индикатор 7.1.*Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница***

| Теми: | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Записници од Совет на родители** | • **Соработка на училиштето со родителите**<br>Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во образованието на своите деца преку организирање на разни активности реализирани од одделенските раководители и од стручната служба (организирани се |

| | |
|---|---|
| • **Записници од родителски состаноци**<br><br>• **Анкета за родители**<br><br>• **Годишна програма на училиштето**<br><br>• **Годишен извештај на училиштето**<br><br>• **Дневник за работа на паралелката**<br><br>• **Проекти на училиштето**<br><br>• **Известувања од училиште и Центар за социјални работи**<br><br>• Анкета за наставници<br><br>• **Евиденција за запишани и испишани ученици**<br><br>• **Анкета за ученици** | работилници за: средување на училничкиот ентериер за Нова година, 8 Март – работилници, изработка на маски за Први април, работилници поврзани со еко училиште, мултикултурни работилници, работилници за меѓуврсничко насилство, работилници за развивање на самодоверба кај учениците).<br>Училиштето воспоставува механизми за комуникација и континуирано унапредување на соработката со семејството, соработува со Советот на родители заради поголема вклученост на родителите во животот и работата на училиштето. Посебно внимание во училиштето се посветува на меѓуетничката соработка и дружење за празници и посета на семејни домови од страна на стручната служба. На анкетата истото го потврдиле 59% родители или кои сметаат дека училиштето поттикнува вклучување на родителите во училишниот живот и активности.<br><br>Редовно се одржуваат родителски средби (најмалку 4) во секоја паралелка, а по потреба и повеќе (тековни проблеми, договори за наставни и вонанставни активности).<br>Најголем дел од родителите или 58% се изјасниле дека одделенските раководители редовно организираат родителски состаноци и на истите ги добиваат сите информации што ги интересираат.<br>Исто така, најголем дел од родителите се изјасниле дека дел од вработените подеднакво се однесуваат кон сите родители, задоволни се од односот кон нив и сметаат дека наставникот посветува доволно внимание на взаемна соработка.<br>Изборот на родител – претставник во Совет на родители е транспарентен и демократски.<br>Членовите во Советот на родители се од различен пол и националност и активно се вклучени во целокупната работа на училиштето. Исто така, родителите имаат свои претставници во Училишен одбор и на тој начин се вклучени во управувањето со училиштето.<br>Одлуките и заклучоците што се донесуваат и усвојуваат на Советот на родители се пренесуваат понатаму до сите родители од паралелките преку претставниците на паралелките во Совет на родители. На анкетата 57% родители одговориле дека се согласуваат со тврдењето за запознавање со одлуките и заклучоците на Совет на родители.<br><br>• **Соработка со локалната заедница**<br><br>Училиштето е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес за заедницата.<br>За поуспешно реализирање на наставниот процес, учениците со своите наставници вршат посета на стопански и нестопански организации, се прават посети на театар, музеј, изложби, кино претстави, саеми на книги и наука, литературни, спортски и ликовни средби. Училиштето соработува со МВР, Црвен Крст –Куманово, Медицински Центар –Куманово (грижа и унапредување на здравјето на учениците, систематски прегледи, вакцинација едукативни предавања и сл.), ЈЗУ Школска амбуланта – Куманово, Дом за стари лица “Зафир Сајто“ во Куманово, Противпожарно друштво, Републички совет за безбедност на сообраќај, Градска библиотека, Детска градинка и сл.<br>Училиштето редовно учествува на манифестации што се организираат од Локалната заедница (општински натпревари, маскенбали, литературни и ликовни конкурси, одбележување на празници, хуманитарни и еколошки |

| | |
|---|---|
| | акции и сл.). Активностите што ги организира училиштето во локалната и поширока заедница се препознатливи со свој белег.<br>Успешна соработка се остварува и со Општинскиот центар за социјални услуги преку размена на усна и писмена документација за помош на поедини ученици.<br>Редовната соработка со другите основни училишта, училиштетото ја остварува преку учество на спортски манифестации, односно меѓуучилишни натпревари: фудбалски, ракометни, атлетски во рамките на општината и регионот. Организира заеднички литературни читања со останатите основни училишта во градот.<br>Исто така, училиштето континуирано соработува со другите основни и средни училишта и споделува информации во врска со премин на ученици од едно училиште во друго и за упис на деца во прво одделение и прва година.<br><br>• **Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор**<br><br>Училиштето соработува и со деловната заедница преку посети на места и објекти кои се поврзани со практичниот дел на наставата, а воспоставена соработка има и со граѓанскиот сектор како партнер во реализирање на разни проекти.<br>Соработката со невладиниот сектор е на задоволително ниво и тоа со невладините организации „ЦИД", „МЦГО“ и „НРЦ“, со кои беа организирани повеќе активности. |

| **РЕЗУЛТАТИ – Клучни јаки страни и слабости во училиштето** |
|---|
| **КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ**<br><br>• Училиштет е отворено за соработка со родителите;<br>• Редовно учество на учениците на сите манифестации, конкурси, натпревари и сл. кои ги организира локалната заедница;<br>• Отвореност на училиштето и успешна соработка со релевантните институции од градот и републиката; |
| **СЛАБИ СТРАНИ**<br><br>• Помала соработка со деловната заедница;<br>• Недоволна финансиска помош од донатори и спонзори за организација и реализација на активности со ученици. |

Претседател на Училишен одбор: М.П. Директор:

----------------------------------------- -------------------------------------